Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Филозофски факултет
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Магистерски труд на тема

# „ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ОДНОСИТЕ НА РУСИЈА И САД КОН НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА"

Ментор:
Проф. Д-р. Тони Милески

Изработил:
Љупчо Јованов
Индекс број 3695/10

Скопје, 2015 година

Содржина


- Вовед....................................................................................................4

1. Општо за геополитиката.......................................................................6

1.1. Историски преглед на геополитиката како поим...............................6

1.2. Дефинирање на геополитиката..............................................................7

1.3. Геополитиката во ерата на глобализацијата......................................10

2. Геополитички детерминанти на државите кои се предмет на истражувањето...........................................................................................19

2.1. Геополитиката на САД.........................................................................20

2.2. Геополитиката на Русија.......................................................................50

2.3. Геополитиката на Кина.........................................................................64

3. Карактеристики на геополитичките односи на САД и Русија со НР Кина..................................................................................................77

3.1. НР Кина како предизвик за глобалниот економски поредок.................78

3.2. Енергетските последици по кинескиот економскиот раст......................83

3.3. Геополитичкото место на НР Кина на светската геополитичка карта....83

3.4. Историски осврт на односите помеѓу САД и НР Кина............................86

3.5. Карактеристики на геополитичките односи помеѓу САД и НР Кина....89

3.6. САД и пацифичката геополитика за контрола на „мирољубивиот подем“ на НР Кина.......................................................91

3.7. Како Америка гледа на глобалниот подем на НР Кина....95

3.8. Краток историски осврт на односите помеѓу Русија и НР Кина....101

3.9. Карактеристики на геополитичките односи помеѓу Русија и НР Кина....103

3.9.1. „Падот на НР Кина“ според Александар Дугин....104

3.9.2. Енергетска соработка....108

3.9.3. Воена соработка....110

- Заклучок....128
- Библиографија....132

# Вовед

Благодарение на брзиот развиток на науката и техниката, со развојот на информационата ера и со појавата на феноменот глобализација има работи за кои ние сме, повеќе или помалку, информирани и кои имаат директно влијание врз нашите животи и на кои можеме свесно да влијаеме, по прв пат се поставуваат и низа прашања на кои до сега не им беше посветено доволно внимание. Во прашањето за економската нееднаквост помеѓу државите во светот, глобализацијата ни презентира и други предизвици и дилеми, во ерата на асиметрични судири и неконвенционални борбени дејства, како и технолошко-комуникациската револуција, класичниот функционалистички пристап кон геополитиката кои беше втемелен на антрополошките, географските и воено-стратешките постулати кој понатаму ќе бидат изложени во трудот во кои ќе се направи анализа се со цел да даде појаснување на значајните концептуални трендови во совремниот глобален свет. Имаше потреба да се обезбедат услови за брз стопански развој, потреба за зачувување на животната средина и општествената стабилност, ефикасното одржување на мирот во меѓународни рамки, стеснувањето на технолошкиот и социјалниот јаз помеѓу богатите и сиромашните, улогата и влијанието на мултинационалните компании во модерниот свет, обезбедувањето на повисоки здравствени стандарди, почитувањето на човековите права и зачувување на културниот идентитет се само неколку од темите кои треба да се разгледаат низ призмата на глобализацијата.

Во светски рамки, геополитиката најчесто се сфаќа како дисциплина која му припаѓа на минатото, дисциплина која е компромитирана со голем број експанзионистички идеолошки конотации или како дисциплина која можела да се проучува единствено во поранешната ера, бидејќи таа веќе не е компатибилна со сложените процеси на глобализацијата кои го зафаќаат денешниот свет. Геополитиката е тесно поврзана со периодот на Студената војна и карактеристиките кои го обележуваат тој период. Но сепак, ваквиот пристап кон геополитиката треба внимателно да се анализира, бидејќи поимот геополитика е далеку посложен, побогат и покомплексен од начинот на кој некои сакаат да го претстават, водени од различни предрасуди и стереотипни

анатеми. Она што ја карактеризира геополитиката во денешно време е трансформацијата на геополитичките пристапи, постепеното преклопување заедно со геоекономијата и геостратегијата, како нејзин геополитички инструмент.

Геополитиката со своите анализи претставува интердисциплинарен пристап и синергија, заради тоа што задира во општествената, историската, воено-стратешката, географската, политичката и научно-технолошката сфера од животот. Самата популаризација на геополитика во јавноста предизвика низа семантички дебати кои се обидуваат да го појаснат мултидимензионалното значење на концептот геополитика.

Основните геополитички и геоекономски цели на големите држави се апропријација и контрола над ресурсите, со цел вклучување во светската економска мрежа, што пак значи дека конфликтите на локално и светско ниво веќе не смеат да се разгледуваат како меѓудржавни, туку како неизбежна рефлексија на транснационално ниво. Револуцијата во полето на софистицирана комуникација и информирање имаше засилена размена на информации на многу нивоа и формирање на разни геополитички комплексни мобилни зони, во кои непријателите се тешко препознатливи, неидентификувани и невидливи. Под влијанието на информатизацијата, глобализацијата и детериторијализацијата, глобалниот простор се движи во сложени матрици кои се под влијание на овие водечки сили и центри на моќ, а не смее да се изостави и фактот дека се поголема е и битката во научните и технолошките полиња.

Но сето тоа не е возможно без основното знаење за денешниот свет, тој неверојатно сложен мозаик од народи, јазици, цивилизации, човечки остварувања и чудесни дела на природата што сѐ посилно ги поврзува сеопфатниот процес на глобализацијата.

Овде темелно и прегледно ќе ги претставиме најважните природни културни, историски стопански и други податоци за трите моќни држави (САД, Русија и Кина) за нивните области, додека геополитиката ќе се фокусира врз геополитичките односи помеѓу водечките светски сили. Нашата намера ќе биде да поставиме доволно цврста и единствена рамка во која секој корисник понатаму самиот ќе се надоградува и ќе ги средува информациите што се добиваат во секојдневното запознавање со стопанските и политичките настани.

# 1. Општо за геополитиката

## 1.1. Историски преглед на геополитиката како поим

Поимот Геополитика постои повеќе од сто години а за сето тоа време тој доживува подеми и падови, но до ден денес не постои консензус што е, всушност, тоа геополитика и за што служи или би требало да служи таа. Во светот постојат мал број на концепти што предизвикуваат толку многу конфликтни заклучоци и различни реакции како што е геополитиката. Исто така, постојат и препреки околу тоа дали геополитиката, воопшто, може да се опише како научна област или пак само да се опише како унилатерална и етноцентрична доктрина која може да послужи за остварување на различни цели и одредени интереси.

Самиот термин геополитика за првпат бил употребен во 1899 год., во статијата на Рудолф Челен, под наслов „Студија за шведските политички граници". Подолг временски период доминирале теории дека геополитиката претставува концепција, која ја објаснува политиката на државата преку природно географските услови, географската положба и расните разлики на населението[1]. Во 20-тиот век на геополитиката и се дава големо значење. Во периодот помеѓу двете светски војни се развиваат национални школи за геополитика. Речиси секоја голема нација развива свое геополитичко школо кое се обидува да формира национална идеологија која ќе послужи за јакнење на државата како и хомогеност на населението. Основната причина за истовременото изучување на просторот и политиката е изнаоѓањето начин да се зајакне земјата која истовремено се сфаќа како еден вид на организам кој се раѓа, живее и умира.

Откако ќе ги помине овие фази на развој, геополитиката доживува преродба, со променети карактеристики и цели на постоење. Во 21 век геополитиката влегува со поголема контраверзност, мистериозност и различни погледи. Останува прашањето каков ќе биде нејзиниот развој во 21 век?

[1] Милески, Т. (2005) „Македонија Рубикова коцка на Балканот", Скопје, Филозофски факултет, стр.22.

## 1.2. Дефинирање на геополитиката

Можеме да кажеме дека денес не постои една универзална општо прифатена дефиниција за геополитиката. Геополитиката со своите анализи има интердисциплинарен пристап затоа што задира во општествената, историската, военостратешката, географската, научно-технолошката и политичката сфера од животот. Самата популаризација на геополитика во јавноста предизвика низа семантички дебати кои се обидуваат да го појаснат мултидимензионалното значење на концептот геополитика.

Постојат неколку дефиниции од истакнати автори кои се занимаваат со прашањето на геополитиката:

1. Субјективно толкување на политичко-географски[2] и други релевантни содржини со цел да се набљудуваат националните и државните интереси.[3];
2. Еден од објектите на политичко-географските истражувања. Студијата се наведува во контекст на глобалните просторни феномени.;[4]
3. Применета политичка географија[5];
4. Според францускиот геополитичар Pascal Lorot геополитиката е „специфична метода која ги препознава, идентификува и анализира конфликтните феномени, офанзивните и дефанзивните стратегии фокусирани кон поседување на територии од три аспекти – географскиот, демографскиот и физичкиот, политичките аргументи на протагонистите во конфликтот и тенденцијата на историските континуитети";
5. Геополитиката се однесува на ефектите од интеракцијата помеѓу просторните карактеристики на структурата и политички идеи, институции и трансакции. Територијалните рамки во кои овие корелации се одвиваат варира во зависност од нивото, функцијата, и

[2] Политичката географија се занимава со проучување на географските, процеси, појави и односи кои имаат политички карактер, одосно во својот истражувачки фокус ја има географската условеност на политичките процеси и ги анализира причинско-последичните врски. Предмет на истражување се расниот, религискиот и етничкиот распоред на населението во светот, политичките миграции, карактеристиките на политичко-географската положба, големината и обликот на државната територија.

[3] Pavić, R. (1973) Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije (I i II dio), Sveučilište u Zagreb, str. 28.

[4] Glassner, M. I. (1995) Flexible Districts, Flexible Regions?, Cultural Limits to *Districts* in an Era of Globalization and Technological Paradigm Shifts, in Amin and Thrift., str. 118.

[5] Parker, G. (1998) Geopolitics: Past, Present and Future, London: Pinter, str. 82.

спектарот на хиерархиските нивоа на националните, меѓународните, континентално-регионалните па се до провинцијалните и локалните простори. На тој начин, водејќи сметка за меѓусебната зависност на економските, социјалните, културните и политичките процеси во менувањето на просторниот обем. Исто така, фрла нова светлина врз содржината на воено-стратешките размислувања. Истовремено вклучена е во истрагата за нови феномени кои се специфични за периодот на глобализација и локализација, па оттука ги проучува етничките, верските и културните разлики и конфликти, националните, транснационалните и локални независни системи, притоа водејќи сметка да го промовира геополитичкото проучување на транснационалните економски, социјални и политички сили. Геополитиката ги изучува градовите и локалитетите како и ефектите на технологијата врз интеракцијата.[6]

За геополитиката може да се каже дека е наука за проучување на односите помеѓу географскиот простор и политиката. Географскиот простор[7] (природна основа, т.е. физичко-географски простор) се разликува според обликот, функцијата, содржината, нивото. Односите помеѓу просторните и политичките процеси го создаваат и одредуваат геополитичкиот состав, во кои државите се клучни фактори и единствени политички и меѓународни ентитети кои можат да ја имаат улогата на геостратешки играчи и геополитички оски.[8] Според тоа, геополитиката го проучува влијанието на просторните односи, форми и структури, политички идеи, институции и нивната меѓусебна поврзаност. Имајќи ја предвид еволутивната патека на развојот на геополитичките сфаќања, има неколку различни пристапи кон проучувањето на геополитиката: класична геополитика, неокласична геополитика, субверзивна геополитика, не-геополитика и постмодерна или критичка геополитика.

[6] Cohen, S. B. (1994) Geopolitics in the New World Era: A New Perspective on an Old Discipline, u: Demko, G. (ur.), Wood, W. (ur.), Reordering the World: Geopolitical Perspectives on the Twenty-first Century, Westview Press, Boulder, Colorado, str. 15-48.

[7] Географска област е систем од суверени држави и други политичко територијални единици во склопот на меѓународниот систем.

[8] Cvrtila, V. (2000) Dekonstrukcija geopolitičkog poretka na primjeru pseudodržava, Politička misao, vol. XXXVII, br. 2, str. 85-88.

Имајќи ја предвид важноста на критичката геополитика во современата геополитика, треба поблиску да се разгледа нејзината улога. Критичката геополитика, која во последните десет години е присутна во науката, е обид да се прекине врската со геополитичката традиција. Примери за непристрасност и критички однос кон геополитичките истражувања се трите геополитички школи во кои е присутна висока геополитика која всушност е моќна географија. Првото школо е француското геополитичко школо чии корени се од списанието *Antipode* а се развива од средината на 70-тите години на дваесетиот век, ги застапува политичкиот активизам и радикализам. Второто школо има неутрален пристап кон геополитичките проблеми и односи. Се развива во Велика Британија и САД. Третата школа има критички пристап кон геополитичката проблематика. Се развива кон крајот на Студената војна, најпрво во САД. Ваквото учење е критичка реакција на сите оние кои на геополитиката гледаат како на квази наука притоа одземајќи и ја научната вредност и можноста да дејствува објективно, како и да го истражува односот на просторот и политиката онаков каков што е.

Критичката геополитика, чиј пристап е најмногу користен, е дел од современата геополитика. Критичката геополитика се создава како одговор на доктрината од Студената војна. Појдовната точка на критичката геополитика е дека геополитиката мора да биде концептуализирана како дискурс со кој интелектуалците од државната меѓународна политика ќе му дадат просторно обележје на светот кој го карактеризираат одредени места и луѓе. Критичката геополитика расправа за теоретските концепти кои ја доведуваат во прашање структурата на моќ и знаење. Го критикува начинот на кој традиционалната геополитика ја интерпретира политичката карта на светот. Традиционалната геополитика нудела поедноставна перцепција на светот во чие јадро се наоѓал конфликтот на големите сили. Критичката геополитика се оградува од ваквите перцепции, не ставајќи се во ничија служба освен во научната. Таа има поширока слика за светот кој ги вклучува политичките, социјалните и еколошките прашања, а не само воените и стратешките прашања.

Ги проучува современите геополитички услови кои влијаат на формирањето на државната политика. Критичката геополитика има многу подобро разбирање за геополитичките прашања. Таа геополитиката ја дели на формална, практична, популарна и структурална. Сите тие придонесуваат за

просторно ограничување на границите и опасностите (геополитичка карта на светот), како и геополитичкото претставување на себеси и другите (геополитичка имагинација)[9]. Формалната геополитика ја истражува геополитичката мисла и традиција и ја истражува геополитичката историја притоа имајќи критички пристап. Практичната геополитика се занимава со секојдневното управување на државата. Таа е применета од страна на креаторите и реализаторите на надворешнополитичките активности. Популарната геополитика ја проучува популарната култура, медиумите, народот, просторот, како и националниот идентитет. Структуралната геополитика ги проучува геополитичките состојби во светот. Ги проучува глобалните процеси, тенденциите и спротивностите.

### 1.3. Геополитиката во ерата на глобализацијата

Со појавата на феноменот глобализација[10], ерата на асиметрични судири и неконвенционални борбени дејства, како и технолошко-комуникациската револуција, класичниот функционалистички пристап кон геополитиката кој беше втемелен на антрополошките, географските и воено-стратешките постулати мора да биде ревидиран со цел да одговори на предизвиците на денешницата.

Како последица на силните врски низ целиот свет, главно во областа на економијата, се јавува процесот на глобализација, кој освен спонтаното поврзување го вклучува и планираното делување на државите и меѓународните организации поради промовирање на глобализацијата. На тој начин глобализацијата станува стратешка цел за најразвиените држави и за повеќето меѓународни организации кои му ја наметнуваат на светот како план за иден развој, како средство за опстанок и услов за понатамошен светски развој. Јакнењето на глобализацијата и развојот на технологијата придонесуваат за појавување на детериторијализација, процес во кој доаѓа до намалување на важноста на територијата и менување на концепциите за просторот како

[9] Милески, Т. (2005) „Македонија Рубикова коцка на Балканот", Скопје, Филозофски факултет, стр. 150.

[10] Глобализацијата е процес или збир од процеси кои генерираат меѓуповрзаност и меѓузависност помеѓу државите и општествата, поврзувајќи ги во еден модерен светски систем. - *The Concise Oxford Dictionary of POLITICS*, (2003), (second edition), ed. Iain Mclean, Alistair McMillan, Oxford University Press, str. 223.

основна карактеристика во која се јавуваат геополитичките односи и развојот на геополитичкиот поредок.[11]

Постојаноста и присутноста на просторот, кој е речиси целосно политички организирана територија, прави да биде најважниот фактор кој влијае на геополитичкиот развој и геополитичките односи. Важноста на просторот како и неговата организација во составот на територијалните држави, во кои нема централна власт, имаат пресудно значење во формирањето и развојот на геополитиката.

Со процесот на глобализацијата, кој претпоставува дека на планетата има работи за кои ние сме, повеќе или помалку, информирани и кои имаат директно влијание врз нашите животи и на кои можеме свесно да влијаеме, по прв пат се поставуваат и низа прашања на кои до сега не им беше посветено доволно внимание. Глобализацијата како процес ја карактеризираат бројни и интензивни општествени односи и интеракции помеѓу луѓето од разни делови на светот. Таа е забележлива во скоро сите аспекти од денешницата, меѓу кои најважните се политичкиот, економскиот и научно-технолошкиот аспект. Освен овие, другите појавени облици на глобализацијата се трговијата на светскиот пазар, миграциите, транспортот, научните достигнувања, развивањето на информациската и комуникациската технологија, загадувањето на животната средина и сл.

Покрај прашањето за економската нееднаквост помеѓу државите во светот, глобализацијата ни презентира и други предизвици и дилеми. Потребата да се обезбедат услови за брз стопански развој, потребата за зачувување на животната средина и општествената стабилност, ефикасното одржување на мирот во меѓународни рамки, стеснувањето на технолошкиот и социјалниот јаз помеѓу богатите и сиромашните, улогата и влијанието на мултинационалните компании во модерниот свет, обезбедувањето на повисоки здравствени стандарди, почитувањето на човековите права и зачувување на културниот идентитет се само неколку од темите кои треба да се разгледаат низ призмата на глобализацијата. Во глобалниот свет, геополитиката најчесто се

[11] Геополитичкиот поредок секогаш претставува организација на просторот во кој постојат одредени центри на моќ, кои се грижат за одржувањето или ревидирањето на поредокот. Во периодот на Студената војна доаѓа до создавање на рамнотежна на светското рамниште помеѓу големите воени и политички сили. Сегашниот геополитички поредок ги уредува меѓусебните прашања преку организирање на светскиот пазар и трговијата чии што политички израз се наднационалните интеграции и меѓународните институции и организации - Тони Милески - „Македонија: Рубикова коцка на Балканот„ Скопје, 2005, стр.149-150.

сфаќа како дисциплина која му припаѓа на минатото, дисциплина која е компромитирана со голем број експанзионистички идеолошки конотации или како дисциплина која можела да се проучува единствено во поранешната технолошко-територијална ера, бидејќи таа веќе не е компатибилна со сложените процеси на глобализацијата кои го зафаќаат денешниот свет. Геополитиката најчесто се поврзува со периодот на Студената војна и карактеристиките кои го обележуваат тој период. Сепак, ваквиот пристап кон геополитиката треба внимателно да се анализира, бидејќи поимот геополитика е далеку посложен, побогат и покомплексен од начинот на кој некои сакаат да го претстават, водени од различни предрасуди и стереотипни анатеми. Она што ја карактеризира геополитиката во денешно време е трансформацијата на геополитичките пристапи, постепеното преклопување и комплементирање со геоекономијата[12] и геостратегијата[13], и постепеното оддалечување од нејзиниот опис како хевристично средство и метаисториска структура.

Основните карактеристики на последната геополитичка транзиција е тоа што се појави релативно ненадејно. Во текот на историјата геополитичките транзиции биле окарактеризирани со големи воени судири, европски и светски војни. Последната транзиција е резултат на крајот на Студената војна, која во суштина не беше војна, туку специфичен облик на биполарните меѓународни односи. Распадот на едниот пол од биполарниот светски контекст, беше изненаден и се случуваше со неочекувано голема брзина. Тој факт доведе до големи промени во целиот свет. Таквата промена овозможува воспоставување нов поредок.

---

[12] Геоекономијата е збир на мерки кои државите ги преземаат заради зголемување на конкурентската моќ на сопствената економија на светскиот пазар. – Жан Карло и Паоло Савона - *„Выводы: Геоекономика как инструмент геополитики„, 2007,* стр.3.

Геоекономијата се однесува на ефектот на економијата во просторот. Геоекономијата ни сугерира на сегашната и понатамошната важност на сфаќањето за економската структура како најдлабока структура на светскиот поредок. Целта на геоекономскиот натпревар помеѓу државите е јакнењето на сопствената економија а не ослабување и рушење на противничката економија. Геоекономијата , исто така, функционира и во услови на намалени бариери помеѓу државите па низ интеграција на поединечни економии го подобрува ефектот на економското делување во просторот.

[13] Геостратегијата претставува спој на географските, политичко-географските и геополитичките содржини со она што има воено и стратегиско значење.- Тони Милески - „Поимно определување на политичката географија и нејзиното место во светската академска практика, *Скопје, 2000* стр.137.

Геостратегијата е концепт чијашто основна цел е остварувањето на контролата на територијата, завладување на геостратегиските позиции, утврдувања, пристаништа, острови, канали големи комуникациски и логистички артерии. Таа претставува врзулка на географските, политичко-географските и геополитичките содржини со она што има воено и стратегиско значење.

Промени се случуваат во многу области на политичкиот и општествениот живот во повеќето земји во светот. Но, поважно од тоа е дека промените се случија во геополитичките односи кои попримиле различни карактеристики за разлика од оние кои ги имала во Втората светска војна. Ваквите промени може да се сметаат како основен предуслов за создавање на новиот светски геополитички поредок. Како резултат на таквата промена е појавата на геополитичките и меѓународните односи кои овозможуваат развој на новиот геополитички поредок.

Со крајот на студената војна се појавува процес кој се протега надвор од државните граници и ги крши предрасудите дека државата и општеството се идентични. Крајот на студената војна е почеток на нова геополитичка имагинација, оттука детериторијализацијата, која денес се случува, е дел од системот на циклуси во глобалната капиталистичка економија.

Современите геополитички односи можат да се разберат и како смена на хегемонистички циклуси кои ја карактеризираат поновата историја. Оттука, современата геополитичка стварност може да се разбере како период на транзиција од американската хегемонија во некоја нова хегемонија која може да биде американска или може да биде хегемонија на правила и поредок, но без истакнат хегемон. Сепак, современата геополитичка реалност може да се сфати и како далеку поголема фундаментална промена во општествената организација и модерните услови.

Американската хегемонија, на начинот на кој функционира покажува голема зависност од мултинационалните компании, нееднаквоста на јадрото и периферијата како и од масовната потрошувачка која го уништува глобалниот еколошки систем. Идеологијата на развој без ограничувања била погрешна и треба да се замени со одржлив развој. Процесите на современата геополитичка реалност претставуваат израз на хегемонија на мултинационалните компании кои успеаја да ја сменат организацијата на просторот. Третиот придонес на пристапот кон светскиот систем на проучување на современите геополитички односи, како што претходно напоменавме, е анализата на социјалните процеси кои ја поттикнуваат детериторијализацијата. Модерната геополитика сé повеќе го намалува својот фокус кон државата како единствен актер на политиката и воведува некои нови актери во политиката. Традиционалната геополитика ја става државата на прво место и ги занемарува останатите актери. Промените

кои се случуваат во геополитиката се всушност процесите на детериторијализација, односно борбата за контрола на клучните светски институции. Анализата на современите геополитички услови мора да започне со анализа на социјалните процеси, не со анализа на територијалните аспекти. Глобализацијата како процес, не придонесува кон намалување на важноста на политиката, туку до вклучување на политиката во сите делови од општествениот живот. Современата политика се обликува преку историското наследство и современиот динамизам на политиките на институциите[14].

Условите во кои се развива новиот светски геополитички поредок можат да се разгледуваат како симбиоза на неколку предизвикатели. Најпрво треба да се разгледаат современите политички фактори, од кои секако најважни се зголемувањета на бројот на државите и проширувањето на меѓународните организации и воено-политички сојузи, појавата на се поголем број невладини организации и разни движења, победата на демократијата во општествата каде што претходно ја немало, влијанието на земјите од Третиот Свет, издигнувањето на неколку држави на геополитичката светска карта (како Кина и Индија на пример) и слично.

Наредните фактори кои влијаат врз новиот светски геополитички поредок исто така се многу важни, дури може да се каже и есенцијални за неговото одржување и непречено функционирање, а тоа се безбедносните услови. Кога зборуваме за безбедносни фактори во прв ред треба да се споменат пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, се поголемиот број на држави кои располагаат со нуклеарно оружје, постојаната трка за вооружување, новите асиметрични и неконвенционални безбедносни закани, како тероризмот, организираниот криминал, трговијата со дрога и со луѓе, како и големиот број на латентни или новонастанати конфликти, а секако овде не смее да се заборави да се спомне и улогата на меѓународните воени сојузи и потрагата по нови безбедносни доктрини и нивна успешна примена.

Во денешно време, не може да се зборува за геополитички поредок, а да не се даде еден осврт и на економските фактори кои имаат одредено влијание врз тој поредок. Ова е едно поле кое постојано се надополнува и се софистицира, меѓутоа може да се даде едно кратко набројување на најважните економски фактори, што би ги вклучувало се поголемото надминување на

[14] Милески, Т.(2010) „Концепти на светски геополитички поредок",Скопје, Безбедносни Дијалози, стр.42.

препреките за меѓународна трговија, што пак директно придонесува за зголемување на обемот на таа трговија и се поголем развој на меѓународните економски организации и интеграции, кои стануваат сé повеќе значајни субјекти во меѓународните односи. Оваа ситуација пак придонесува за забрзување на процесот на глобализација најпрво како збир на економски промени кои се случуваат во светот, но и кон впечатливата нееднаквост во распоредувањето на светските ресурси и светското богатство и зголемување на разликите во богатството и животниот стандард помеѓу развиените и неразвиените земји. Полето на проучување на економските фактори во геополитиката денес се предмет на истражување на геоекономијата, која како образец на делување сé повеќе ја заменува геополитиката и геостратегијата. Се претпоставува дека во иднина геоекономијата веројатно ќе биде најважниот образец на делување од страна на развиените земји, со што ќе се убрза процесот на глобализација и ќе дојде до уште поголеми разлики во богатството и животниот стандард кај развиените и неразвиените земји.

И на крај, треба да се разгледаат и научно-технолошките фактори кои демонстрираат силно влијание врз современата геополитика, како што се на пример брзиот развој на комуникациската и информатичката технологијата, кои го овозможуваат светското поврзување и обработка на голем број податоци за краток период, како и развојот на новите научни методи и истражувања, особено во природните науки.

За развојот и успешната дескрипција на новиот светски геополитички поредок придонеле и истражувањата на голем број на научници (што овозможува еден мултидисциплинарен приод кон овој поим) од областите на политикологијата, социологијата, макроекономијата, политичката економија, безбедносните науки и многу други.

Во контекст на погоре кажаното, предметот на ова истражување ќе се фокусира врз геополитичките односи помеѓу водечките светски сили. Оние настани кои се случиле кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од минатиот век, биле причина за брзиот распад на геополитичкиот поредок од Студената војна, по што се создава нов светски геополитички поредок. Брзиот распад се однесува на Варшавскиот пакт и Советот за взаемна економска помош. Ваквиот воено-политички сојуз и меѓународната организација биле главни инструменти за контролата и влијанието на СССР над околните социјалистички

земји. Нивното распаѓање е можност за распад на самиот СССР и појавувањето на повеќе од дваесет нови држави во Европа и Азија.

Условот за појавувањето на новиот светски геополитички поредок не се состои само во престанокот на конфронтацијата помеѓу двете спротивставени воено-политички блокови на глобално ниво. Прекинот на таквата состојба, која не може да се нарече ниту војна ниту мир, овозможува појавување на многу нови актери и процеси во меѓународниот состав, но не придонесува за суштински промени во неговата структура. Меѓународниот систем сеуште се состои од држави кои се главни актери во меѓународниот и геополитичкиот поредок. Државите се главни протагонисти во геополитичкиот поредок, бидејќи заедно со некои помалку важни политичко-територијални единици се единствени кои се територијално определени, имаат територија на која имаат суверенитет. Покрај тоа, денес државите се единствени протагонисти во меѓународниот систем кои имаат инструменти за заштита на своите овластувања на нивната територија (поради тоа се суверени) и за проекција на воената моќ на територијата на други држави.

Во времето на распадот на геополитичкиот поредок во Студената војна и создавањето на новиот светски геополитички поредок повеќето актери не биле свесни за големината на промените кои се случувале со голема брзина. Првите знаци за појавата на новиот поредок биле дадени од страна на претседателот на САД Џорџ Буш Сениор кој прв го искористил изразот „нов светски поредок", кој започнал да се формира по распаѓањето на Источниот блок и интервенцијата против Ирак во акцијата „Пустинска олуја". Најголема улога во создавањето на новиот поредок имала променетата природа во односите помеѓу лидерите на воено-политичките блокови. Односот на изразено ривалство бил променет во однос на соживот или партнерски однос, пример во борбата против тероризмот. Кога зборуваме за причините во промената на односите помеѓу двајца лидери обично мислиме на промените кои се случиле во самиот СССР, кој после исцрпувачката битка на политичко поле и трката за вооружување се распаднал, најпрво поради економскиот колапс. Современите геополитички односи, кои го обликуваат новиот светски геополитички поредок, имаат обележје на турбулентност, неизвесност, и голема стапка на меѓусебна зависност, која се јавува најмногу помеѓу активностите на оние држави кои го обликуваат современиот геополитички поредок. Поради технолошките достигнувања во

областите на сите видови комуникација, транспортот, телекомуникациите и информатичката технологија, доаѓа до еден вид на светска компресија. Денес, комуникацијата помеѓу различни делови од светот е поинтензивна како никогаш претходно. Ваквите можности го променија традиционалното поимање за просторот и времето, а таквиот процес на промени се нарекува компресија на просторот и времето.

Имено, геополитиката ќе се анализира од аспект на нејзиното влијание врз односите на Соединетите Американски Држави и Русија кон Народна Република Кина. Основните геополитички и геоекономски цели на овие држави се апропријација и контрола над ресурсите, со цел вклучување во светската економска мрежа, што пак значи дека конфликтите на локално и светско ниво веќе не смеат да се разгледуваат како меѓудржавни, туку како неизбежна рефлексија на транснационално ниво. Револуцијата во полето на софистицирана комуникација и информирање имаше за последица засилена размена на многу нивоа и формирање на разни геополитички комплексни мобилни зони, во кои непријателите се тешко препознатливи, неидентификувани и невидливи. Под влијанието на информатизацијата, глобализацијата и детериторијализацијата, глобалниот простор се движи во сложени матрици кои се под влијание на овие водечки сили и центри на моќ, а не смее да се изостави и фактот дека се поголема е и битката во научните и технолошките полиња.

Новите предизвици за политичка и економска превласт се темелат на контролата на финансиските, енергетските и информатичките токови. Силата и превласта не произлегуваат исклучиво од бруталната апропријација на територии, туку преку суптилната манипулација на горенаведените токови. Типичен пример кој одлично ја илустрира новата логика на контрола врз токовите е Заливската Војна, во која САД користејќи го изговорот за одбрана на демократијата и човековите права во Саудиска Арабија, всушност интервенираа со цел да обезбедат доминација на нафтените токови и нафтената мрежа во регионот. Истиот пристап беше употребен и во Либија, кој имаше за цел обезбедување контрола врз наоѓалиштата на дијаманти, железо и каучук. Освен класичните битки за контрола на енергетските, нафтоводите и другите природни ресурси, исто така и заканите од пролиферацијата (ширење на нуклеарното оружје, тероризмот, дрогата, трговијата со бело робје, илегалните

имигранти, перењето пари, биолошкото и хемиското оружје) и заканите кон виталните економски токови (нафтоводи, светски трговски центри, аеродроми, меѓународните финансиски мрежи) се едни од главните геополитички предизвици на денешницата.[15]

Токму заради погоре изложените ставови, пред нас се неколку прашања на кои треба да им се посвети големо внимание. Најважното прашање кое ни се наметнува при истражувањето на новиот светски геополитички поредок и на меѓународниот систем се: Кои се клучните фактори кои влијаат на развојот на сегашниот поредок?, Дали структурата на геополитичкиот состав ќе остане иста?, Кои фактори влијаат на одржувањето на сегашниот поредок?, Кои се најважните процеси и актери во новиот светски геополитички поредок?, Дали процесот на глобализација ќе влијае во обликување на светот како целина или пак како поделен простор со економски разлики?, Какви ќе бидат идните глобални геополитички односи? Какви ќе бидат одговорите на прашањата за безбедносните предизвици и закани кои ќе треба да го задржат општествениот поредок?

[15] Котовчевски, М. (2000) „Национална безбедност на РМ", трет дел, Скопје, Македонска цивилизација, стр. 118

[15] Милески, Т. (2005) „Македонија Рубикова коцка на Балканот", Скопје, Филозофски факултет, стр. 150.

## 2. Геополитички детерминанти на државите кои се предмет на истражувањето

Развивањето на науката, техниката, со помош на телекумуникациските уреди и телевизиските канали дознаваме за најразлични настани од целиот свет, достапни во нашите домови, работни места, достапни во движење, односно секаде околу нас. Медиумите, весниците, списанијата и книгите ни носаат нови информации и настани со блиски и далечни држави, за познати или непознати места, за луѓе или некои неоткриени светови. Интернетот приодонесе за развивање на ваквата информациска ера да биде побрза и на секое место од земјината топка да имаме достапност на најразлични информации. Ваквата ера на развивање бара и познавање на основното знаење за денешниот свет, испреплетен со најразлични настани, цивилизации, култури, човечки остварувања и природни дела за кои е заслужна природата и сé што е поврзено со процесот на глобализацијата и модернизација во светот. Далечните земји повеќе не се бесконечно далеку, тие се толку блиску до нас, денес сме сведоци на секојдневно развивање на блиски односи на земји едни со други што придонесува за меѓусебно движење и развивање на стока и трговија со најразлични производи кои секојдневно се достапни до нашите раце, имаме достапни информации во сите светски медиуми, со нив имаме остварено деловни и пријателски врски, имаме изградено и постојано се поврзуваме меѓусебе и сме во постојан контакт во мрежата на активности во глобалното поле.

Овде темелно и прегледно ќе бидат претставени најважните карактеристики (природни, културни, историски, стопански и други податоци) на трите независни држави (САД, Русија и НР Кина) кои ќе бидат централен предмет на истражувањето. Намерата на елаборацијата која ќе следи е да се постави доволно цврста и единствена рамка која ќе помогне при согледувањето и разбирањето на геополитичките односи помеѓу овие гиганти на светскиот геополитички поредок.

## 2.1 . Геополитиката на САД

Државата која денес најмногу успева да ја искористи својата воена, технолошка и економска моќ, да ги поврзе и да ги направи најголемиот квантитет на моќ во историјата на светот, секако е САД, кој денес е единствениот хегемон. Токму американска хегемонија на сите полиња на меѓународните и геополитичките односи е она што ја претставува најважната одредница на современиот геополитички поредок, барем кога се во прашање структурите на поредокот и нивните меѓусебни односи. Токму овие односи и можности за дејствување на најсилните структури е она што пресудно го одредува глобалниот геополитчки поредок, неговите обележја и идните правци на развој. Односот на најсилните структури на глобално ниво, заедно со правците на развој на геополитичките процеси, го дефинира светскиот поредок. Заради овие факти, сите истражувања на современиот геополитички поредок нужно мораат да се бават со истражување на улогата на САД како најсилна геополитичка структура на современиот геополитички поредок. Поради тоа ќе се направи еден краток осврт на најважните случувања и основните дефинирачки карактеристики на САД за полесно да се апсорбира погоре наведеното тврдење за хегемонската улога на САД.

Соединетите Американски Држави се наоѓаат во централниот и јужниот дел на Северна Америка, меѓу Атланскиот Океан на исток, Тихиот Океан на запад и Мексичкиот залив на југоисток. На Соединетите Американски Држави им припаѓа Аљаска, на крајниот северозападен дел на Северна Америка, и на Хавајските Острови во Тихиот Океан. САД, како и Канада, се земја на доселување. За разлика од канадската политика на мултикултурен развој, во САД преовладувало претопувањето на доселениците во Американци (т.н. melting pot). Од 1820 год., до 2001 год., се доселиле 65 милиони луѓе.

На просторот на денешните Американски Држави, пред доаѓањето на белците, живееле различни индијански народи. По првото патување на Колумбо во Индија, во 1492 год., кога тој незнаејќи стигнал на новиот континент, во 16 век, Шпанците од Мексико ги освоиле Флорида и областите западно од Мисисипи и образувале голем број католички мисии.

Во 1607 год., стотици англиски колонисти го основале Џејмстаун, прва постојана англиска населба, а потоа следувало големото доселување од Европа, така што до крајот на 17 век биле основани 13 колонии. По создавањето на англиските колонии на атланскиот брег, Французите почнале да навлегуваат од областите околу Големите езера кон внатрешноста на денешните Соединети Американски Држави и изградиле низа утврдувања и трговски места.[16]

Велика Британија која со својата политика ја ограничувала автономијата на колониите и го спречувала нивниот развој (колониите требало да бидат извор на суровини и пазар за британските производи), во 1763 год., го забранила населувањето на белци западно од Апалачи, во колониите предизвикувала се поголемо незадоволство и во март 1770 год. дошло до првите оружени судири. На првиот континентален конгрес на претставниците на 12 колонии во Филаделфија (05.09.1774 год.) бил направен обид мирно да се реши спорот, но британскиот крал Џорџ III не се согласил со тоа.[17] Со судирот меѓу британската војска и колонистите кај Лексингтон во Масачусетс (19.04.1775 год.) почнала американската војна за независност, која завршила со предавањето на британската војска кај Јорктаун во Вирџинија (19.10.1781 год.).[18]

На вториот континентален конгрес (04.07.1776 год.) била усвоена на Декларацијата за независност со која САД биле втемелени почетоците како држава.[19] Прв претседател на САД станал Џорџ Вашингтон (1789-1797 год.), кој бил врховен командант на американската војска во војната за независност.

Со ширењето кон плодната внатрешност и со комерцијализацијата и механизацијата на земјоделството, САД уште во средината на 19 век станале водечка земјоделска држава во светот. Во тој период, многу напредувала индустријализацијата, забрзано се граделе сообраќајни врски (пловни патишта и железнички пруги). На 12.04.1861 год., избувнала граѓанската војна (т.н. Војна за сецесија).[20] Војната во која имало околу 620 000 жртви, но завршила на 09.04.1865 год. со предавање на конфедерациските единици. На 01.01.1863 год.

[16] http://americanhistory.si.edu/press/releases/virginia-historical-society-takes-innovative-look-jamestown%E2%80%99s-400th

[17] http://www.ushistory.org/declaration/related/congress.htm

[18] http://skolarbete.nu/skolarbeten/franska-amerikanska-revolutionen/

[19] http://www.ushistory.org/us/10e.asp

[20] http://www.britannica.com/EBchecked/topic/616563/United-States/77750/Secession-and-the-politics-of-the-Civil-War-1860-65

претседателот А.Линколн прогласил укинивање на ропството, и во 1868 год. црнците добиле американско државјанство додека за три години подоцна црнците во Америка добиле право на глас. Поради ваквите отстапки што ги вовел претседателот А.Линколн бил убиен од страна на култната организација Кју Клукс Клан на 14.04.1865 год.

По граѓанската војна, САД брзу се развиле во водечка економска велесила, благодарение на рударството и производството на челик и на голем број многу значајни технички изуми (пронајден е парабродот во 1807 год., телеграфот во 1837 год., телефонот во 1876 год., електричната светилка во 1879 год., првиот лет со авион во 1903 год. итн.)

Периодот од XIX век, за САД беше многу значаен, како нова колонијална сила која започнуваше да се наметнува се повеќе, а нејзиното присуство се почуствуваше кога ќе се појавеше и потребата за меѓународна соработка.
Либералниот збор за движењето на луѓе, производи и идеи, а во исто време територијално се шireше кон Пацификот и Карибските острови. Бидејќи во тоа време растеше и глобалната економија, капитализмот зајакна кој доведе до создавање големи монополитички претпријатија (трустови) со голема економско-политичка моќ. Во XX век, благодарејќи на аеросообраќајот, автомобилската индустрија, користењето на контејнери за пакување на производи, се развија уште повеќе меѓусебните, политичките и културните врски.

По наглиот економски подем во 20-тите години на 20 век, следувале падот на берзата во Њујорк (24.10.1929 год.) и светската економска криза (до 1934 год.).

Од Втората светска војна, САД излегле како најмоќна воена и економска држава. Со Маршаловиот план (1947 год.) активно се вклучиле во обновата на разурнатата Европа, а со Трумановата доктрина (1947 год.) почнал периодот на Студената војна со комунистичкиот СССР и неговите сојузници (до 1991 год.), со вклучувањето на НАТО, заедно со Канада и европските сојузници, се поврзале во траен одбрамбен сојуз.
Во 50-тите години на 20 век настапил период на економски пораст, во прв ред во индустријата на стоки за широка потрошувачка бидејќи големиот број иновации и масовното производство овозможиле евтини производи.

Во времето на претседателот Ричард Милхаус Никсон (1969-1974 год.), американската војска се повлекла од Виетнам (во 1973 год.), а со отварањето кон Кина и СССР (потпишувањето на договорот САЛТ 1 за контрола на вооружувањето, 1972 год.) биле намалени затегнатите односи од Студената војна. По распадот на СССР, САД ја презеле улогата на светска сила, кој во рамките на ООН, треба да се грижи за почитувањето на основните права на луѓето и државите во целиот свет. САД на (17.01.1991 год.) го напаѓаат Ирак (операцијата „пустинска луња"). Во нападите учествувале 430 000 војници. Исто така САД имаше т.н. неуспешна интервенција во Сомалија (1992-1994 год.), додека во (24.03.1999 год.) започнаа воздушни напади врз Југославија но сега во рамките на НАТО. По завршувањето на Студената војна, САД и Русија склучиле низа договори за намалување на нуклеарното и класично оружје, што придонесло за намалување на затегнатоста во светот.

Во 20 век САД развиваат најмоќен безбедносен систем во светот, во согласност со меѓународната политичка, економска, воена и геостратегиска положба. Исто така, заслужни за ваквата нејзина позиција заслужна е и долгорочната и препознатлива надворешно политичката ориентираност, како и вкупните национални потенцијали. Како дел од единствениот систем на национална безбедност,[21] американскиот безбедносен систем претставува специфичен потсистем на извршната власт, што го сочинуваат разни државни органи надлежни за раководење, основање, насочување и надзор на работата на безбедносно-разузнавачите, на контраразузнавачките служби и на службите за безбедност, како и други установи кои учествуваат во реализацијата на разузнавачките, безбедносните и на сродните (тајни) активности.

Еден од најсложените системи несомнено е безбедносно-разузнавачкиот систем на САД, кој истовремено и еден од најефикасните системи во светот. Составен е од голем број безбедносни и разузнавачки установи, на чие чело се: Советот за национална безбедност и директорот на Централната разузнавачка служба, кој воедно е и директор на ЦИА.[22] Сите овие установи начелно можат

[21] Системот на национална безбедност на САД го сочинуваат: Конгресот; Претседателот и Извршниот кабинет на Претседателот; Системот на надзорни и координативни тела и установи како и разузнавачката заедница; Специјални формации од полициско-воен карактер (ренџери, командоси; и пропагандни, информативни, истражувачки и други установи учесници во тајни активности

[22] Директорот на Централната разузнавачка служба е главен советник на Претседателот на САД по прашањата за разузнавачките активности кон странство. Тој е учесник во Владата на САД и во Советот за национална безбедност.

да се поделат на тела и органи на разузнавачката организација на надзор, од една страна, и разузнавачката заедница на САД, од друга страна.[23]

САД е најмоќната и најголемата светска сила и водечка земја членка на НАТО. Според Уставот од 17.09.1787 год., Соединетите Американски Држави се претседателска сојузна република. Според Уставот, САД се сојуз на суверени држави, кој ги има овластувањата што му се определени само со Уставот, а сите други овластувања им се пренесуваат на сојузните држави. САД се составени од 50 сојузни држави. Секоја од нив има свој устав (мора да биде република), кој се темели врз власта на народот, дводомен парламент (освен Небраска, која има еднодомен) и гувернер како носител на извршната власт и сопствена влада. Сојузниот Устав, сојузните закони и меѓународните правни акти во сојузните држави имаат предност пред државните акти. Сојузните држави се суверени и својата сувереност ја признаваат меѓу себе, и секој државјанин кога е во друга сојузна држава има исти права како и домашните државјани. Населеноста во САД е најголема на североисток, на атланскиот брег, меѓу Бостон и Вашингтон и меѓу Чикаго и Питсбург. Во тие делови, на 13% од површината на земјата, живее околу 40% од населението. Третото подрачје со најбројно население е Калифорнија, меѓу Сан Франциско и Сан Диего. Државата е ретко населена во внатрешноста (во планинските краеви под 10 жители на км², а во рамничарскиот дел 10-13 жители на км², освен во подрачјата на главните градови конгломератите населени со повеќе жители.

Соединетите Американски Држави имаат најразвиена економија во светот. Основата на американската економија е слободното претприемништво со многу ограничени зафати на државата во социјалната сигурност, сигурноста на јавниот интерес и на потрошувачите (противмонополското законодавство), заштита на животната средина и надзорот на буџетските установи. Економијата на САД е меѓу најлибералните во светот, а со тоа се гледа во либералното трудово законодавство, кое овозможува брзо поместување на работната сила, како и во многу помалата грижа на државата за социјално загрозените.

Во развојот на интензивна глобализација САД претставуваат најгласните заговорници за јакнење на глобализацијата, на која големите американски

[23] Милошевиќ, М. (2001) „Систем државне безбедности",Београд, Полициска академија, стр. 241.

претпријатија успешно и се приспособија со реструктурирање, со специјализација и со огромни вложувања во странство, а нагласено е и создавањето на многу флексибилен и висококвалификувана работна сила.

САД имаат извонредно големо и разновидно богатство на руда и на фосилни обновени енергетски извори. Америка исто така е најголем корисник на електрична енергија во светот (23% од светската енергија), но по зголемувањето на потрошувачката на другите делови на светот, нивното учество во светската потрошувачка на енергија отпадна од 40% (1960 год.) на 24,5% (2001 год.).[24] Преголемата употреба на енергија се засновува врз преголемите домашни наоѓалишта на јаглен, нафта, природен гас и ураниумовата руда. Примарна енергија најмногу се добива од јаглен (33%), природен гас (31,3%), нафта и нафтени деривати (16,7%), а другата енергија од нуклеарно гориво (11%) и од обновливи извори (7,2%).




Слика бр. 1 – Потрошувачка на енергија според извор на енергија и според потрошувачки сектор во САД за 2011 год.,[25]

[24] http://www.eia.gov/electricity/data/browser/

[25] http://www.eia.gov/totalenergy/data/annual/pecss_diagram.cfm

До втората половина на 20 век, најважен енергетски извор биле извонредно богатите наоѓалишта на јаглен, а и денес јагленот обезбедува една третина од вкупната примарна енергија (90% се користи за добивање електрична енергија).

Соединетите Американски Држави се трета земја во светот по производство на нафта (350,1 милиони тони) и природен гас (551,7 милијарди м3). Со гасот покриваат поголем дел од домашната потрошувачка, а домашната нафта задоволува само 40% од потребите, така што Соединетите Американски Држави истовремено се најголемите увозници на нафта, користат речиси една четвртина од севкупната нафта во светот (2004 год., 20,4 милиони барели дневно).[26] Во САД има 574 000 нафтени полиња, 79% на копно и 21% на море, покрај бреговите. Експлотацијата на нафта во 90-тите години на 20 век почнала да се намалува бидејќи најдостапните нафтени полиња биле многу исцрпени. Најголемиот дел од 300 милијарди барели резерва се наоѓа на помали полиња каде што производството е скапо.

САД се најголема индустриска велесила со сестрано развиена индустрија, но таа не е толку надмоќна во светот како што била меѓу двете светски војни или во првите децении по Втората светска војна. Тогаш доживеала брз развој особено поради големата домашна побарувачка и поради евтините домашни и увозни суровини. За тој пораст значително придонесле и големите трошоци за Корејската, Виетнамската и Студената војна. Кога во 70-тите години на 20 век домашниот пазар постепено се заситил од индустриските производи и кога Соединетите Американски Држави почнале повеќе да се вклучуваат во светската трговија, се покажало дека американската индустрија во многу гранки не била веќе способна да им конкурира на странските претпријатија, пред се на јапонските. Тоа особено го погодило т.н. индустриски појас, областите на класичните индустриски гранки (црната и обоената металургија, автомобилската индустрија, машиноградбената индустрија, металската индустрија, текстилната индустрија) меѓу Мисисипи и северно-источниот брег. Соединетите Американски Држави морале да затворат голем дел од индустриските капацитети поради неконкурентноста, а поради новиот начин на организирање на производството (т.н. хоризонтално поврзување на производството според принципот „just-in-time") дел од нив биле пренесени на

[26] http://www.eia.gov/dnav/pet/hist/LeafHandler.ashx?n=PET&s=MCRIMUS1&f=A

друго место. Индустрискиот појас во следните децении добро зајакнал, пред се, со потпирање врз големиот истражувачки потенцијал на тамошните универзитети, институти и со пренасочување на други индустриски гранки (на пр. производство на лекови, медицинска и друга потребна опрема), некои нови индустриски гранки поради по атрактивната деловна и животна средина се сконцентрирале во т.н. сончев појас на југозапад и јужно (Калифорнија, Флорида, Јужна Каролина и Џорџија). Извонредниот развој на тие нови индустрии се темели како врз големите вложувања на приватните претпријатија во истражувањата и развојот (во индустријата се вработени дури 70% од сите американски истражувачи и инжинери, кои извршуваат 90% од сите истражувања во невоените области) исто така и врз големата поткрепа од сојузниот буџет во рамките на долгорочните стратегиски програми за развој на нови производи и технологии и нивна што побрза примена во производството.

Улогата на САД, која денес може да се опише како униполарно водство во светот, и односите на САД со останатите важни геополитички структури, кои всушност се најсилните држави во светот (Кина, Русија, Индија, Јапонија), но и политичко-економските блокови (Европската Унија со Германија и Франција како најсилни членки), денес ја сочинуваат главната одредница на глобалниот геополитички поредок кој најмногу го дефинираат современите геополитички односи. Соединетите Американски Држави (или скратено САД), се современ хегемон и се најзначајната држава во современиот свет. Улогата на САД во новиот светски поредок е незаменлива, бидејќи единствено САД се способни да го предводат уредувањето на односите во новиот светски поредок. По завршувањето на Студената Војна, САД ја задржаа својата моќ под контрола, и покрај одредени номинални скратувања, на пример воената моќ, САД успеаја својот главен ривал за водечката позиција во светот, т.е. СССР и неговите сателити кои го сочинуваа Источниот Блок, да ги доведат до колапс и до распад на низа од тие држави. Токму затоа, денешната водечка позиција на САД во светот е многу поизразена отколку што беше во периодот на Студената Војна, во периодот во кој САД исто така беше водечка држава во светот, но СССР не заостануваше многу во поглед на воената и политичката моќ. Економската моќ и разликите во технолошкиот напредок беа она што го сруши СССР. Овие, заедно со способноста за глобална проекција на воената моќ, се главните фактори кои го прават САД единствената суперсила во светот. Со крајот на

биполарниот систем на меѓународните односи, САД се најдоа во позиција да можат многу послободно да одлучуваат за глобалните прашања. Своите вредности и ставови можат многу полесно да му ги наметнат на остатокот од светот. Способноста за проекција на сопствената моќ и силината со која таа моќ се пренесува низ глобалниот простор, без разлика дали е *soft power* или *hard power*, веројатно се најсилни во досегашната историја.

Моќта и влијанието на САД се гледаат преку културната политика која тежнее кон американизација на популарната култура, преку економската моќ која најмногу се приметува во работата на мултинационалните компании и глобалните финансиски институции, до воените интервенции, во кои можат, но и не мораат да бидат вклучени сојузниците на САД. Причините за ваквите интервенции низ историјата најчесто се одредени случувања кои САД ги доживувале како закани кон себе, бидејќи перцепирањето на најголемиот дел на случувањата во САД се врши низ призмата на реалната политиката и геополитичките размислувања (на пример Кенан, Кисинџер). Без разлика на тоа кој е на чело на Белата Куќа, надворешната политика на САД не се менуваше суштински, туку доживуваше промени онолку колку што допуштаа однапред дефинираните национални интереси на САД. Меѓутоа, тенденцијата на републиканците кон геополитичкото сфаќање на надворешната политика, конзерватизмот и изолационизмот, заедно со острата одбрана на прокламираните американски вредности и цели, сепак се разликува од надворешната политика на демократите, која беше насочена кон промоцијата на поголема соработка помеѓу државите во светот, и беше хуманитарно и економски ориентирана (на пример геоекономијата на Клинтон).

Крајот на Студената Војна му ја донесе на САД водечката позиција во светот без конкуренција, па може да се каже дека современиот светски поредок е силно обележан со доминацијата и хегемонијата на единствената светска суперсила која ќе направи сè за да ја задржи својата позиција. Тоа значи дека ќе се обиде да ги спречи сите идни потенцијални конкуренти да ја зајакнат својата моќ и да ја подобрат својата позиција во меѓународниот систем, бидејќи би можеле да станат сериозни противници, особено ако се обединат во своите настојувања. Неореалистичката перспектива, која е насочена воглавно кон анализа на составот на државите и нивните карактеристики и законитости, воглавно не се занимава со внатрешните карактеристики на државите. Ако ја

согледаме современата состојба на меѓународните односи во светот преку неореалистичката перспектива, може да се заклучи дека системот е обележан со изразитата доминација на еден пол, кој нормално го претставува САД.

Со крајот на биполаризмот, САД и Претседателот Буш сфатија дека е отворена шансата за редефинирање на светскиот поредок, и го предложија концептот за новиот светски поредок *(New World Order)*. Овој ново замислен состав на меѓународни односи требаше да се оствари преку градењето на меѓународни односи кои ќе ја зајакнат колективната безбедност, ќе го зајакнат авторитетот на меѓународните организации и ќе помогнат во формирањето на светско друштво на слободни народи. Буш сакаше да изгради односи кои ќе бидат исполенти со владеење на правото и со мирно решавање на споровите, изградба на силна светска демократија, создавање на солидарен настап против агресија, намалување и контрола на воените арсенали, зајакнување на ОН и правичен третман на сите луѓе.[27]

Новиот светски поредок како современа доба на развојот на меѓународните односи во светот сè уште е во фазата на своето созревање. Тоа е фаза во која е присутна интензивна и длабока променливост на меѓународната и геополитичката состојба, надворешно-политичката ориентација, како и економските и безбедносните политики на поедини држави, кои сè уште се најзначајните субјекти на светскиот поредок и чие постоење го дефинира меѓународниот систем. Секако, пресудниот факт кој го овозможи зачетокот на овој светски поредок беше престанокот на биполарниот модел на меѓународни односи, што беше овозможено со распадот на СССР и блокот кој таа држава го сочинуваше заедно со своите сателити во Источна Европа. После ваквиот развој на настаните, кој се нарекува и последната геополитичка транзиција, овозможена е слобода и демократизација за милиони луѓе кои беа граѓани на државите кои го формираа источниот блок. Воедно, беше отворен и простор за нов развој во меѓународните односи и за нови размислувања за тоа какви би требало да бидат современите меѓународни односи. Овозможена беше потрагата по нови структури и модели на меѓународни односи. Различноста на интересите која произлегува од бројноста на субјектите во меѓународните односи и различноста на нивните интереси денес ја овозможува присутноста на

[27] Vukadinović, R. (2001), „Međunarodni odnosi od hladnog rata do globalnog poretka", Agencija za komercijalnu djelatnost, Zagreb, str. 304-305.

голем број на различни погледи за новиот светски поредок и борба околу тоа чии погледи (т.е. чии интереси) ќе преовладеат. Оние субјекти во меѓународните односи кои се задоволни со својата позиција во современиот свет и сметаат дека нивните интереси се задоволени, се залагаат за зачувување на моменталниот поредок во светот и се подготвени да превземат значајни чекори како би ја зачувале или уште повеќе унапредиле својата меѓународна позиција. САД како водечка светска сила која пресудно ги дефинира меѓународните односи во современиот свет, смета дека: „современиот светски поредок е веќе воспоставен и дека новиот модел на меѓународни односи може да биде воспоставен само во рамките на постоечките структури на распределба на силите".[28] Заради тоа денес е невозможно да се направи поредок по формулата на една суперсила и четири големи сили или неколку големи сили. Денес постои само една суперсила која ќе го предводи светскиот поредок барем уште една генерација. Ако ситуацијата на врвот на светскиот поредок, е онаа која го одредува натамошниот глобален развој, и се совпаѓа со претходно спomenатото, тогаш и сфаќањето на мултиполарноста треба да сфати малку поразлично. Мултиполарноста во овој случај значи дека постои еден силен средишен пол, кој секако го сочинуваат САД, а останатите полови ги сочинуваат четирите големи сили (Кина, Русија, ЕУ и Јапонија) или неколку големи сили, кои не се во можност да бидат лидери или да ги исполнуваат функциите кои може единствено да ги исполни средишниот пол.[29] Ваквиот мултиполаризам, кој е всушност ревизија на широко прифатеното сфаќање за мултиполаризмот, пред сите истражувачи го поставува прашањето дали е тоа воопшто мултиполаризам или само прикриен униполаризам. Ова ново сфаќање на мултиполаризмот потсетува на пентагонализмот на Хенри Кисинџер кој уште во 70-тите години на 20-тиот век како најдобра формула за односите на врвот на меѓународното друштво ја претстави својата визија за уредувањето на односите помеѓу најзначајните глобални актери во облик на пентагонализам во кој клучни улоги би имале САД, бившиот СССР, Јапонија, Европа и Кина. Меѓутоа, Кисинџер на можеше да знае, иако можеби насетувал, дека дваесет години по неговите предвидувања, САД ќе биде во позиција на остварување

---

[28] Цитирано според: Vukadinović, R. (1998), „Izazovi novom svjetskom poretku", *Politička misao*, vol. XXXV, br. 2, Zagreb, str. 79-93.

[29] Ibid.

глобална хегемонија и дека ќе има способност да ја наметнува својата политичка волја, економските законитости и воената надмоќ скоро во целиот свет, што се основни постулати на секој униполаризам, па и на американскиот, кој е присутен во современиот светски поредок.

Збигњев Бжежински (Zbigniew Brzezinski) во своето дело „Големата шаховска плоча": американскиот примат и неговите геостратешки императиви" ја претставува својата поделба на светот во која централно место имаат САД и нивниот однос со Евроазија. Бжежински ја смета Евроазија за клучен дел од светот бидејќи ја претставува најголемата копнена маса и ја гледа како светски остров. Контролата над клучните делови на Евроазија е една од најважните цели на американската геополитика не само за време на Студената војна, туку и во периодот по нејзиното завршување. Бжежински ја претставува очигледна намера и намена на неговото дело, кое би требало да им послужи на американските *policy-makeri* како водич за надворешнополитичко дејствување, и во него се ограничува на анализа на Евроазија. Притоа, Бжежински не ги вклучува останатите делови на светот во неговата геополитичка анализа на односите во светот, бидејќи тие делови немаат толкава вредност за да можат значително да ги променат односите на моќ на глобално ниво. Останатите делови од светот не се способни да направат такво нешто, било заради своите поделби и политички и културни фрагментации, или заради својата економска неразвиеност. Евроазија, која што Бжежински ја нарекува шаховска плоча, денес има вкупно четири важни делови. Тоа се Демократскиот мост (која ја опфаќа западна Европа и државите од средна и источна Европа кои имаат желба да станат дел од европските и евроатлантските интеграции), Црната дупка (се однесува на Русија, која е економски исцрпена и политички слаба, со бројни проблеми и безбедносни закани за себе и за својата околина), Евроазискиот Балкан (го опфаќа просторот на Блискиот Исток и Средна Азија, кој е за САД од посебно значење заради стратешките енергетски резерви кои денес ја претставуваат најголемата количина на нафта и плин сместени во еден регион. САД како најголем светски потрошувач и увозник на нафта има најголем интерес за зачувување на својот статус на најважна сила која се наоѓа надвор од регионот и која има најголемо влијание на Евроазискиот Балкан) и Далекуисточното сидро (поим кој се однесува на регионот на Источна Азија во кој преовладуваат две сили: Кина како воено-политичка сила и се појака

економска сила која веќе ги има сите карактеристики на велесила и полека го завзема местото на некогашниот СССР како сила број два во меѓународните односи, и Јапонија која е економска сила чие значење во меѓународните односи и глобалната капиталистичка економија сè повеќе опаѓа, населението сè повеќе старее, а конкурентноста на индустриските производи сè повеќе слабее).[30]




Слика бр.2 – Производство и потрошувачка на нафта во САД за 2013 год.[31]

Визијата на Бжежински за односите на врвот на светската моќ и светскиот поредок припаѓа на онаа група на визии во кои преовладува амероцентричниот поглед на светот и чија намена е да и пружи на американската политичка елита една геополитичка подлога во нивните познавања на надворешната политика (геополитиката како контекст на просторот и моќта за односите во меѓународното друштво) и формула за најефикасно дејствување со цел зачувување и евентуално зајакнување на американската надмоќ во светот. Бжежински дава насоки за американското надворешно-политичко дејствување во оние делови на светот за кои тој смета

[30] Пошироко во: Brzezinski, Z., (1999), „*Velika šahovska ploča*: američki primat i njegovi geostrateški imperative", HUMS i Interland, Varaždin: str. 82-89.

[31] http://marketrealist.com/2013/11/flat-us-oil-consumption-benefit-product-tankers/

дека се најважни за САД и за неговите интереси. Заради својата важност, Евроазија е клучниот простор за американската надворешно-политичка акција, која мора да биде политика на постојана присутност во Евроазија и потрага по различни видови на остварување контрола над поедини делови од Евроазија, бидејќи ниту една сила не може да оствари контрола над цела Евроазија. Компактноста и континенталноста на централниот и северниот дел на евроазиската копнена маса се најголемата причина за нејзината политичка хомогеност на северот, кадешто постои само една држава, Русија. Расцепканоста на граничните делови на копното на Евроазија и нивната изложеност на поморските цивилизациски влијанија ја претставуваат најголемата причина за политичката фрагментираност и нестабилност на граничните делови на Евроазија. Токму таа политичка фрагментираност и поделеност на просторот на Евроазија на повеќе интересни сфери на велесили и регионални сили исклучително му одговара на САД, кој благодарение на тоа има можност за полесно наметнување на своите влијанија врз пресудните точки или во регионите на Евроазија кои се важни за САД. Политиката која ја препорачува Бжежински ја дели Евроазија на делови според нивниот однос кон САД, па така Демократскиот мост го претставува просторот каде што се сместени најсилните американски сојузници и каде влијанието на САД е најголемо. Демократскиот мост ја претставува САД првата линија на одбрана, која денес е првата линија од која се остварува скок кон внатрешните делови на Евроазија. Црната дупка е просторот на кој САД му посветува внимание заради опасностите кои ги носи нестабилноста на тој простор, и кој го сочинува денешна Русија, која претставува држава со големи проблеми кои најверојатно не е способна сама да ги реши. Најголемиот проблем за САД го претставува стратешкото нуклеарно оружје, нуклеарниот отпад и сите други видови на загадувања и оружја за масовно уништување, кои ако дојдат во погрешни раце, можат да му нанесат големи човечки и материјални загуби на САД и на остатокот од светот.

Евроазискиот Балкан го претставува просторот на трајна нестабилност и несигурност, кој е најголемиот генератор на проблеми во меѓународните односи во светот. Просторот на Евроазискиот Балкан, кои е политички фрагментиран, етнички и религиски изразено хетероген, е под влијание на постојаната присутност на велесилите кои се борат за превласт над овој простор кој е богат со енергетски залихи. Прашање е дали Евроазискиот Балкан сам по себе

генерира проблеми или проблемите се резултат на судирот на интереси на силите во и вон регионот. Во секој случај, Евроазискиот Балкан се повеќе станува примарна цел на американската надворешна политика, бидејќи претставува простор кој САД не го контролира во целост. САД сметаат дека е возможно да остварат посилна контрола (воглавно, не преку директна територијална контрола, иако ни тоа веќе не може да се исклучи, бидејќи постои примерот со Авганистан, а во иднина можен е и примерот со Ирак, доколку американската администрација се одлучи за воена интервенција и окупација на Ирак), преку присутност со воени бази (особено на Арапскиот полуостров), како и преку политичко и економско влијание. Евроазискиот Балкан претставува простор кој нуди големи можности за САД бидејќи припаѓа во категоријата на простори, над кои САД нема целосна контрола (како што има контрола над Латинска Америка, Пацификот, Југоисточна Азија), не е простор на потполно сојузништво и пријателство (како што се Европа и Австралија), не претставува простор кој е невозможно да се контролира (како што се Кина, Индија, Русија) и не претставува простор за кој САД не покажува интерес (подсахарска Африка). Евроазискиот Балкан денеска е простор на можности за оној кој ќе успее најдобро да ги спречи регионалните сили и да привлече дел од нив кон себе, и со тоа да оствари трајно влијание. Засега тоа во добра мера му успева на САД и во блиска иднина не се надзира сила која би можела да го замени САД на тоа место. Географскиот регион на Источна Азија, кој Бжежински за потребите на својата геополитичка анализа го нарекува Далекуисточно сидро, е простор на големи контрасти, особено кога се работи за односот кон САД. Во крајниот дел, го става во различен регион од континенталниот дел (островска Азија и Океанија наспроти „вистинската" Источна Азија), преовладува Јапонија, како најважен сојузник на САД во целиот источен дел на евроазиската копнена маса. Значењето на Јапонија како актер во геополитичките односи само по себе е скоро безначајно во однос на нејзината економска сила. Јапонија како воена и политичка сила, без САД не претставува значаен актер во Источна Азија. Прашање е колку Јапонија ќе биде подготвена да ја игра улогата која и ја наметнува САД и дали Јапонија ќе собере сила за водење на самостојна надворешна политика, не само на економско поле, туку и на другите полиња. Кина е тотална спротивност од Јапонија, таа е голема

држава (по население прва во светот[32], по површина трета[33]) велесила, таа е трета нуклеарна сила во светот и сè поголема економска сила, и е држава која е во нагорна линија и држава која е во подем, за разлика од Јапонија која според сè поголем број на показатели е држава која се движи во надолна линија (не буквално, туку според релативната важност која ја има во геополитичките односи и меѓународните политички односи, ако во иднина не направи радикален и воедно најголем пресврт во својата политика од 1945 год., наваму). Кина е идниот најголем конкурент на САД, држава над која САД скоро сигурно никогаш нема да успее да воспостави економска контрола каква што воспостави над Русија и најголемиот дел од државите во светот. Реално, Кина е моментално сила број два во меѓународните односи, и во иднина нејзината важност само ќе расте.

Неколкуте перспективи или сценарија кои ќе се обидат да ни ги илустрираат сегашните состојби и можностите за идниот развој на глобалните геополитички и меѓународни односи во современиот геополитички поредок, ни даваат солидна основа за подлабоко проучување на односите помеѓу државите од поблиска перспектива, во која доаѓаат до израз специфичностите на секоја држава. Побарувањата на ова истражување ни налагаат да започнеме со проучување на петте големи светски сили кои ги сочинуваат петте кракови на пентагонот кој се наметнува како оптимална формула за идното уредување на глобалните меѓународни односи, бидејќи би требало да гарантира вистинска мултиполарност на меѓународниот поредок. Проучувањето на деловите на пентагонот и нивните меѓусебни односи треба да се направи преку запознавањето со нивната национална моќ, положбата во глобалните геополитички односи, положбата во меѓународниот систем, карактерот на односите со останатите актери на светскиот геополитички поредок. Од овие карактеристики на секоја држава зависат и сегашните и идните односи помеѓу нив. Овие односи ќе имаат најголемо влијание на иднината на светскиот геополитички поредок. Но, овде истражувањето е направено преку истражување на четирите центри на моќ (Јапонија сепак не е на исто ниво со останатите центри на моќ) и преку истражувањето на регионалните поредоци. Она што им е заедничко е инсистирањето на мултиполаризмот.

[32] http://www.nationmaster.com/country-info/stats/People/Population-in-2015

[33] http://world.bymap.org/LandArea.html

Бил Клинтон беше поразличен претседател од Џорџ Буш Сениор во поглед на надворешната политика. Всушност, тој беше и од противничка политичка партија и со различни идеи. На почетокот на својот мандат, Клинтон не посветуваше многу внимание на надворешната политика, туку се насочи кон решавање на внатрешните проблеми кои ги засегаа граѓаните на САД, кои токму затоа и му го доверија претседателскиот мандат. По почетниот период на својот претседателски мандат, Клинтон почна сè повеќе да се насочува кон надворешната политика и почна да зазема важно место во историјата на меѓународните односи. Одредена геополитичка традиција може да преовладее во некое време, ова се случи кога претседателот Буш покаже одлучност да ја оствари визијата за глобална Соединета Американска Држава, што се подразбира американската хегемонија и способност за ширење на моќта поради осигурување на американските државни интереси.

Клинтон ја пренасочи американската надворешна политика од геополитиката и реалполитиката кон геоекономското дејствување во светот во кој исчезнаа поголем дел од бариерите од минатото и кој сè повеќе потпаѓаше под влијание на глобализацијата. Освен тоа, мандатот на Клинтон ќе остане запаметен по хуманитарните интервенции и обидите да се воспостават подобри односи со најголемиот број од најважните актери на новиот светски поредок (Русија, Кина, ЕУ) и останатите држави кои беа подготвени да го прифатат новиот светски поредок во кој САД ќе ја играат улогата на лидер (поголемиот број на државите во транзиција, државите од Латинска Америка и сл.).[34] На безбедносен план, мандатот на Клинтон ќе остане запаметен по акциите против спречување на ширењето на оружјата за масовно уништување, преместување на нуклеарното оружје и спогодбите за намалување на бројот на таквото оружје, тероризмот и новите безбедносни закани.

Џорџ Буш Јуниор дојде на власт против волјата на американските граѓани што претставува еден парадокс кој му го овозможи изборниот систем кој е стар 200 години. Прашање е дали некогаш во периодот од завршувањето на Граѓанската војна американската нација била толку поделена, како што беше на изборите во 2000 год. Можеби единствено на изборите во 1960 год., кога разликата во бројот на гласови помеѓу Џон Ф. Кенеди и Ричард М. Никсон беше уште помала отколку разликата во гласови помеѓу Џорџ Буш Јуниор и Ал Гор

[34] Пошироко во: Čehulić, L. (2001), „Clinton i novi svjetski poredak", Politička kultura, Zagreb, стр. 42-56.

Јуниор. Меѓутоа, според официјалните податоци, Кенеди добил вкупно повеќе гласови од Никсон, а Буш според официјалните податоци доби помалку гласови од Гор. Секој ваков факт во некоја помалку стабилна држава би довел до состојба на несигурност и нестабилност. По поставувањето за претседател на САД, Буш започна со спроведувањето на надворешната политика која беше претставена во предизборната кампања. Основните црти на таа политика се: истакнување и зачувување на лидерската позиција на САД во светот, униполарно дејствување за заштита и осигурување на сопствените интереси, одржување на лабави коалиции со колку што може повеќе држави кои служат како поддршка на американската политика кон одредени региони (стекнување на регионални сојузници и одржување на рамнотежата на сила во поедини региони), преземање на одговорност за безбедноста на најголемиот дел од глобалниот простор, зајакнување на системот за колективна безбедност на НАТО, политика на промоција и заштита на економските интереси на САД, промоција на американската култура и вредности како начин за полесно дејствување на другите полиња на надворешно-политичка акција. Освен тоа, заштитата на националните интереси, зголемените трошоци за системот на национална безбедност и особено за воено-технолошки напредок, процената дали одредени ситуации во светот се вредни или не за американско дејствување (т.е. дали САД има или нема национален интерес од военото вклучување во некоја кризна ситуација или во некој регион, што е познатата Доктрина на Пауел на која поддршка и даваат Советникот за национална безбедност Кондолиза Рајс и некои други членови на кабинетот на претседателот). Освен овие определби, во надворешната политика на Џорџ Буш Јуниор се истакнуваат и резервираноста кон институциите за меѓународно право и институциите за зачувување на глобалната безбедност, кои тој ги смета за закана за безбедноста и сувереноста на САД. САД го најави своето повлекување од договорот „АВМ“[35] бидејќи ја продолжува изградбата на анти-ракетен штит), што доведе до заостревања на односите со Русија и отвори можности за нова трка за вооружување, во која САД има недостижна предност. САД не ги почитува резолуциите на ОН, противник е на Договорот за забрана за производство на мини и Договорот за забрана на нуклеарни тестирања, противник е на воспоставувањето на Меѓународниот Кривичен Суд, противник е на протоколот

[35] http://www.britannica.com/EBchecked/topic/27566/Anti-Ballistic-Missile-Treaty-ABM-Treaty

од Кјото за намалување на загадувањето на атмосферата и сл. Воспоставувањето на Меѓународниот Кривичен Суд, кој нема да може да суди ретроградно (за кривични дела направени пред датумот на неговото основање), можеби е клучното прашање по кое може да се промени поддршката за американското непочитување на меѓународните конвенции и протоколи. Меѓутоа, Европа која е во можност да ја претставува најсилната опозиција на американската политика, заради својата необединетост не е способна потполно да се спротивстави на американскиот став.

Италија и Шпанија, држави во кои на власт се десничарски партии кои во однос на важните надворешно-политички прашања имаат програми блиски до оние на американската администрација, веќе попуштија на американските барања. Освен тоа, Велика Британија, како држава која скоро и да нема своја сопствена надворешна политика, туку ја следи американската надворешна политика во сите најважни прашања, веднаш се стави на страната на САД. Заради овие причини, имунитетот на американските државни службеници во странство е уште една од европските концесии на САД.

Европа заради својата необединетост и американската надмоќ и утврдена надворешна политика, мора да биде подготвена да ја игра улогата на помлад брат на САД. Меѓутоа, се разбира дека улогата на помлад брат не важи за сите европски држави. Некои држави се обидуваат да водат колку што можат самостојна и силно препознатлива сопствена надворешна политика, а добар пример за тоа е Франција. Поголемиот број на држави балансираат помеѓу европското во себе, особено кога се во прашање економските и социјалните аспекти, и американското кога се во прашање воените, технолошките и безбедносните аспекти во прашање. Неколку држави во светот сè повеќе ја играат улогата на сателити на САД односно негови следбеници во сите или скоро во сите клучни надворешно-политички прашања, на тој начин жртвувајќи го својот сопствен суверенитет.

Трагичните случувања од 11.09.2001 год., го потресоа САД и светот, а борбата против тероризмот со употреба на традиционални воени средства, уништувањето на талибанскиот режим и терористичките ќелии по светот, станаа новите најважни задачи на надворешната политика на САД. Меѓутоа, традиционалните надворешно-политички ориентации и ангажмани не беа доведени во прашање со случувањето на овие настани. Случувањата од

11.09.2001 год., им дадоа на САД прилика која секоја голема и силна држава која е светски лидер би побрзала да ја искористи. Приликата е во тоа што преку борбата против тероризмот може да се осигураат долгорочните американски интереси во најголемиот извор на енергетски суровини, а тоа се Блискиот Исток и особено централна Азија. Централна Азија како простор на големи неискористени енергетски залихи само чека некој да ја отвори кон светот, да ја изгради неопходната инфраструктура и да почне да ги експлоатира залихите на нафта и плин, кои се најдобриот и најчесто единствениот сигурен приход за државите од Централна Азија. САД, како најголем светски потрошувач на енергија (а воедно и најголем загадувач на атмосферата) мораа да осигураат непречен доток на енергија за своите потреби, бидејќи пореметувањата во дотокот на енергија ќе доведат до нарушување на американскиот начин на живот и потполно ќе ја уништат било која политичка елита на власт во САД. Затоа, политиката на САД е потполно разбирлива и единствена логична политика, со обзир на тоа дека начинот на размислување на американската нација и интересите на економско-воено-политичките елити не дозволуваат некаква друга политика кон светот.

Униполарното дејствување на САД предизвика неповолни реакции од поголемиот дел на државите во светот, посебно државите од ЕУ, најголем дел од кои се сојузници на САД во воено-политичкиот сојуз НАТО. Но, може да се каже дека САД, имајќи ја во предвид својата несомнена позиција на светски лидер ја избра една од трите можни политики кои му се пружаат за дејствување кон светот. Помеѓу самостојната политика или униполарното дејствуавње, дејствување со сојузниците и дејствување со останатите држави во рамките на ОН, САД во голема мера го избра самостојното дејствување.[36] Униполарното дејствување на САД има многу малку или воопшто нема никакви допирни точки со некогашниот мултиполаризам и мултиполарните модели (пентагонализмот на Хенри Кисинџер, според кој глобалната политика се обликува преку приближување и балансирање на националните интереси на неколкуте најважни актери на светскиот поредок). Според неореалистичката теорија, униполаризмот заради своето хегемонско дејствување би морал да предизвика реакција од останатите делови на меѓународниот систем (т.е. од

[36] Пошироко во: Vukadinović, R. (2001) „Amerika u novom svjetskom poretku", *Međunarodne studije*, vol. I, br. 2-3, str. 5-20.

актерите на современиот светски поредок), кои имаат помали или поголеми можности за реагирање. Според Бжежински, САД се единствената и последна светска суперсила чија доминација никој нема да може да ја загрози уште неколку децении. Поголемиот дел од авторите кои се занимаваат со меѓународни односи ги прифаќаат ставовите на Бжежински. Она што може да послужи како потврда на тврдењето на Бжежински, а се однесува на Евроазиската шаховска плоча е американскиот продор во Централна Азија како дел од борбата против тероризмот. Основната причина на американската суперпозиција во светот не е само надмоќта и способноста на САД, туку и разединетоста на остатокот од светот кој е поделен на 190 држави, од кои секоја има свои посебни интереси. САД успеа да ја достигне својата моќ преку своето централизирано управување, и затоа е толку успешен во своето дејствување кон остатокот од светот. Дури и неколку од најголемите и најсилни држави во светот сè уште не сметаат дека нивните интереси се загрозени од САД во толкава мера за да превземат значајни чекори во насока на здружување со цел за противхегемонистичко дејствување. Одредени чекори во тој правец превземаат Кина, Франција и донекаде Русија, но овие чекори не се доволни, бидејќи овие држави првенствено ги штитат своите интереси и немаат глобална, туку национална перспектива на дејствување. Овие држави ги чуваат своите регионални поредоци и позиции и не се здружуваат во правец на глобално дејствување. Ваквата ситуација го претставува најголемиот успех за САД и претставува поттик за понатамошно, логично дејствување на САД, кое води кон зачувување на водечката позиција во светот и елиминација на можните противници кои во иднина би можеле да ја загрозат водечката позиција на САД.

Кога се разгледуваат меѓународните односи на САД со остатокот од светот, најдобриот начин за успешна анализа е согледувањето на односите на САД и одредените групации на држави во светот, кои САД во најопшт облик ги дели на сојузници, држави кои се потполно вклучени во меѓународниот систем и имаат високо развиени односи со САД, држави во транзиција, слаби држави и опасни држави (*rogue states*, ова се држави кои не ги прифаќаат општоприфатените правила на меѓународниот систем и претставуваат опасност за светскиот поредок и меѓународната безбедност). Ваквата генерализација на американската надворешна политика кон одредени групации на држави,

имајќи ги во предвид нивните карактеристики и природа на односот кон САД, е корисна бидејќи ни овозможува подиректно и полесно согледување на односите на САД со светот. Но, мораме да истакнеме дека односите на САД и остатокот од светот се толку опсежни, силни, длабоки и разновидни, што односот кон поедини држави или односите на САД кон поедини важни партнери или непријатели мора да ги согледуваме како единствен случај, *case-studies*.[37] Освен овој пристап на проучување на односите помеѓу субјектите во меѓународните односи, во согледувањето на односите помеѓу поедини актери на светскиот поредок, може да се воведе и пристап кој е многу повеќе поврзан со геополитиката, а тоа би било проучувањето на односите на САД кон одредени региони во светот, каде што регионите би биле основните единици кои ќе се анализираат, а државите во тие региони би биле класифицирани според нивниот однос кон САД и според нивната улога во регионалниот поредок и во системот на регионална безбедност.

Односот на САД со поедините најважни единици во светот, кој се заснова не само на идентификација на најважните актери, туку воедно го користи и територијалниот и регионалниот принцип за идентификација на единиците, го применува и Хенри Кисинџер во својата книга „*Does America Need a Foreign Policy? Toward a Diplomacy for the Twenty-first Century.*" Кисинџер го дели светот на неколку целини и го обработува односот на тие целини кон САД. Книгата ги содржи поглавјата „*America at the Apex: Empire or Leader?*, *America and Europe:The World of Democracies I*" (се обработува транс-атлантското партнерство, иднината на НАТО и европските интеграции, како и Русија, што ни покажува колку мало значење и дава Кисинџер на Русија, ставајќи ја со Европа и давајќи и место на држава која мора го прифати американското лидерство во светот; некогаш односите на САД и СССР беа апсолутно најважните односи за САД независно од нивниот карактер, кој беше скоро непријателски, а денес Русија не завзема посебно место во односите на САД кон светот), „*The Western Hemisphere: The World of Democracies II*", (во кое се обработуваат односите на САД и остатокот од американскиот континент), "*Asia: The World of Equilibrium*", (овде тема се односите на САД и Азија без својот

[37] Овде не е применет методот на студија на случај, бидејќи тоа не е цел на трудот, ниту има простор за тоа, но е корисно да се укаже на големиот број на трудови кои разгледуваат односите помеѓу поединечните држави, особено на САД и останатите најважни актери во меѓународните односи, или односите на поедините најважни актери во меѓународните односи, на пример ЕУ, Кина, Русија и сл.

југозападен дел, и најважни актери во овој голем и важен простор се Кина, Индија и Јапонија), *„The Middle East and Africa: Worlds in Transition"*, (теми на ова поглавје се Блискиот Исток како простор на постојана нестабилност, конфликт и војување, и Африка како глобален проблем и простор кој е погоден со глад и сè поголем развој на заразни болести), *„The Politics of Globalization, Peace and Justice"*.[38]

Односите со Европа и со Русија, според Кисинџер остануваат најважни за САД, иако односите со Кина и со остатокот од Азија стануваат сè поважни. Иднината на трансатлантското партнерство е од исклучителна важност за безбедноста и стабилноста на европскиот простор, но и за безбедноста на САД. Но, оваа иднина е важна и затоа што му овозможува на САД сојузничко расположение од европскиот простор и му овозможува на САД присутност во Европа. По завршувањето на Студената Војна САД мораше да одговори на неколку предизвици кои беа закани за опстанокот на трансатлантската заедница. Тие предизвици се: престанувањето на постоењето на СССР и процесите на внатрешна фрагментација и дезинтеграција кои дури и денес ја загрозуваат безбедноста на државите кои се наследнички на СССР, но и во поширокиот простор, обединувањето на двете германски држави во нова обединета Германија како централна и најмногубројна држава во Европа и која ја има третата по сила економија во светот, тенденциите на европските сојузници на САД да употребуваат надворешно-политички акции за средување и подобрување на внатрешните политички прилики, како и почетокот на формирањето на европски одбранбен идентитет и заедничка европска надворешна и безбедносна политика, која во иднина може да се покаже како закана за опстанокот на НАТО или како пречка за настојувањата НАТО да остане онаков каков што е денес (под силно американско влијание). Заради ова, САД мора да остане ангажиран на просторот на Европа, силно да влијае врз своите европски сојузници во правец на одржување на досегашните и развивање на идните соработки на важните политички и воени прашања. Улогата на Русија во светот денес е само сенка на некогашното значење кое го имаше СССР, и Русија мора да го прифати американското лидерство затоа што нема многу избор. Несогласувањето околу некои работи нема да ги доведе во

[38] Пошироко во: Kissinger, H. (2001), *„Does America Need a Foreign Policy?"*, Simon & Schuster, New York, Toronto, Sydney, p. 211-234.

прашање американско-руските односи. Кисинџер во својата книга точно го предвидува пресвртот во руско-американските односи кој се случи во средината на 2001 год., со првата средба на Буш и Путин. Тоа е еден пресврт кој полека станува константа во односите по случувањата од 11.09.2001 год., кога САД се најде на удар на радикалните исламски терористи. Процената на официјалната руска политика беше дека исламските терористи и ширењето на исламскиот фундаментализам ја претставуваат најголемата опасност која ги загрозува територијалниот интегритет, суверенитетот и безбедноста на Русија. Ова е закана која може да го загрози дури и самиот опстанок на Руската федерација, која како втора нуклеарна сила на светот нема можност потполно ефикасно да се одбрани од ваквата закана, бидејќи големите количини на нуклеарно оружје воопшто не и се од корист во борбата против терористите, освен ако не сака масовно да уништи дел од својата територија и целото население кое живее на таа територија. Токму во овој парадокс се забележува големата, клучна разлика помеѓу двата аспекти и сфаќања за безбедноста, традиционалниот *hard-security* и современиот *soft-security* пристап, кој нагласува дека на најголемиот број на модерни и организирани држави во светот денес не им се заканува традиционална воена опасност, туку закани кои се скриени, постојани и често се откриваат дури кога штетата е веќе нанесена (напади со хемиско и биолошко оружје, бомбашки напади, тероризам во сите видови и облици, пропагандно дејствување со цел привлекување на лојални следбеници и сл.). Руските лидери проценија дека проблемите со САД можат да се решат само преку двострани отстапки, а освен тоа беа и немоќни да го спречат САД да повлече некои потези кои сакаше да ги повлече. Токму во оваа новонастаната подготвеност за соработка се гледа попуштањето на американските барања.

Во својата книга, Кисинџер истакнува дека односите со Латинска Америка се исто така важни за САД, но САД е толку многу надмоќен во секој поглед, што не мора да се грижи дека некој би можел да ја загрози значителната надмоќ која САД ја остварува во политички, економски и воен поглед. Латинска Америка му е потребна на САД како голем пазар и како извор на суровини (најмногу руда и земјоделски производи). Во периодот на Студената Војна, овде постоеше одредена закана за САД, која беше единствената закана која можеше да го оддалечи овој регион од САД и да го намали влијанието на САД врз Латинска Америка. Заканата не беше

веројатноста дека може да настане држава хегемон која ќе оствари силно влијание во Латинска Америка, бидејќи такво нешто никогаш не било, а веројатно никогаш нема ни да биде можно. Заканата се состоеше од реалната можност за промена на општествено-политичкиот систем и општествените односи во Латинска Америка, со развојот на револуционерни тенденции кај групи од домашното население во Латинска Америка, под силно влијание на марксизмот. Но, влијанието на САД во тој регион беше преголемо, а безбедносниот ризик уште поголем, па САД не можеше да допушти таков развој на настаните, па со воени интервенции (Гватемала во 1954 год., Куба во 1961 год., Доминиканска Република во 1965 год., Гренада во 1983 год., Панама во 1989 год.,) и со тајни операции или таканаречени *covert operations* (Чиле, Никарагва, Гватемала, Салвадор итн.), ги спречуваше или се обидуваше да го спречи ваквиот развој на настаните.[39] Денес, САД има најефикасен геоекономскиот пристап, кој е веќе испробан, и се состои од силно дејствување на мултинационалните компании кои се во американски посед, со силна поддршка од државата. Покрај ова, нормално секогаш треба да се биде внимателен, во случај да се појави било каква можност за промена на општествените односи во државите во Латинска Америка, бидејќи може да дојде до промена на политиката кон САД, глобализацијата и геоекономијата. Но, таквиот развој на настаните во современа Латинска Америка сепак е малку веројатен. Кисинџер за Латиноамериканскиот простор предлага соработка и поврзување, кое се оствари со потпишувањето на договорот за слободна трговија во Торонто, со кој беше проширена зоната за слободна трговија која веќе постоеше во Северна Америка помеѓу Канада, САД и Мексико (NAFTA)[40].

Според Кисинџер, односите со Азија се исто така многу важни, но овие односи се обележани со разликите во културата и цивилизацијата кои постојат помеѓу САД и азиските држави. Најважниот сојузник на САД во Азија е секако Јапонија, но односите со Јапонија се стабилни и безбедни, па не претставуваат некој поголем предизвик за САД. САД треба и во иднина да и посветува внимание на Јапонија и на нивното сојузништво бидејќи Јапонија е

[39] http://www.sbperiskop.net/drustvo/world/americki-holokaust-krvavi-trag-cia-e-od-njenog-osnutka-do-danas

[40] Пошироко во: NAFTA (North American Free Trade Agreement) е основана на иницијатива на канадскиот претседател на Влада, Брајан Мелруни, на 01.01.1989 година и претставува договор за слободна трговија меѓу САД и Канада. Двете држави и Мексико го потпишаа договорот на 18.12.1992 година, кој стапи во сила на 01.01.1994 година.

американскиот мост во Азија, и заедно со Кореја ја овозможуваат американската присутност во близина на кинеските и руските граници. Индија, како втора најголема сила во Азија, исто така го заслужува вниманието на САД, иако нејзината важност за САД е многу помала. Индија добива на важност не заради самата себе, туку заради постојаното непријателство со другата нуклеарна сила на Индискиот потконтинент т.е. во Јужна Азија, а тоа е Пакистан. Пакистан е сојузник на САД и е држава која би можела да влезе во нуклеарна војна со Индија, доколку дојде до вистинските околности, што во случајот на Индија и Пакистан станува сè поверојатно. Можноста од нуклеарен судир не е закана само за безбедноста на Азија, туку и за глобалната безбедност, па нормално е што САД е прилично заинтересиран во Јужна Азија да не дојде до ваков развој на случувањата.

Блискиот Исток, како регион на постојани турбулентни случувања, судири, нестабилности и војни, непрекинато е во фокусот на американската глобална политика во последните 60 години. Важноста која Блискиот Исток ја има за САД е исклучително голема. Таа може да се изрази преку две, меѓусебно поврзани причини. Првиот и најважен аспект е секако оној енергетскиот, бидејќи Блискиот Исток (на кој постепено му се придружува и јужниот дел на Централна Азија) е најголем резервоар на енергија во светот, а од друга страна е САД кој е најголем светски потрошувач и увозник на енергија.[41] Другата причина е секако онаа безбедносната, која има два аспекти. Првиот аспект е тој што Блискиот Исток мора да биде безбеден и стабилен за да не се доведе во прашање непречената достава на нафта за САД од просторот на Блискиот Исток. Овој аспект е тесно поврзан со фактот за енергетската важност на Блискиот Исток и овој аспект дури не би ни постоел ако не е ваквиот факт. Вториот аспект е тоа што Блискиот Исток е со децении најголемото легло на светскиот тероризам.[42]

Тероризмот, кој својот глобален домет го покажа со појавата на палестинскиот тероризам во 70-тите години од 20-от век, денес добива нови облици и нови форми. Освен тоа, добива и нови причини заради кои се појавува. Денешниот тероризам кој потекнува од Блискиот Исток не е само палестински тероризам, бидејќи палестинците денес за својата држава се борат

[41] http://www.eia.gov/dnav/pet/pet_move_impcus_a2_nus_epco_im0_mbbl_a.htm

[42] Котовчевски, М. (2004) „Борба против тероризмот", Скопје, Македонска цивилизација, стр. 101-104.

и во својата татковина и во Израел. Современиот тероризам кој доаѓа од Блискиот Исток е еден од најголемите безбедносни проблеми во светот, и е проширен во скоро сите муслимански држави во светот. Тој е поврзан со обновата на фундаментализмот во исламското општество, која сè уште нема добиено масовни размери. За свој најголем непријател овие „нови терористи" го сметаат САД и неговата глобална политика, особено политиката која САД ја води кон муслиманските земји од Блискиот Исток, но и кон останатите муслимански земји во светот, како и политиката на поддршка за Израел. Заради случувањата од 11.09.2001 год., Блискиот Исток е повторно во центарот на американската надворешна политика.[43]

Политиката на глобално дејствување на САД денес не е ограничена само на Блискиот Исток, туку има проширен простор на дејствување. Просторот на најсилно и растечко американско ангажирање покрај Блискиот Исток е и Централна Азија, со цел воспоставувањето на контрола над тој енергетски клучен простор и доскоро заради уништувањето на талибанскиот режим. Освен овој простор, друг простор на кој САД ќе ја ангажира својата политика е таканаречениот Рог на Африка или „*The Horn*", бидејќи таму е докажана засилена терористичка активност (Судан, Сомалија), а геостратешката и геопрометната важност на овој простор никогаш не била доведена во прашање. Рогот на Африка беше многу важно бојно поле за време на Студената Војна помеѓу двете суперсили, кои водеа посредна борба за воспоставување на сојузнички режими во државите кои се наоѓаат на т.н дел од Рогот на Африка.

Африка е континентот кој има најголеми проблеми од сите континенти и е регион кој претставува своевидна рак-рана за човештвото. Во Африка, многу е важно да се направи дистинкција помеѓу Мароко и Египет, кои се населени со Арапи, и се многу поразлични од подсахарска Африка која е претежно населена со припадници на црната раса и е погодена со големи проблеми. Кисинџер ја смета подсахарска Африка за регион во кој меѓународната заедница би можела со внимателно и морално дејствување да ги намали последиците од некогашното колонијално искористување и да ги намали сиромаштијата, гладот и болестите кои го уништуваат овој регион. Освен сузбивањето на СИДА-та која во Африка полека се претвора во пандемија и која се заканува со

[43] Поширoко во: Kissinger, H. (2001), „*Does America Need a Foreign Policy?* ", Simon & Schuster, New York, Toronto, Sydney, p. 326-227.

истребување на поголемиот дел од населението на некои држави, мора да се посвети внимание и на намалувањето на природниот прираст на населението. Ако се продолжи сегашниот природен пораст на населението во Африка, ниту последиците од епидемијата на СИДА-та нема да бидат толку големи за да може остатокот од населението во Африка да може економски да напредува и еден ден да се ослободи од гладот и болестите. Освен тоа, сè поголем е бројот на деца кои се раѓаат заразени со ХИВ вирусот и нивните животи се скоро сигурно осудени на пропаст, па вакviот начин на играње со човечки животи е многу понехуман отколку контролата, односно намалувањето на природниот прираст.[44] Кисинџер ја гледа Африка како прашање преку кое може да се види целокупната подготвеност на меѓународната заедница да дејствува морално и одговорно. Африка е тест не само за САД, туку и за Европа, ОН и за многу други владини и невладини организации. Во случајот со Африка, може да се процени и подготвеноста на светот за хуманитарна интервенција со цел спречување на хуманитарни катастрофи, бидејќи Африка е дел од светот кој геостратешки не е толку важен (како што е на пример Блискиот Исток) за да некоја светска сила или воен сојуз би интервенирал со цел да ги заштити своите национални интереси.[45] Со оглед на тоа дека националните интереси денес не можат да се остварат или да се заштитат без глобално дејствување, САД мора да остане директно или индиректно присутен во скоро целиот глобален простор, како не би ги довел под прашање своите национални интереси. Ова е логичен заклучок доколку ја земеме во предвид првата претходно истакнатата претпоставка на Хенри Кисинџер, која е воедно и прва претпоставка на секоја надворешна политика која е втемелена на реалистички принципи, кои се јасни и карактеристични за меѓународниот систем кој е составен од суверени територијални држави. Првата грижа на секоја држава е опстанокот, а кога тој опстанок е загарантиран со голема веројатност, активностите на државата се насочуваат кон останатите национални интереси (секако дека опстанокот, т.е. заштитата на суверенитетот и територијалниот интегритет се највжните национални интереси на секоја суверена држава). Кисинџер јасно кажува дека ниедна држава, без разлика колку е силна и влијателна во меѓународната

[44] Поширoко во: Kissinger, H. (2001), *„Does America Need a Foreign Policy? "*, Simon & Schuster, New York, Toronto, Sydney, p. 222-223.

[45] Ibid

заедница, никогаш не била и никогаш нема да биде подготвена да ги троши своите ресурси и животите на своите војници чисто заради хуманитарни причини. Мора да постои геополитички, економски или безбедносен интерес кој ќе ја натера некоја држава да појде во акција и да ги испрати своите војници надвор од своите граници. Заради овие причини, иако во денешниот свет постојат различни воени интервенции, актерите кои ги вршат овие интервенции се служат со софистицирани воено-технолошки средства, како не би ги загрозиле животите на своите војници и не би ја оштетиле перцепцијата за својата надворешна политика во јавното мислење на сопственото општество.[46]

Можеме да заклучиме дека САД, согласно со лидерската позиција која ја има во светот, може да продолжи да има најголемо влијание на иднината на глобалните меѓународни геополитички односи. Преку ваквото влијание САД најзначајно ќе влијае врз судбината на светот, особено ако се земе во предвид влијанието на САД врз глобалната економија и глобалниот еколошки систем. Следните неколку децении ќе бидат обележани со доминација на САД во сите полиња во светот. Прашање е само дали таа доминација ќе биде добра или лоша во вредносна смисла, што и да значи тоа. Одговорот на прашањето каква ќе биде таа доминација ќе го добиеме во иднина преку развојот на меѓународните односи помеѓу останатите значајни и помалку значајни актери на светскиот поредок. Ако односите помеѓу најважните актери на светскиот поредок стануваат сè повеќе кооперативни, па дури и сојузнички, со тенденција за дистанцирање од САД и неговата униполарна политика, ќе заклучиме дека американската доминација е преголема и дека почнува да предизвикува спротивставени реакции. Но, во спротивниот случај ќе биде многу тешко да се

[46] Добар пример за вакви интервенции, кои не беа само хуманитарни, се интервенциите за време на мандатот на Клинтон (Сомалија, Хаити, Босна и Херцеговина, Косово). Воените интервенции за време на претседателот Џорџ Буш Сениор. (Панама, Кувајт и Ирак, почетокот на интервенцијата во Сомалија) беа превземени заради геополитички причини, т.е. заради заштита на националниот интерес на САД. Глобалната американска политичка присутност не можеше да допушти толку крупни промени во регионалните поредоци во регионите кои се од пресудна важност за САД. Освен тоа, во случајот на интервенцијата против Ирак, САД не можеше да го остави својот сојузник и голем извозник на нафта Кувајт, едноставно да исчезне под ирачката окупација и анексија. Претседателот Буш мораше да дејствува против Ирак. Претседателот Џорџ Буш Јуниор исто така се најде пред свршен чин што се однесува на воените интервенции во странство, бидејќи по нападот на сопствената држава, сакаше и мораше воено да интервенира, да го сруши талибанскиот режим, да започне лов и да превземе акции за уништување на терористот Осама бин Ладен и неговата терористичка организација Ал Каеда. Политиката на Џорџ Буш Јуниор кон Израел и можната нова воена интервенција против Ирак се дел од вториот аспект на американската надворешна политика, геополитичкиот, а не безбедносниот и одбранбениот, па не треба да ги поврзуваме со военото дејствување против талибанците.

процени дали најзначајните актери, освен САД, не се обединети во противамериканско дејствување затоа што не почувствувале доволно силна потреба за тоа или затоа што влијанието и способностите за уверување на САД се толку големи што не им допуштиле да направат такво нешто.

## 2.2. Геополитиката на Русија

Русија, претставува најголемата држава во светот, некогашниот единствен вистински конкурент на САД, втора светска суперсила, која заврши со скоро целосно уништена економија со крајот на Студената Војна и напуштањето на планскиот економски систем, со големи политички и еколошки проблеми. Сепак, Русија неминовно, останува важен геостратешки играч, без разлика на ослабеноста и долготрајнатаназаденост. Самото нејзино присуство силно ја одржува во ново настанатите држави на бившиот Советски Сојуз, кои се простираат низ целиот евроазиски континент. Подолу ќе се направи еден осврт на најважните историски случувања во Русија, како и една анализа на економските и индустриските состојби кои владеат во оваа држава.

Русија се наоѓа во Источна Европа и Северна Азија и се протега од Балтичкото и Црното Море на Запад до Тихиот Океан на Исток. Руската република се дели на повеќе поголеми региони: Источноевропска Низина, Средносибирска Висорамнина, Источен Сибир, Далечен Исток, Прибајкалје, средноазиските планини и Кавказ.[47]

Русите се словенски народ, чија пратапковина (според некои научници) се смета дека биле Припјатските блата. Тогашните племенските сојузи на словенските народи кои до 4 век ги населувале и горното Поволжје и долините на Ока и Десна. Раните источни словени постепено се населиле во Западна Русија во два правца: првите се населиле од Киев во околината на денешните градови Суздал и Муром, а другите од Полоцк кон Новгород и Ростов. По 7 век, дел од Источните словени се населиле во делови од денешна Западна Русија и постепено започнале со асимилација на Фино-унгарските племиња, како на пример Мерјаните, Муромијаните, и Мештераните, додека во 9 век прераснале во трајни политички творби, меѓу кои најмоќни станале новоградското и киевското кнежество.[48]

Историјата на Русија започнува со онаа на Источните Словени. Првата источнословенска држава, Киевска Русија, го примила христијанството од Византија во 988 год., со што започнало создавањето на руската култура во следниот милениум. Новогордскиот кнез Олег Мудри (879-912/13 год.,) ги

[47] http://www.zemljopis.com/rusija.html

[48] http://www.vostok.rs

обединил двете кнежевства во моќна држава (Киевска Русија), но својот најголем подем Киевската Русија го имала за време на владеењето на големиот кнез Јарослав Мудри (1019-1054 год.,) а по неговата смрт почнала да се распаѓа на феудални имоти на се помоќно благородништво. Развојот на Киевска Русија е сопрен со навлегувањето на Монголите 1223 год., Кнезот Дмитриј Донски (1362-1389 год.) во 1380 год., ја извојувал првата голема победа над Златната орда (монголска држава од 13-15 век.) додека во 1480 год., целосно ја уништил кнезот Иван III (1462-1505 год.).[49]

До 15 век московското големо кнежевство веќе се раширило до Бело Море и Урал, а во него биле вклучени голем број неруски, пред се угрофински и монголски народи. Големиот кнез Иван IV Грозни (1533-1584 год.) се крунисал за руски цар на 16.01.1547 год., а со освојувањето на казанскиот (1552 год.) астраханскиот канат (1556 год.) ја проширил Русија до Каспиското Езеро. Во 1654 год., се обединуваат Русија и Украина.[50]

Периодот од (1682-1725 год.) се бележи периодот на царот Петар I Велики кој за неговото владеење сосема ја утврдил апсолутната царска власт и придонел за создавање на големи општествени и стопански реформи (задолжително вклучување на благородништвото во војската и управата, создавање на губернии на чело со назначени губернатори, реформи на црквата, заштитни царини, училишта за неписмени, преселба на престолнината во Петроград. Со ваквите реформи Петар I Велики, Русија ја доближил до западноевропските држави. Со Северната војна (1700-1721 год.), е завршена шведската превласт на Балтикот, а со мирот во Нистад (1721 год.,) Русија ја добила Естонија, Литванија, Карелија и Ингрија.[51]

Петровата реформаторска политика ја продолжила царицата Катерина II Велика (1762-1796 год.), жената на царот Петар III (1761-1762 год.) од пруското семејство Анхалт Зербст. Во две војни против Турците (1768-1774 год. и 1787-1792 год.) Русија ги освоила крајбрежјата на Црното Море, Крим и Кубан, а учествувала и во трите делби на Полска (1772, 1773 и 1795 год.) кога кон својата територија ги добила териториите на Белорусија, Латвија и Украина западно од Днепар.

[49] http://www.znanje.org/;/i26/06iv11/06iv1118/istorija.html

[50] Jelacić, A. (1929), „Istorija Rusije", Beograd, Srpska knjizevna zadruga, str. 12-13.

[51] Blinnikov M. (2011), „A Geography of Russia and I ts Neighbors", New York, London, p. 68-69.

Во јуни 1812 год., отпочнал големиот поход на Русија. По победата кај Смоленск (август 1812 год.) и Бородино (07.07.1812 год.) францускиот император Наполеон I започнал поход, во кој имал за цел да ја освои Русија. Овој негов поход завршил со катастрофални последици, најмногу поради тоа што руската армија постојано го избегнувала директниот удар на француската војска. Поради студената зима, илјадници француски војници умреле од студ. Со герилски начин на војување, Русите ги принудиле Французите да се повлечат, а по најавеното повлекување, руските војски започнале да го прогонуваат остатокот од француската војска и надвор од границите на Русија, дури до Париз. Со таа победа, Русија добила важна улога во европската политика на 19 век (Света алијанса).

Во почетокот на 19 век се продолжило со територијално ширење на Русија (1801 год., Грузија, 1809 год., Финска и Бесарабија, а 1815 год., и т.н. Полска). Во 1904-1905 год., довело до спор помеѓу Русија и Кореа па тоа придонело за отпочнување на Руско-јапонската војна со пораз на Русија во војната. Ваквиот неуспех довел до предизвикување на првата револуција, која почнала на 09.01.1905 год., во Петроград и брзу се проширила низ целата држава со повеќе штрајкови, воени бунтови (на крстосувачот „Потемкин" и „Кронштад") и со востанијата на неруското население (Полјаци, Финци) добила карактеристика на голема општествена револуција. Врвот го достигнала со октомврискиот штрајк кој го организирале болшевиците со улични борби во центарот на Москва во декември 1905 год.[52]

Во Првата светска војна во почетокот преовладувал рускиот национализам, но веќе во битката кај Таненберг (26-30.08.1914 год.,) Русија претрпела тежот пораз од германската војска.

Октомвриската револуција почнала на 07.11.1917 год., (25.10.1917 год.) во Петроград и за неколку денови се проширила низ поголемиот дел на Русија.

На III конгрес на советите на 31.01.1918 год., (18.01.1918 год., според рускиот календар) е основана Руската Советска Федеративна Социјалистичка Република (РСФСР). Сеуште новата Советска Република, под водство на Ленин и поради тешките внатрешни состојби кој била РСФСР, била принудена да потпише мировен договор со централните сили во брест-Литовск на 03.03.1918

[52] Blinnikov M. (2011), „A Geography of Russia and I ts Neighbors", New York, London, p. 72-75.

год., независно што со тоа ги изгубила териториите на Естонија, Латвија, Курландија, Литва, Полска, Украина и Финска.

На 06.04.1920 год., е создадена Далекуисточната Советска Република и во 1922 год., е присоединета кон РСФСР, а на 30.12.1922 год., РСФСР, Украинска и Белоруска ССР, Прикавказка СФСР основале Сојуз на Советски Социјалистички Републики (СССР односно Советскиот Сојуз).[53]

Поради големиот придонес во победата над нацизмот (околу 25 милиони жртви, од кои 6 милиони војници), СССР успеал да ја зачува својата западна граница од 1941 год., да спроведе темална советизација на источноевропските и некои средноевопски држави со помош на домашните комунисти, а со основање на Советот за заемна економска помош (СЕВ 1949-1991 год.), и Варшавскиот пакт (1955-1991 год.) да воспостави противтежа на западните интеграции. Но периодот на крајот од 50-тите години од 20 век Студената војна ескалирала (со кубанската криза, 1962 год.) а едновремено во СССР се појавиле големи стопански тешкотии. Леонид Илич Брежњев инаку генерален секретар на КПСС 1964-1982 год., ја интензивирал трката за вооружување со САД и спровел хегемонистичка политика на СССР кон соседните држави (окупацијата на Чехословачка 1968 год. и Авганистан 1979-1989 год.

Реформистичката политика на Михаил Сергеевич Горбачов (генерален секретар на КПСС 1985-1991 год., т.н. Престројка (преобразба) и гласност (јавност), означувала прекин со традиционалното советско општество, а во меѓународните односи крај на Студената војна (1990 год.,). Отварањето на советското општество ја разоткри целата неделотворност на советското стопанство, бирократизираноста на партискиот и управниот систем и големата општествена и меѓунационална нетрпеливост меѓу народите во СССР. По уставните промени во 1988 год., (донесен е нов изборен закон, поголема автономија на советските републики), сите републики од 1989 до 1990 год., прогласија сувереност (Русија 12.06.1990 год.). Претставниците на Русија, Украина и Белорусија на 08.12.1991 год., потпишаа договор за основање Заедница на Независни Држави (ЗНД), а кон нив се придружија уште осум некогашни советски републики. Тие единаесет републики (освен трите балтички републики и Грузија), на 21.12.1991 год., во Алма-Ата ја основаа ЗНД. Русија на 17.04.1992 год., се преименувала од РСФСР во Руска Федерација и

[53] Blinnikov M. (2011). „A Geography of Russia and I ts Neighbors", New York, London, p. 75-76.

единствено таа, од некогашните советски републики, не прогласи независност, туку целосно ја презеде улогата на наследничка на СССР.

Русија е сојузна република со силна уставна положба на претседателот на републиката. Во сила е Уставот што на 12.07.1993 год., го прифатила уставотворната конференција која ја свикал претседателот на републиката, а го потврдува мнозинството на излезените избирачи излезени на референдумот од 12.12.1993 год., Овој устав го замени некогашниот социјалистички устав од 1978 год., и донел повеќепарламентрно уредување, ги загарантирал приватната сопственост и почитувањето на човековите граѓански права. Во надлежност на федерацијата се одбрамбената, внатрешната, надворешната, стопанската и монетарната политика, енергетиката, финансискиот и даночниот систем.

Русија е земја која се состои од 85 (региони) субјекти. Ваквите субјекти се федерално рамноправни во смисла дека се подеднакво претставувани со два пратеника од секој регион во Советот на Федерацијата (горен дом на рускиот парламент). Меѓутоа, тие се разликуваат по степенот на автономија кои тие го уживаат. Русија се дели на осум големи федерални окрузи и тоа: Централен федерален округ, Јужен федерален округ, Северозападен федерален округ, Далекуисточен федерален округ, Сибирски федерален округ, Уралски федерален округ, Приволшки федерален округ, Севернокавкаски федерален округ, тие претставуваат единици на административна поделба за целите на федералната влада, и не се составни единици на Руската Федерација. Додека нејзините составни единици на федерацијата се нарекуваат федерални субјекти.



Слика бр.3 – Федерални окрузи во Русија[54]

[54] http://openbudget.karelia.ru/budnord/english/fo_main.htm

Во секој округ се наоѓаат неколку федерални субјекти. Секој федерален округ има претседателски претставник, чија официјална титула е „Полномошен претставник". Официјалната задача на овој претставник е едноставно да ја надгледува работата на федералните агенции во регионите, иако во практика овој надзор е далекусежен и од големо значење.

Федералните окрузи ги создал Владимир Путин во мај 2000 год., како дел од поширока програма за зајакнување на федералната власт. Во програма спаѓаат и следниве реформи: индиректен избор на Советот на Федерацијата, иследување во републиканските устави и регионалните повелби и право на претседателот да ги распушта праламентите на субјектите доколку тие не ги почитуваат федералните закони. Постоењето на федералните окрузи е значајно за ограничување на донесувањето на закони и практики кај субјектите кои му противречат на федералниот закон, (скратување на граѓанските права, авторитативни практики на управниците на субјектите (или кај републиките, нивните претседатели), манипулација со полицијата и контрола врз правосудството, строга контрола врз печатот и манипулирање со избори.

Секој субјект на руската федерација спаѓа во една од следниве категории:

- 22 републики номинално автономни, секоја има свој устав, претседател и парламент; федералната влада ги претставува нивните меѓународни интереси; осмислени како домови на конкретни етнички малцинства.
- 46 области, правилни административни единици со федерално назначен губернатор и локално избрано законодавство.
- 9 краеви во суштина исти што ги претставуваат областите. Називот „крај" е историски, бидејќи првобитно тие биле погранични области.
- 1 автономна област Еврејската автономна област. Основана е за време на Сталин во 1928 год., и требала да послужи како нова матична држава за сите Евреи од СССР.
- 4 автономни окрузи поавтономни од областите, но помалку од републиките; обично имаат големо или предоминантно етничко малцинство.
- 3 федерални града (градови во непосредна надлежност на федерацијата) големи градови кои функционираат како посебни региони.[55]

[55] Blinnikov M. (2011). „A Geography of Russia and I ts Neighbors", New York, London, p. 116-118.

Во 20 век населението главно се зголемувало поради намалениот морталитет, но прирастот го намалиле големите жртви за време на Октомвриската револуција и Граѓанската војна (околу 14 милиони жртви), сталинистичките чистки (8-15 милиони и Втората светска војна (околу 25 милиони жртви уште од времето на СССР).

Русија е едновремено етнички различна и исклучително руска. Русите претставуваат 80% од вкупниот број на населението, а рускиот јазик најмногу се вкоренил и меѓу нерускoто население (најмногу за време на социјалистичкиот период).

Две третини од населението живее во европскиот дел каде најгусто се населени централните подрачја, особено пошироката околина на Москва. Во азискиот дел погуста населеност има во степскиот појас по должината на Транссибирската железница. Во другите области се изградени рударски и индустриски градови среде негостољубивата и ретко населена земја.

Русија по 1989 год., доживеа една од најдраматичните стопански кризи во историјата.




Слика бр.4 – Состојбата на рускиот БДП од 1992 до 2013 год.,[56]

[56] http://www.imf.org/external/pubs/ft/weo/2009/02/weodata/index.aspx

Само во периодот од 1989 до 1995 год., БДП се смалил за повеќе од половина, а откако се покажаа првите знаци на заздравување (1995 год., смалување на БДП за само 4%), во 1998 год., ја зафати нов бран политичко-социјално-стопанска криза со опаѓање на вредноста на рубљата, со општа сиромаштија и повторно опаѓање на животниот стандард на поголемиот дел од населението. Основни тешкотии на руското стопанство беа нестабилните политички состојби, општата недоверба во правниот систем, големата задолженост и општата финансиска недисциплина, слабата инфраструктура, недостиг на капитал, назадување на научниот и технолошкиот развој, корупција и општата сива и црна економија. Независно од тоа, во 90-тите години на 20-от век руското стопанство претрпува големи измени. Група од реформистички насочени политичари, кои до 1998 год., имале голема поддршка од претседателот Борис Елцин, меѓу другото успешно ја спреведе либерализацијата на пазарот, ја сопреле инфлацијата, воспоставиле пазар на капиталот и спровеле голем дел од сопственичката трансформација на државниот имот.

Меѓу 1992 и 1994 год., се изведувала и т.н. „мала приватизација", која ги зафатила пред сè малите и средни претпријатија со помалку од 200 вработени, повеќето од нив биле откупени под поволни услови од самите вработени. Во 1994 год., започна и „големата приватизација" на средните и големи индустриски претпријатија. Развојот на Русија лошо се одрази тоа што по 1990 год., илјадници научници заминаа во странство или се преорентирале на други профитабилни дејности.

Едновремено со тоа, и покрај недостиг на домашен капитал, биле создадени над 1 милион нови, исклучително мали претпријатија, пред сè, во услужните дејности, а со приватизацијата почнале да се создаваат претприемачки групи околу поголемите банки.

Русија има големо богатство на руди, фосилни енергетски извори и водена енергија. Наоѓалиштата се често многу оддалечени и тешко достапни места, далеку од потрошувачите, што претставува голема тешкотија.

Најголемите наоѓалишта на нафта (348 мил.т годишно, Русија се наоѓа на 3-то место по големина на светски производител на нафта по Саудиска Арабија и Америка[57]) се Западносибирската низина (Нижневартовск, Сургут) и во

[57] http://www.cia.gov/countries/cab.cfm?fips=rs

Западното предгорије на Урал, пред сè, во Татарстан и Башкирија (Нижнекамск, Новокујбишевск, Сазран), поречјето на Печора на Север и Северното предгорје на Кавказ (кај Кубан во околината на Новоросијск).

Најбогатите наоѓалишта на природен гас (581 милијарди м$^3$, зазема прво место во светот) се во северниот дел на Западносибирската низина (Уренгој, Надим, Приобје) и др., од каде се изградени гасоводи кон Урал, европскиот дел на Русија, и Средна Европа. По распаѓањето на СССР производството на нафта и природниот гас останаа единствени кои го зачуваа дотогашното ниво и станаа најважен извор на девизни приходи (1999 год., 44% девизен прилив, односно 20% од БДП.




Слика бр.5 – Енергетски ресурси на Русија[58]

Најголемото претпријатие за производство за природен гас е „Газпром“ (приватизирано 1994 год., 40% во државна сопственост), а во производство се 12 големи фирми (холдинзи) во сопственост на големите руски банки, меѓу поголемите фирми се: Лукоил, Роснефт, Сибнефт, Сиданко, Смаранефтгаз и др.

Во поново време, руската државна енергетска корпорација, како што е „Газпром“, врши големо влијание врз соседните земји Белорусија и Украина. Поттикнати од високата цена и сè поголемата потреба од енергија, а со

[58] http://gpf-europe.com/context/maps/?id=9838

контрола на плинските текови, Русија го контролира снабдувањето на овој важен енегетски елемент со што се стекнува со голема економска моќ. Врши притисок на странските компании за производство и дистрибуција на енергија да ги прифатат новите ограничувања и вложувања на руската компанија. Ваквата состојба сигурно нема да потрае долго, бидејќи руските извори на енергија имаат скапа експлотација, додека други снабдувачи на плин како што е Катар го нудат течниот плин, го транспортираат со танкери, и не вршат притисок и уцени кон компаниите кои го увезуваат за свои потреби.

Со распадот на СССР, директниот наследник Русија, ги изгуби во потполност своите сфери на интерес или пак нејзиното влијание беше значително намалено. Русија го задржа своето влијание само во некои држави кои исто така беа наследници на бившиот СССР. Во тој хаос беа загрозени дури и територијалниот интегритет и опстанокот на Русија, како и самата демократија во Русија (која ниту имала, ниту пак има некаква врска со демократијата во западна Европа, бидејќи во Русија владееше автократија). САД и Европа беа гаранти за опстанокот на Елцин и главни помагачи на Русија во тој почетен период од настанувањето на независната руска држава. Елцин сепак успеа да воведе одреден степен на демократија во Русија и почна да спроведува реформи. Освен тоа, ги следеше советите кои му доаѓаа од Западот и не се обидуваше да ја обнови руската моќ, што му беше најважно на Западот. По почетните добри односи помеѓу Русија и САД за време на периодот по завршувањето на Студената Војна, потоа дојде еден период на заострување на односите околу многу прашања (Чеченија, проширувањето на НАТО, Балканот и сл.). Големата криза која ја погоди Русија во 1998 год., беше уште еден чекор кон дното, од кое Русија се извлече заради порастот на цената на нафтата (главниот руски извозен производ, стратешка суровина и средство за дисциплинирање на непослушните соседи кои зависат од руската нафта). Русија денес многу зависи од ситуацијата на светскиот пазар на нафта бидејќи високите цени и овозможуваат на Русија нормално функционирање на нејзините институции, војската и полицијата. Освен големите економски проблеми, Русија е погодена и од проблеми со соседите (Украина, балтичките држави) и со малцинските групи кои се наоѓаат во составот на Руската Федерација (на пример Чеченија).

По заминувањето на Елцин од претседателската должност и со доаѓањето на Владимир Путин на должноста претседател на Русија, дојде до големи промени во руската внатрешна и надворешна политика, и покрај тоа што Елцин го избра Путин со намера да се продолжи неговиот политички курс и да се спречи зајакнувањето на комунистите во Русија. Путин го реши чеченското прашање, почна да спроведува реформи во управата, војската, судството, и ја започна борбата со руската олигархија. Освен тоа, започна да работи и на воспоставувањето на нова руска надворешна политика и нов имиџ на Русија и руската сила во светот. Според некои карактеристики, може да се каже дека Путин делумно се врати на политиката на СССР од периодот на Студената Војна при изборот на сојузниците. Меѓутоа, политиката на Путин немаше постојана и непроменлива насока, бидејќи почна повторно да се приближува до САД, што не изгледа како логичен чекор со оглед на карактеристиките на неговата надворешната политика. По овој пресврт, веќе познат како Путинова доктрина, дојде до приближување на Русија кон Западот. Значајно влијание на руското приближување кон Западот имаше новата состојба во меѓународната заедница, поврзано со терористичките напади и борбата против тероризмот во светот. Воспоставувањето на глобалната антитерористичка коалиција донесе нови можности за соработка помеѓу Русија и САД, кои прилично брзо и безболно ги решија своите несогласувања околу проширувањето на НАТО, американското излегување од „АВМ“ (Anti-ballistic missiles) договорот и намалувањето на бројот на нуклеарни боеви глави на двете страни на отприлика една третина од сегашниот број. Во втората половина од 90-те години, САД се обидуваше со една друга тактика да ги оствари своите геостратешки цели на просторот на Евроазија кој ја опкружува Русија. Односите помеѓу Русија и САД имаа значително различна природа од оние сегашните. Во својата книга „Големата Шаховска Плоча“, Збигњев Бжежински пишува дека САД сака полицентризам кога е во прашање распределбата на геостратешките позиции во Евроазија, да продолжи со трпливо и напорно изградување на односи со најважните држави кои ја опкружуваат Русија (таканаречените геополитички оски: Украина, Азербејџан, Узбекистан), дека Русија не може да го спречи проширувањето на НАТО и дека нема услови да биде стратешки партнер со САД, бидејќи едноставно не е способна за тоа заради своите внатрешни слабости кои нормално се проектираат и кон надвор. Руската надворешна политика во

голема мера е одредена од внатрешните прилики во Русија, кои се лоши и кои брзо генерираат нови кризи, па е невозможно трајно да се дефинира руската надворешна политика и националните интереси за наредните децении. Промената во руската надворешна политика најдобро може да се забележи преку промените во руската надворешно-политичка ориентација во последниве неколку години. Кон крајот на 90-те години, Русија немаше никакви можности да биде партнер на САД на глобално ниво, а тие можности ги нема ниту денес. Но, промената која настана се состои во различниот став на официјалната руска политика кон САД и кон глобалните геополитички и меѓународни односи. Во натписот „Предизвици на новиот светски поредок“, Радован Вукадиновиќ пишува дека во недостатокот на средства за одржување на партнерството со САД, руската политика ги насочи своите напори кон поблиското соседство (земјите од ЗНД), Кина и земјите на Западна Европа. Согласно со промените во руската надворешна политика, истиот автор во својот натпис „Новите руско-американски односи“[59] наведува дека клучна точка за промената на руската надворешна политика беше нападот на САД од 11.09.2001 год., Овој напад беше причината која покрена големи реперкусии, не само во американската надворешна политика, туку како што може да видиме и во политиките на најголемиот број важни и моќни држави во светот и многу меѓународни организации. Но, во рускиот случај се чини дека нападот од 11.09. 2001 год., му послужи како добар повод на претседателот Путин да му даде на својот народ оправдување за својата нова надворешно-политичка насока. Русија веќе долго време е свесна за својата позиција во глобалните односи, која сè повеќе ослабуваше. Но, секако дека руската официјална политика не смееше да го признае тоа пред својот народ. Затоа, во рускиот случај, борбата против глобалниот тероризам беше добар изговор за да му се направат отстапки на САД на многу полиња. САД на овој начин ја доби руската безрезервна поддршка во борбата против тероризмот (што Русија го користи како оправдување за борбата против чечените и пацифирањето на Чеченија), добисна е руската поддршка (дали Русија воопшто имаше можност да преземе нешто) за напад на талибанскиот режим во Авганистан и добисна е поддршка за разместување на американски војници во Централна Азија и на Кавказот, преку користењето на воени бази во Узбекистан, Туркменистан, Таџикистан, Киргистан и Грузија.

[59] Vukadinović, R. (1998.), Izazovi novom svjetskom poretku, *Politička misao*, vol. XXXV, br. 2, str. 79-93

Путин се согласи на сите овие отстапки, очекувајќи против услуги од САД. Односите кои ги воспоставија Џорџ Буш Џр. и Владимир Путин како логична последица би требало да ги имаат дополнителното подобрување на односите помеѓу САД и Русија. САД и овозможи на Русија да стане 20-та членка на НАТО пактот, но не полноправна членка со право на вето, бидејќи тоа Русија не е, а ниту може и да биде. Русија има можност само да учествува во работата на НАТО и да го даде своето мислење за проблемите со кои НАТО се занимава. Одлуката која ја донесоа трансатлантските сојузници покажува дека тие сè уште ја сметаат Русија за доволно важна за да биде прашана за мислење кога се работи за безбедносните прашања во Евроазија. Ваквата одлука мора да се анализира заради неколку причини. Русија е најголемата држава во светот со втор нуклеарен потенцијал и е физички присутна на 1/3 од просторот кој го зазема Евроазија. Од овие факти произлегува и важноста и улогата на Русија во Евроазија. Русија му е потребна на Западот не за да дејствува во Евроазија, туку сосем спротивното, за да не дејствува, туку да се занимава сама со себе и со односите кон САД, и донекаде со Европа. По распадот на СССР на Сојузна Република Русија и беше одземена можноста за глобално дејствување, а денес современа Русија нема можност да дејствува ниту на просторот на цела Евроазија, бидејќи веќе не може да се закани со воено дејствување, а нема средства за останатите видови на дејствување. Нормално, сè уште има држави, членки на ЗНД кои се во голема мера зависни од Русија, меѓутоа таа зависност сè повеќе се намалува, особено откако САД од 2001 год., за прв пат се појавува како директно присутен актер и во државите од ЗНД. Русија денес не е толку значаен актер, кој би можел самостојно да ги менува глобалните односи и да го насочи развојот на светскиот поредок во друг правец. Русија, ако сака да дејствува на план поголем од регионалните или соседските граници, мора да бара некој силен иден сојузник. Зависно од тоа што Русија сака, какво би требало да биде тоа глобално дејствување, ќе зависи и изборот на можниот иден сојузник, ако успее да го најде. Ако има желба за умерен економски развој и насочување на трговија, треба да бара сојузник во ЕУ или барем во некоја од државите на ЕУ или неколку од нив (Германија, Франција). Но сепак, тоа нема и не може да биде сојузништво во вистинска смисла на зборот, туку можеби повеќе како посебни односи или некој вид на партнерство. Ако сака да продолжи со ново прокламираната политика, со акцент на безбедносните

прашања, може и понатаму посилно да се врзе за САД, меѓутоа прерано е да се зборува за тоа какви ќе бидат ефектите на новата руска надворешна политика и колку ќе потрае таа политика. Третата можност е најпредизвикувачка за глобалните геополитички односи, а тоа е руското поврзување со Кина.[60] Дејствувањето кон САД и кон остатокот од светот мора да биде заедничко и координирано.

[60] Односите на Русија кон НР Кина ќе бидат детално разработени во наредната глава од истражувањето.

## 2.3 Геополитиката на Кина

Кина со своето огромно население од дамнешни времиња била единствена и горда цивилизација. Кина е денес држава чиешто време допрва доаѓа, а кинеската цивилизација, која е најстарата континуирана цивилизација на светот, повторно велегува во период на процут и напредок. Таквата цивилизација била екстремно напредна во своите области: филозофијата, културата, уметноста, општествените вештини, техничката инвентивност и во политичката моќ.

Кина се наоѓа во Источна Азија и се простира длабоко во внатрешноста на континентот. На исток се наоѓаат големите низини со големи реки и брегови со ниски планини (ниска Кина), а западниот дел е планински (висока Кина). Најголемиот дел на висока Кина е висорамнината Тибет. Составена е од планински гребени со насока на протегање од запад кон исток и базени без истечување во морето меѓу нив. Северозападниот дел на Кина е вистински мозаик на големи меѓупланински базени (Таримска, Џунгарска, Кајдамска), 1500 км долг и до 650 км широк Таримскиот базен е млада тектонска вдлабнатина со дно од 700-1000 м.н.в. Меѓу Кунлун на југ, Памир на запад, и Тјан Шан на север.[61]

Во северна Кина (околу 1,2 милиони км$^2$) во внатрешноста преовладуваат планини и пониски рамнини од палеозојски карпи, покриени со 20-250м дебели наноси на плеистоценски прапор. Поради големата ерозија релјефот е многу расчленет и тешко прооден.

Кон северо исток рамнините преминуваат во помалку плодни и ретко населени севернокинеските планини, составени од повеќе ридови одвоени со долини.

Јужна Кина (околу 2,5 милиони км$^2$) главно е планинска, низини има само покрај реката Јангцекјанг и на дното на поголемите котлини.

Во старата кинеска историја легендите за кинеските владетели потекнуваат уште од 2852 год., пр.н.е., а првата историски утврдена династија била династијата Шанг (Shang, 1766-1111 год., пр.н.е.). Владеела во целата

[61] http://www.cultural-china.com/chinaWH/features/chinaoverview/LandofChina.html

источнокинеска низина и имала многу развиена култура во бронзениот период.[62]

По немирниот период на војување меѓу големиот број држави владетелот Ши Хуанг Ти (Shi Huang Ti) од династијата Чин (Qin) повторно во 221 год., пр.н.е. ја обединил Кина, се прогласил за цар и воспоставил моќна централистичка држава и тоа негово владеење траело до 206 год., пр.н.е. Во тој временски период се истакнуваат повеќе негови реформи, меѓу кои позначајни биле: изедначувањето на мерките за тежина и други мерки, парите и писмото, се намалиле одредени ралики меѓу одделни области, а исто така започнала изградбата на Големиот кинески ѕид кој служел за одбрана од постојаните напади на Хуните.

Следела династијата Хан (Han) (206 год., пр.н.е.-9 год., пр.н.е.) која својот врв го достигнала во времето на царот Ву Тием (147-87 год.пр.н.е.).

За време на владеењето на помладата династија Хан (25-220 год.,), Кина постигнала втор економски и културен расцут (собирање стара литература, пронаоѓање на хартијата, ширење на будизмот од 1 век.

Наредна била династијата Танг (Tang) (618-906 год.,). За време на нејзиното владеење Кина доживеала нов економски и културен расцут (главен град Чанган денешен Сијан). Поради сè поголемиот отпор против туѓите влијанија, во 844 год. почнало големото прогонување на будистите и обновување на учењето на Конфучиј. Во 906 год. Кина повторно се разединила.

Династијата Сунг (Song) (960-1279 год.) повторно обединила голем дел од Кина (главен град Пјен Кајфенг, од 1127 год., Нанџинг, а од 1138 год., Ханџоу), но на север нејзината власт била немоќна и повеќепати ја потресувале грабежи до номадските народи.[63]

Во почетокот на 13 век во северна Кина почнале да ограбуваат Монголите. Џингис-Хан (1206-1227 год.,) го освоил Пекинг, а неговите наследници постепено ја освоиле целата држава. Монголскиот владетел Кублај-Хан (1260-1294 год.,) ги основал во близина на Пекинг престолнината Ханбалик и династијата Јуан (Yuan) (1260-1368 год.).Тогаш во Кина започнал да се шири

[62] http://www.cultural-china.com/chinaWH/features/chinaoverview/HistoryofChina.html
[63] http://www.chinaknowledge.de/History/Song/song.html

исламот. Кинезите во 1368 год., успеале конечно да ги протераат Монголите, а власта ја презела династијата Минг (Ming) (1368-1644 год.,).[64]

Во почетокот на 17 век во Кина почнале да навлегуваат манџурските народи, кои брзо ја прифатиле кинеската култура. Во 1644 год., го освоиле Пекинг и ја основале династијата Кинг (1644-1912 год.,). Економскиот расцут траел од 1661 до 1799 год., Тогаш Кина се проширила на Тајван (1683 год.), во Монголија, Тибет и Средна Азија, а со договорот на Нерчинск (1689 год.,) и Кјахте (1727 год.,) ги решила пограничните спорови со царска Русија.

Во кинеско-јапонската војна за Кореја (1894-1895 год.,) Кина била поразена и била принудена мировниот договор потпишан во Шимоносекиј на Јапонија да и го препушти Тајван и островот Пескадорес и да се откаже од Кореја.

Во почетокот на 20 век брзо јакнело републиканското движење. На 01.06.1921 год., под влијание на Октомвриската револуција, во Шангај е основана Комунистичката пратија на Кина (КПК). Во септември 1931 год., Јапонија ја окупирала Манџурија и ја основала марионетската држава Манџукуо, а на престолот го поставила сменетиот крал Пу Ју (19343 год.). Чанг Кај Шек дури во петтата офанзива во есента 1934 год., успеал да ја освои комунистичката република во Цангси. На 01.10.1949 год., во Пекинг е прогласена Народна Република Кина, а за нејзин претседател е избран Мао Це Тунг. Во октомври 1950 год., кинеската војска го освои Тибет (од 1911 год., самостојна држава која Кина никогаш не ја призна). Во март 1959 год., во Ласа почна востанието против кинеската асимилација на Тибет. Кинеската војска со крв го задуши востанието, а Далај Лама со своите следбеници побегна во Индија. Во 1965 год., Тибет стана автономна покраина во границите на Кина. НР Кина во 1979 год., има воена интервенција во Виетнам, што претставува агресивна употреба на вооружена сила, со цел стекнување на нови позиции и заштита на своите интереси.[65] При крајот на 50-тите години на 20-от век во КПК се заостриja несогласувањата меѓу умерените комунисти, кој ја нагласуваат важноста на стопанскиот развој, и радикалите, кои сакаа да воспостават бескласно општество. Се заостриja и односите со СССР. Кина го обвини

[64] http://www.chinaknowledge.de/History/Ming/ming.html

[65] Котовчевски, М. (2000) „Национална безбедност на РМ", трет дел, Скопје, Македонска цивилизација, стр. 63-64.

Н.Хрушчов за десталинизација, а СССР за предавство на комунизмот и соработка со западните држави во заговор против Кина. СССР ја прекина севкупната стопанска помош на Кина и ги повика своите специјалисти да се вратат од Кина. Поради лошата стопанска состојба Мао Це Тунг (Mao Zedong) во 1959 год., бил принуден да им го препушти водењето на државата на прагматичарите од кртовите на Лиу Шао Чи (претседател на републиката од 1959 до 1968 год.,) и Денг Ксијао Пинг (Deng Xsiao Ping), кои проведоа целосни стопански реформи и до 1963 год. успеаја да ги намалат стопанските тешкотии.

Во почетокот на 70-тите години на 20-от век Кина постигнала голем успех во меѓународната политика кога од ОН е исклучен Тајван, а на негово место е примена и зачленета Народна Република Кина (октомври 1971 год.). Во декември 1989 год., Централниот комитет на КПК објави десетгодишен план за развој (1991-2000 год.) Со него почна постепено да се воведува т.н. Социјалистичко пазарно стопанство и учество на Кина на светскиот пазар. Настапи период на брз напредок на стопанство и постепено бил дозволен приватниот капитал, придружен со големо општествено раслојување, невработеност и зголемување на разликите меѓу приморските покраини и внатрешноста на земјата. Меѓу 1994 и 1997 год. Кина и Русија ги разрешија повеќето погранични спорови, потпишаа договор за некористење на нуклеарното оружје и склучија долгорочно „стратегиско партнерство" како противтежа на САД и ширењето на НАТО. Се подобрија односите со Тајван (нагло зголемување на трговијата преку Хонг Конг, регулирање на правата на рибарите и враќање на нелегалните доселеници). На 01.07.1977 год., според начелото „една држава, две уредувања", Хонг Конг повторно стана дел од Кина, а на 20 декември 1999 год., беше присоединето и Макао. Во декември 2001 год., Кина стана членка на Светската трговска организација (WTO)[66].

Кина е социјалистичка народна република. Од 04.10.1982 год., во сила е четвртиот Устав на Народна Република Кина. Носител на политичката власт е Комунистичката партија на Кина (КПК) со 66 милиони членови (2002 год.). Идеологијата на комунистичката партија е уште наречена во економската политика како „Социјализам со кинески карактеристики".[67] Нејзино највисоко

[66] Пошироко во: WTO (Светска трговска организација) е основана во Женева 08.12.1994 год., како конечен резултат на договорот на членките на GATT на крајот од уругвајскиот крут на преговори (15.12.1993 год.) и министерската конференција во Маракеш (Мароко). Почна да дејствува на 01.01.1995 год.

[67] http://www.chinaknowledge.de/History/PRC/prc.html

тело е Државниот партиски конгрес со повеќе од 2100 делегати. Конгресот од своите делегати го избира Централниот комитет (189 полноправни членови и 130 кандидати), а тие пак, меѓу себе го избираат Политбирото со 24 членови. Тоа има постојан одбор од девет членови (генерален секретар на КПК и уште 8 највисоки партиски водачи) и седумчлен Секретаријат. Тие се највисоките органи на власта бидејќи Конгресот всушност има многу малку вистинска моќ.

Мнозинството од населението се Кинези (Хан-кинези, 92%) но има и многу други жители. Народот Хан се мнозинско население во сите провинции и во сите автономни области, освен во Синкјанг (40%) и Тибет (5%). Во Кина живеат вкупно 55 службено признати национални малцинства. Најгусто се населени низините, речните долини и базените на исток. Таму густината на населението изнесува дури до 4000 жители на км², додека во провницијата Хенан 554, Шандонг 592, Ченгсу 725). Пограничните територии на север и запад се многу ретко населени (внатрешна Монголија има 20 жители на км², Синкјанг 12 жители на км², Тибет 2-ца жители на км²). Поголемиот дел од селското население живее во збиени села покрај патиштата (од 100 до 200 куќи). [68]

И покрај либерализацијата и отварањето на Кина кон светскиот пазар, стопанството се уште е централизирано планско (десетта петолетка 2001-2005 год.,), под големо влијание на централната и локалната власт.
Во деведесетите години на 20-от век освен државниот беше создаден и нов, приватен сектор, кој при крајот на 1996 год., беа вработени над 20 милиони луѓе, а 32 милиони луѓе беа вработени во претпријатијата во колективна сопственост. И покрај тоа уште околу 107 милиони се вработени во државните претпријатија, но нивниот број брзо се намалува (за 23 милиони по 1997 год.). Државните претпријатија се обврзани да произведат толку колку што е одредено со годишниот план, а вишокот може да се продава на слободниот пазар. Бидејќи тие претпријатија со децении, освен производствената, имале и социјална улога, Кина се соочува со голем вишок на работна сила и недоволна ефикасност. Кина во 90-тите год. на 20-от век стопански многу брзо напредуваше. Во почетокот на 90-тите години просечниот реален пораст на БДП беше малку поголем од 10%, кои потоа се намали, а со присоединувањето на Хонг Конг кинескиот БДП е зголемен за речиси 25%. Освен наглото

[68] http://www.worldometers.info/world-population/china-population/

зголемување на животниот стандард на голем дел од населението, тоа доведе и до вистинска инвестициска треска придружена со голем прилив на странски капитал (53% од Хонг Конг, остатокот пред се од Јапонија, САД и Тајван) и нагло продлабочување на разликите меѓу приморските покраини, во кои се вложува најголем дел од странскиот капитал, и внатрешноста која се повеќе заостанува. Заостанувањето е особено изразено во Тибет и Синкјанг. Поради лошите социјални состојби во тие области владее големо антикинеско расположение. И покрај брзиот пораст на БДП и подобрувањето на животниот стандард на повеќето жители, сиромаштијата се уште е голема, како во селата така и во градовите. Според процентите на Светската банка, околу 350 милиони луѓе живеат под границата на сиромаштијата, а истовремено е создаден и нов слој на многу богати капиталисти, главно во градовите кои стопански се развиваат најбрзо (Шангај, Кантон).




Слика бр.6 – Состојбата на годишниот БДП на НР Кина од 1995 до 2013 год.,[69]

Брзиот економски развој има негативни последици за животната средина, многу е загаден воздухот во повеќето градови, загадени се реките, подземните води (само половина од жителите имаат чиста вода за пиење),

[69] http://blogs.r.ftdata.co.uk/ftdata/files/2012/12/China-GDP-forecast.jpg

големи штети предизвикуваат киселите дождови, поради ширењето на градовите и изградбата на инфраструктурата се намалуваат земјоделските површини, многу е загрозено природното и културно наследство. Кина е шести најголем производител на нафта во светот (170 милиони тони), а се поважно станува и производството на пририден гас (33 милијарди м³). Најважните нафтени полиња се наоѓаат на североисток од Данчинг на север, по долината на реката Лаоа до заливот Бо Хај па се до делтата на реката Хоангхо.




Слика бр.7 – Наоѓалишта на нафта на територијата на НР Кина[70]

Другата нафтена област се наоѓа во крајбрежните делови на Јужното Кинеско Море. Таму во истражувањето и добивањето нафта учествуваат и странски нафтени компании (Јуникал-САД, Шел-Англиско-холандска корпорација, Шеврон-САД, Петронс-Малезија, Талисман-Канада ).[71]

[70] http://www.eia.gov/countries/cab.cfm?fips=ch

[71] http://oilprice.com/Energy/Energy-General/Why-Oil-and-Gas-in-the-South-China-Sea-Wont-Be-Developed.html




Слика бр.8 – Енергетски наоѓалишта на територијата на НР Кина[72]

Нафта и природен гас се добиваат и во Сечуан, додека неискористени резерви постојат на северозапад во Синкјанг (Урумчи и Карамај во Џунгарската вдлабнатина) и во Јумен во Ганса. Во покраините Џилин и Љаонинг постојат и големи наоѓалишта на јаглени шкрилци.

Поради брзиот економски развој и зголемувањето на животниот стандард потрошувачката на електрична енергија брзо се зголемува (1980-1990 год., за 63%). Се очекува дека меѓу 1993 и 2015 год., потрошувачката на електрична енергија ќе се зголеми за трипати, со што на природата ќе и се нанесат големи штети.

Пред воведувањето на социјализмот Кина имала многу добро развиено традиционално занаетчиство, но индустријата била неразвиена. Една од

[72] http://bittooth.blogspot.com/2012/09/ogpss-chinas-coal-industry.html

приоритетните задачи во социјалистичкиот период беше брзата индустријализација, покрај развојот на тешката индустрија, пред се на тешката и обоената металургија и машинската индустрија. Се создадоа големи индустриски комплекси во државна сопственост кои денес се соочуваат со големи тешкотии, иако вработуваат околу 24 милиони индустриски работници и остваруваат 47,2% додадена вредност во индустријата (2003 год.). Многу побрзо се развива недржавниот сектор кој е составен од приватни претпријатија во колективната сопственост.

Голем поттик на индустрискиот развој во приморските покраини се т.н. посебни стопански претпријатија, кои се целосно отворени за домашниот и странски капитал, така што не се под целосен надзор на централната власт во Пекинг. Првите четири такви области се основани во 1979 год., а тоа се Шен-џен покрај Хонг Конг, Жухај пораj Макао, Шаноу и Сјемен, а во 1984 год., 15 градови покрај брегот се прогласени за отворени градови со сличен степен на стопанска автономија (Беј-хај, Џанченг (Zhanjiang), Кантон, Фуџоу, Венџоу (Wenzhou), Нингбо, Шангај, Нантонг, Лануанганг (Lianyungang), Чингдао, Вејхај, Јантај, Тјенџин, Чинхуангдао и Далијан.

И покрај настојувањата кон изедначувањето на развојот во целата држава, поголемиот дел од индустријата е распореден во источните покраини. Најголемите индустриски области се наоѓаат покрај долниот тек на реката Јангцекјанг со центри во Шангај и Нанџинг (црна металургија, машиноградба, електротехничка, електронска, текстилна, хемиска и петрохемиска индустрија), покрај средниот тек на реката Јангцекјанг со средиште во Баухау (црна металургија, машиноградба, автомобилска индустрија, бродоградилишта), во Големата Кинеска низина во областа околу Пекинг, Тјенџин и Тангшан (црна металургија, хемиска, петреохемска, електротехничка и текстилна индустрија) и во долниот тек на Хоангхо и на полуостровот Шангдонг (центри Кинан, Зибо и Чингдао-хемиска, текстилна, керамичка индустрија, црна и обоена металургија. Во близина на богатите наоѓалишта на камен јаглен во покраината Шансиј се развила тешката индустрија со средишта во Тајјуан и Датонг. Во јужна Кина најважна е индустриската област во делтата на реката Џу Ченг (Zhu Jiang, Бисерна река) со средишта во Хонг Конг, Шенцен и Кантон. Таа област и пред присоединувањето на Хонг Конг кон Кина била заокружена целина (електротехничка, електронска, текстилна, оптичка, прехранбена индустрија,

машиноградба) и во источниот Синкјанг во Урумчиј (петрохемиска и хемиска индустрија, машиноградба, текстилна индустрија-теписи).

Од крајот на 70-тите години на минатиот век, по смртта на Мао Це Тунг и исходот на борбата за негов наследник, почнува големиот пресврт во кинеската внатрешна и надворешна политика. Клучниот човек за тој пресврт секако беше *Deng Xiaoping*, кого историјата сигурно ќе го стави во редот на најзначајните луѓе во поновата кинеска историја, а можеби и во историјата на Кина воопшто. Денг ја промени Кина во толкава мера, што веројатно ниту самите Кинези, а ни остатокот од светот тоа не можеше да го предвиди. Под водство на Денг, Кина започна со големите економски реформи, кои и го донесоа најдолгиот континуиран пораст на БДП во светот во последните две децении. Кина со сегашната стапка на пораст на БДП може да го дуплира својот БДП на отприлика секои десет години, што сепак не може да потрае уште многу долго, но делува многу импресивно. Економските реформи најмногу беа изразени во пресвртот кон пазарната економија, либерализацијата на кинеската економија, големите странски вложувања и големите инфраструктурни проекти.[73] Политичките реформи во вид на поголема демократизација на општеството беа послаби и не беа во тек со економските реформи. Но, и за ова постои делумно оправдување, кое се состои од реалноста на кинеските услови и секојдневие, кои бараат силна централна и одлучна власт и кои не можат да поднесат нагла промена во потполно различен облик на управување. Кина денес е држава која сè повеќе личи на некои од азиските тигри, кои исто така имаат силна централна власт, и истовремено ја развива извозно ориентирана економија која е заснована на економските законитости и пазарните принципи. Заради ваквиот развој на настаните, Кина се здоби со можноста да го зајакне своето политичко влијание во светот и да ги модернизира и унапреди способностите на својот систем за национална безбедност. Како голема држава со најголем број на население во светот, важноста на Кина во меѓународните односи се наметнува сама по себе, особено кога постојано е пропратена со сè поголема и поконкурентна економија. Ова е причината зошто постојат предвидувања дека за 20-30 години ќе дојде добата на Кина во меѓународните односи. Кина би можела да почне да остварува многу силно влијание врз меѓународните и

[73] Пошироко во: Jurišić, K. (1999), „Pola stoljeća Narodne Republike Kine", Politička misao, vol. XXXVI, br. 3, str. 34-44.

геополитичките односи и врз светскиот геополитички поредок. Влијанието на Кина може кумулативно да се зголеми, ако Кина води политика во која нема да биде изразена желбата за доминација, туку желбата за формирање на сојузништва. Важно ќе биде и да не се промени кинескиот став за потребата за постоење на мултиполарност во светот, што не е веројатно. Кина е еден од најголемите заговорници на идејата за мултиполарен свет, која е во спротивност со униполарноста и сè посилната хегемонија која ја остварува САД. Кина е истовремено и држава која не може лесно да се „прочита" и го претставува можеби најголемиот предизвик за новиот светски геополитички поредок.

Современата кинеска надворешна политика ги одредува своите приоритети согласно реалностите кои ги носат геополитичката, геостратешката и меѓународната позиција на Кина. Освен тоа, таа го обликува своето дејствување кон светот и според развојот на случувањата во најважните држави во меѓународната заедница. Како и секоја друга држава, Кина особено внимание посветува и на своите соседи, поготово затоа што граничи со три нуклеарни сили. Со една од нив, која е воедно и најмалку важна, има сојузнички односи. Таа сила е Пакистан, која природно е поврзана со Кина, заради непријателството со Индија. Втората сила е Индија, со која Кина има полоши односи, заради територијални несогласувања, околу прашањето за Тибет и борбата за превласт во Азија, во која Кина има неспоредливо подобра позиција. Третата нуклеарна сила со која Кина граничи, е секако Русија, која е втора нуклеарна сила во светот и држава со која Кина низ историјата имаше многу територијални несогласувања, недоразбирања и помали конфликти. Со распадот на СССР дојде до подобрување на руско-кинеските односи, па може да се каже дека денес тие односи се конструктивни. Кина официјално ја призна денешната граница кон Русија и кон останатите држави од ЗНД во централна Азија, склучи низа на договори со Русија, од кои неколку ги вклучуваат и државите од централна Азија (Шангајската група). Индикативен е големиот пораст на трговската размена со Русија и со државите од Централна Азија, како и изградбата на нафтовод кој би требало да ја поврзува Централна Азија и морињата кое се граничат со Тихиот океан. Овој нафтовод би требало да биде конкуренција на поморскиот превоз на нафта од Персискиот залив и да биде главна снабдувачка линија со нафта за Кина, Јапонија и источна Азија. Кина

има развиено економска соработка со Јапонија, преку која има големи јапонски вложувања во кинеската економија. Политичките односи се оптоварени со упорното јапонско непризнавање на одговорност за воени злосторства во Кина, кои за последица имаа милиони мртви. Освен тоа, заради својата поврзаност и субординација кон САД во надворешно-политичките и безбедносните прашања, Јапонија никогаш нема да може да ги развие односите со Кина на повисоко ниво отколку што се сега, доколку темелно не ја промени својата надворешна политика. Државите од Јутоисточна Азија во одредена мера се плашат од Кина и од нејзиното растечко влијание во Азија, па ја доживуваат како регионален хегемон. Овие држави се здружени во *„ASEAN"* (Здружение на државите од јутоисточна Азија) и развиваат билатерални и мултилатерални односи во рамките на ASEAN[74]. Со Кина имаат развиена трговска соработка, но во темелните надворешно-политички прашања или го следат САД или имаат свој сопствен курс.

Денес кинеската надворешна политика е активна во повеќе правци: глобално го одбива светскиот поредок заснован врз хегемонија, се обидува да развие односи со азиските држави со кои има исти ставови, развива интензивна соработка со Русија, ги промовира идеите за мултиполаризам во државите од Третиот Свет, активна е на сите полиња во меѓународните односи.[75]

Во согласност со промоцијата на мултиполаризмот, Кина исто така смета дека ОН мора да останат единственото место во кои треба да се донесуваат темелни одлуки за светскиот поредок и употребата на сила против агресорите, покрај сите други важни функции кои оваа организација денес ги врши. Зајакнувањето на улогата на ОН, нивната реорганизација и преземањето на нови функции е пристап кој Кина несомнено ќе го поддржи.

Кина денес е најголема сила на просторот на Азија и западниот Пацифик. Нејзината улога и значење во Азија може само да растат. Кина не мора да се плаши од надворешни непријатели, освен во ситуација на тотален нуклеарен судар, после кој нема да биде важна ниту Кина, ниту била која друга држава. Со оглед на тоа дека веројатноста за таков судар е мала, вистинската опасност за

[74] Пошироко во: ASEAN (Association of Southeast Asian Nations) Сојуз на државите од јутоисточна Азија е регионална меѓународна организација во Јутоисточна Азија, основана 08.08.1967год. со цел развој на меѓусебните политички, економски и културни односи односно промотори на регионалниот мир и стабилност. Членови се земјите: Индонезија, Малезија, Филипини, Сингапур и Тајланд а подоцна се вклучуваат и:Камбоџа, Лаос, Виетнам, Бурма и Брунеи.

Кина може да дојде само од внатре или да биде внесена внатре во кинеските граници. Се работи за потенцијални судири со низок интензитет (како оние што неколку години ја потресуваат Русија и ја нарушуваат нејзината стабилност и претставуваат најголема закана за безбедноста), ширење на пропаганда која е спротивставена на кинескиот поредок, ширење на други закани кои спаѓаат во soft-security – трговија со дрога, оружје, опасни материјали, воена технологија, луѓе и сл. Кина мора да биде подготвена да одржува цврст систем на внатрешна безбедност, покрај одржувањето и модернизирањето на Кинеската Народноослободителна Армија.

## 3. Карактеристики на геополитичките односи на САД и Русија со НР Кина

Периодот кој следуваше по завршувањето на Студената Војна, беше обележан со голем број на промени кои предизвикаа значителни турбуленции во светски рамки. Беше тоа еден премин од време на големо соперништво помеѓу суперсили кое се одвиваше на глобално ниво, во време на мали конфликти од регионален карактер и значително намалена можност за тотално глобално соочување. Она што останува како најголем впечаток во овој период, е светската доминација и хегемонија на САД, кои се единствената светска суперсила во овој период, со низа на регионални поредоци во одредени делови од светот, со атомизирани држави, и со нестабилност и несигурност во останатите делови на светот. Се претпоставуваше дека, со завршувањето на Студената војна, безбедноста ќе стане помалку значајно прашање во меѓународните односи, и дека ќе престане да биде најважната функција која ја вршат државните органи. Меѓутоа, се покажа дека ваквата претпоставка се покажа како погрешна, затоа што безбедноста, наместо да стане помалку важна, ја задржа својата важност во меѓународните односи. Промените кои се случија во областа на безбедноста, не се однесуваа на квантитативниот, туку на квалитативниот аспект. Дојде до промени на содржината на безбедносната проблематика и контекстот во кој се разгледува безбедносната проблематика. Со падот на комунизмот во Источна Европа и со распадот на СССР, имаше еден период на краткотрајно подобрување на безбедносната состојба. Но, набргу потоа безбедносната состојба беше влошена на регионално ниво во југоисточна Европа, источна Европа и на Кавказот, односно во средиштето на светската копнена маса и во просторот кој е клучен за безбедноста на делови од Европа, Русија и делови од Азија. Бидејќи како централен предмет на понатамошното истражување ќе биде НР Кина, односно односот на САД и Русија кон НР Кина, потребно е да се направи кратка елаборација и запознавање со кинеската геополитика.

Современата геополитичка положба на НР Кина укажува дека и понатаму нејзината територија и политика ќе претставува простор кој ќе биде во центарот на вниманието како на светските водечки сили, така и на околните држави и

народи. Варијабилните елементи кои ја одредуваат геополитичката положба на НР Кина, претставуваат последица на прераспределбата на економските и воените сили и редефинирањето на картата на светската и регионалната политичка моќ. За релевантно и навремено осознавање на геополитичката реалност на НР Кина и нејзино предвидување потребни се студиозни анализи на геополитичките трендови и односот на двете најголеми светски сили, САД и Русија кон неа.

Во наредната глава од трудот ќе се направи една анализа на геополитичките визии на Русија и САД кон Народна Република Кина. Анализата е направена следејќи го историскиот контекст на политичките односи помеѓу НР Кина и Русија и НР Кина и САД. Она што е воочено како резултат на анализата врз основа на преземените ангажмани и изградените позиции на азискиот континент е дека забележливи се напори од страна на САД и Русија за зближување со НР Кина. Ваквиот практичен геополитички пристап и кај Русија и кај САД не соодвествува со формалниот геополитички пристап во анализата на нивните односи. Анализата ќе се направи преку давање на слика за геополитичката визија на односите помеѓу Русија и НР Кина, од аспект на практичната и формалната геополитика, елаборирана преку теоријата за „Падот на Кина" од Александар Дугин. Истиот пристап е применет и за геополитичките визии на САД кон НР Кина, насловен како „Стратегија за задржување" преку геополитичките анализи на Збигњев Бжежински и практичните геополитички акции на актуелната американска администрација.

Меѓутоа, пред да се започне со анализа на односите помеѓу САД и Русија кон НР Кина, ќе се направи едно подетално запознавање со геополитичката состојба во која се наоѓа НР Кина, како што беше кажано погоре.

## 3.1. НР Кина како предизвик за глобалниот економски поредок

Заради новостекнатиот статус на економска суперсила, НР Кина претставува голем предизвик за САД и за останатиот дел од светот. Силите во раст, како што е НР Кина, се потенцијални пореметувачи на меѓународниот поредок и во исто време претставуваат предизвик како за безбедносниот така и за економскиот конфликт. НР Кина стана светска економска суперсила. Таа има

национална економија која е втора по големина[76], а истовремено е втор најголем извозник во светски рамки.[77] НР Кина има далеку поголем вишок на тековниот биланс како и најголеми девизни резерви во целиот свет. Нејзиниот просечен економски раст во изминатите триесет години изнесува 10 проценти, тоа е податок кој заслужува восхит. БДП за 2013 год. е 7,7% или во износ (9,4 трилион долари).

За да може една земја да биде окарактеризирана како глобална економска супесила, таа мора да исполнува три критериуми. Таа мора да биде доволно голема за да влијае на светската економија. Исто така, мора да биде доволно динамична за да има значаен придонес во глобалниот раст, а што е најважно, таа мора да биде доволно отворена за трговските и капитални текови бидејќи со тоа остварува сериозно влијание врз другите земји. Ваквиот вид на предизвик за да се оствари влијание станува се повеќе усложнет поради тоа што НР Кина, гледано историски наназад, е единствена глобална економска суперсила која е набљудувана од три многу важни аспекти. Таа е сеуште сиромашна земја со приходи по жител од околу 3.000 долари, што не е ниту 10% од приходите во Европската унија и САД. НР Кина сеуште во голема мера има непазарна економија (што значи дека владата е таа која ги донесува најважните одлуки за цените и распределбата на добрата и ресурсите) и покрај екстремното зголемување на пазарот во изминатите три децении. Во политичка смисла НР Кина, секако, се уште не е демократска земја и можеби е и најголем предизвик за целокупниот глобален систем поради нејзината решеност да стане успешна земја со висок приход, а притоа да не направи темелни реформи на сопствениот авторитарен политички систем. Сите овие три елементи ја намалуваат веројатноста дека НР Кина лесно ќе ги прифати системските обврски кои традиционално доаѓаат со статусот-велесила, па дури и одредени поединци сметаат дека ниту САД нема интерес НР Кина да ги прифати таквите обврски.

---

[76] Ваквата практика важи кога девизниот курс се смета спрема паритетот на куповната моќ, што е стандардна пракса на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка. Ако се гледа на девизниот курс, од пазарна гледна точка, економијата на НР Кина засега е четврта во светот, но наскоро се очекува да биде пред Германија што значи дека ќе биде на трето место, така што пред нејзе ќе бидат само САД и Јапонија.

[77] Гледано од трговски аспект НР Кина е трета држава во светот, но остварува огромен трговски суфицит така што нејзиниот извоз далеку го надминува увозот. НР Кина е и втор по големина извозник во светот пред нејзе е само Германија, а на трето и четврто место се Јапонија и САД.

Никако не смее да се заборави и важноста на Кина во безбедносна смисла. НР Кина забрзано ги шири и модернизира своите воени капацитети и, иако на глобално ниво се уште не може да се споредува со Америка, кинеските сили се оспособени за проекција на многу поширок терен, па наскоро НР Кина може да дејствува надвор од регионот на кој му припаѓа. Успехот на економското поле и проширувањето на економскиот напредок и ја гарантира способноста на НР Кина да ги ангажира воените средства со таква голема брзина што ги вознемирува нејзините соседи и претставува се поголем предизвик за пошироки воени судири. Нормално, секогаш треба да се има во предвид фактот дека НР Кина, се разбира, останува нуклеарна сила која поседува системи за испорака со кои има домет барем до некои делови на САД.




Слика 9.- Споредба на военио буџет на НР Кина од 1996-2009год.

Ако направиме споредба на военио буџет на НР Кина, како што е прикажано на слика 9, ќе видиме дека од 1996 год., до 2009 год., буџетот на НР Кина постојано се зголемува, со тоа и кинеската армија се зголемува и има 3 455 000 војници, и тоа 150% повеќе од американската армија, кинеската армија има 2,28 милиони активни војници и 800 000 во својот резервен состав, за споредба американската армија има за 1,5 милиони помалку активни војници и околу

860 000 резервен состав на војници.[78] Бројките укажуваат на фактот дека НР Кина се стреми да стане прва воена сила во светот.

Во 2011 год., НР Кина го објавува воениот буџет кој има пораст за околу 91,5 билиони американски долари, што ја прави втора земја во светот според големината на воениот буџет. Во споредба со 2010 год., кога истиот беше помал за 7,5% односно има двоен прираст во следната година.




Слика 10.- Кина, Америка, Русија бројност на воени бродови од 1970-2009 год.,

Меѓутоа, она што најмногу ја загрижува меѓународната заедница, од воените развојни аспекти на НР Кина, е кинеската улога во пролиферацијата на оружје на глобално ниво, особено оној дел од кинеската трговија со оружје кој може да ја наруши регионалната рамнотежа на моќ, и од друга страна, да придонесе за ширење на средства за масовно уништување во глобални размери. Според податоците од разузнувачките служби на САД, Кина се истакнува како главен добавувач на воена технологија (особено на ракетните, нуклеарните и хемиските) на државите од Азискиот дел посебно на Пакистан и Иран. Ваквите обвинувања, кинеските лидери ги отфрлаат со фактот дека продажбата на оружје е легитимно средство за зачувување на својата валута стабилна, додавајќи го фактот дека САД биле најголем светски извозник за оружје во

[78] http://www.china-mike.com/facts-about-china/chinese-government-corruption-military/

светот и сепак дека САД бил причината за загрозување на кинеските национални интереси.

Кина беше прва држава која се обврза дека нема да го употреби своето нуклеарно оружје во воени услови. Во 1984 год., пристапи во Меѓународната агенција за атомска енергија[79], а во 1986 год., се обврза дека своите нуклеарни проби во атмосферата ќе ги замрзне.

Во 1992 год., потпиша договор за престанок на ширење и развој на нуклеарното оружје, додека во 1995 год., го подржа неговото неограничено траење на ваквиот договор.[80] Во 1996 год., пристапи кон потпишување на договор за сеопфатна забрана на секакви нуклеарни проби, која исто така беше обврзувачка за престанок односно забрането производство на нуклеарни материјали.

Третата низа на политички прашања исто така е дел од приказаната за „НР Кина како предизвик" за постоечките меѓународни норми. Тука спаѓаат: ограничувањата на ширење на нуклеарното оружје, правото на самоопределување, почитувањето на човековите права, исполнување на стандардите од областа на работните обврски и друго.

Меѓународните стандарди, повеќе или помалку, постојат во сите овие области. Гледано од економска перспектива НР Кина начелно се придржува на повеќето стандарди, но во пракса често отстапува од нив. Во оваа смисла предизвикот на НР Кина често потекнува од нејзината соработка со земјите кои ги кршат договорените меѓународни норми во овие области, како на пример Иран со нерешавање на договорот за нуклеарното оружје или Бурма која ги крши нормите за човекови права, со што се поткопува способноста на глобалниот поредок за делотворно совладување на таквите проблеми. Суштината на приказната е тоа дека „постои голема веројатност НР Кина да развие нов политички модел кој ќе го нарекува демократски, но нема да ги опфати елементите на плурализам, политички натпревар и директните избори кои САД ги смета за неизоставен елемент на демократијата".[81]

---

[79] Пошироко во: Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA - International Atomic Energy Agency) формирана на 29.07.1957 година, со седиште во Виена е прва глобална меѓународна организација за промовирање на мирно користење на нуклеарната енергија нејзино ограничување, забрана за употреба на нуклеарната технологија за воени цели како и забрана за производство на нуклеарно оружје. (Посетен на 12.04.2012 год.) https://www.iaea.org/about/memberstates

[80] Пошироко во: http://fas.org/nuke/control/npt/ (Посетен на 12.04.2012 год.)

[81] Хардинг. Х.: Обраќање Одбору за Спољне Послове Сената, Вашингтон, 2008 стр. 39-40.

### 3.2. Енергетските последици по кинескиот економскиот раст

На едната страна од билансот на НР Кина стојат фасцинантни економски постигнувања, додека на страната кај заштитата на животна средина и енергенсите (поради природата на индустријализацијата) НР Кина се соочува со долгови. Помеѓу 1978-та и 2000-та год., кинеската економија има раст од 9%, додека растот кај побарувачката од енергенси е 4%. На преминот кон новиот век уделот на НР Кина во глобалните побарувања за енергенси е 10%, но таа 96% од овие побарувања ги задоволува од домашните енергетски ресурси. После 2001 год., економијата започнува забрзано да расте, но таквите промени во структурата на економијата ја зголемуваат побарувачката за енергенси за 11%. Уделот на НР Кина во глобалната потрошувачка на енергија денес постигнува раст на преку 16%, поради што таа е приморана да се потпира на меѓународниот пазар за нафта, гас и јаглен бидејќи истите и недостасуваат.[82]

### 3.3. Геополитичкото место на НР Кина на светската геополитичка карта

Иако досега НР Кина во своите достигнувања и се нема приближено на моќта што ја поседува САД, па ниту на онаа која ја поседувала Велика Британија во 19 век, сепак нејзината вклученост на економски, политички и културен план има глобално влијание. НР Кина станува водич во глобално економскиот раст, така во мај 2014 год., има девизни резерви во вредност од 3,9 трилиони американски долари[83], а за во иднина планира од оваа сума стотина милијарди долари од својот инвестициски фонд да ги усмери во светски инвестиции. Нејзината силна движечка потреба за сите видови на природни суровини, од нафта и алуминиум па до цемент и бакар, ја урива светската цена на овие суровини[84].

Економски силната НР Кина постепено го зазема водечкото место не само во Азија туку и во светски размери, само за споредба ќе го земеме примерот

[82] Пошироко во: http://www.financialsense.com/contributors/chris-puplava/statistical-review-of-world-energy-2007-part-1

[83] http://www.chinability.com/Reserves.htm

[84] Financial Times, *Lefarge Aims to Double Investment in China*, (2005)

прикажан на слика 11 од три годишната потрошувачка на цемент што Кина ја потрошила во период од три години додека САД истата таква количина ја троши во цел 20 век.




Слика 11.- Три годишна потрошувачка на цемент на Кина од 2011-2013 год.[85]

Ваквото темпо, Кина не само што постепено го престигнува САД туку ќе биде далеку пред него, со крајот на деценијата кинеската економија ќе биде далеку поголема за разлика од американската економија. Брзиот раст на Кина ја прави најголем трговски партнер помеѓу државите, посебено во Азија.

Исто така, НР Кина станува и значаен активен играч кога се работи за решавање на одредени критички прашања од безбедносен глобален карактер, како што се случаите со Северна Кореа, Иран и Судан па се до проблемите за глобалното затоплување, ширењето на ХИВ вирусот како и за енергетската безбедност. Нејзините претставници и интелектуалци стануваат се поотворени во разговорите за кинеските погледи за меѓународните прашања. За тоа време НР Кина дистрибуира самодоверба и продор, при тоа промовирајќи ги во јавноста сопствените интереси и принципи, и истовремено предизвикувајќи ја Америка, Европската унија и останатите големи сили во моментите кога ја понижуваат заради нејзината валута, човековите права и сл. Во таквите

[85] Пошироко во: http://www.sbs.com.au/news/article/2014/06/16/comment-have-you-hugged-concrete-pillar-today (Посетен на 20.07.20014 год.,)

ситуации НР Кина се поретко се однесува како подредена земја а се повеќе како рамноправен играч на меѓународната сцена.

Поради тоа што НР Кина се повеќе ја прифаќа глобализацијата во сите нејзини облици значи дека нејзините глобални интереси, а со тоа и нејзината моќ, сразмерно растат. Како постојана членка на советот за безбедност на Обединетите нации која има право на вето, НР Кина има единствен статус и овластување да делува (или да блокира) во одредени ситуации, независно дали се работи за ширење на оружјето за масовно уништување, борба за човекови права, итн.

Кинеските претставници и интелектуалци се поотворено зборуваат за растечкото влијание на НР Кина во меѓународните работи, како и за своите планови како таквото влијание со тек на време се повеќе да го зацврснат.

Кинезите низ својата надворешна политика настојуваат да го спречат создавањето на антикинеските блокови, особено во своето соседство, бидејќи нивното постоење би можело да го попречи нејзиното делување и нејзиниот економски раст. Исто така, се стремат да си обезбедат пристап на приморскиот пазар за да ги пласираат своите производи и природни ресурси кои го одржуваат нивниот внатрешен развој. Истовремено настојуваат да ја осигураат својата периферија за да не би дошло до евентуално загрозување на националната стабилност на државата од некои прекугранични фактори, особено на Тибет и Синцијангу, но и да го поттикнат создавањето на мултиполарен свет во кои моќта и влијанието од големите сили особено од САД ќе биде ограничено.

Може да се каже дека единствен исклучок во ваквата дефанзивна кинеска политика е ставот према Тајван. НР Кина покажа дека е спремна да примени цела една низа од економски и дипломатски механизми за да ги награди оние земји кои отворено ја подржуваат кинеската политика и го оневозможуваат Тајван да стекне меѓународен углед. НР Кина и модернизацијата на својата војска ја усмерува така да ја оспособи за делување доколку дојде до некакви непредвидени околности во врска со Тајван. Пекинг се повеќе успева да го изолира Тајван од меѓународниот живот, бидејќи има поддршка од сé поголем бројот на земји кои сметаат дека е подобро да не се замеруваат со водечките светски сили кои се во развој на полето на нивните најосетливи национални интереси.

НР Кина врши темелна проценка на глобалните и регионалните опкружувања и паралелно на тие проценки ја дефинира својата политика, при тоа таа се прилагодува на околината. НР Кина е во состојба да ги менува средствата што веќе ги одбрала а се со цел за да го постигне тоа што го зацртала.

Глобалната надмоќ на Америка, без сомнение, е нешто што му пречи на Пекинг како и постоечката безбедносна структура која ја покрива и Азија и Европа а почива на сојуз во кои главниот збор го има Америка. Сепак, НР Кина во последните години сè помалку ги изразува своите негодувања за да не ја вознемири Америка или другите земји од Источна Азија кои го поддржуваат опстанокот на ваквата структура.

Наместо тоа НР Кина го поддржува создавањето на новите алтернативни форуми во Азија и во другите делови од светот во кои би го промовирала градењето на доверба, соработка на регионална соработка и безбедност. Пекинг, за да го привлече вниманието на меѓународната сцена, и истовремено да стекне економска предност и безбедносна соработка, влегува во дијалог со регионални организации од различни делови од светот.[86]

Како заклучок на претходната елаборација, може да се каже дека НР Кина се издвојува како стожерна држава во геополитичкиот регион на Источна Азија, но и на поширокиот простор, заради својата голема површина, најголемиот број на жители во светот, економското и политичкото влијание.

### 3.4. Историски осврт на односите помеѓу САД и НР Кина

Односите помеѓу НР Кина и САД имаат свои корени од 1844 год., односно од Договорот во Ванг хиа. Помеѓу другото, Договорот се однесувал на фиксни трговски тарифи, овозможување на американските граѓани да градат цркви и болници во одредени кинески градови, а било утврдено и правото на американците да неможе да им се суди во кинеските судови (наместо тоа, тие ќе бидат судени во американските конзуларни претставништва).

Во почетокот на 1937 год., НР Кина и Јапонија влегуваат во Втората Кинеско-јапонска војна. Ова било продолжение на Првата Кинеско-јапонска војна од 1895 год. И двете војни се поврзани со значењето на Корејскиот

[86] Joshua E., Eric. H., E. H., Derek M. (2007). *„China and the Developing World"*, Beijing's Strategy for the Twenty-First Century p.128.

полуостров и богаствата и ресурси на Манџурија. Американците се инволвираат во воениот период со почетокот на Втората светска војна, кога Јапонија ја напаѓа поморската база Перл Харбор, на страната на НР Кина. Конфликтот завршува истовремено со завршувањето на Втората светска војна, односно со капитулацијата на Јапонија во 1945 год., Во периодот на Корејската војна од 1950 до 1953 год., двете држави, НР Кина и САД влегуваат во конфликтот и даваат поддршка на Северна односно на Јужна Кореја.

Периодот по дивергенцијата на односите помеѓу НР Кина и Советскиот сојуз, отвори простор за ново геополитичко редефинирање на позициите на НР Кина, Советскиот Сојуз и САД. После тајната мисија на Хенри Кисинџер во 1971 год., и посетата која се реализирала во наредната година на американскиот претседател Никсон на комунистичка НР Кина, настапува период на промена на односите помеѓу НР Кина и САД. Дипломатски односи двете држави воспоставуваат во 1979 год., после што САД ја затвораат својата амбасада на Тајван и го признаваат постоењето на една и неделлива НР Кина. Сепак, САД ја гарантирале безбедноста на Тајпеј доколку НР Кина направи обид за инвазија на островот.

Современите состојби укажуваат дека еден од најважните предизвици со кои се соочува САД на почетокот на 21 век претставува управувањето со големиот подем на НР Кина. НР Кина отсекогаш претставувала една од најважните држави во меѓународниот систем, првенствено заради големата територија, огромните ресурси и многубројната популација. Иако, со релативно слаба моќ во текот на модерната ера, значењето на НР Кина за меѓународната политика драматично се зголемува од 1978 год., кога реформите на пазарот иницирани од страна на Денг Ксијаопинг овозможиле трансформација на латентниот потенцијал во вистинска моќ, како на Азискиот континент така и на глобалната арена.

Следно заладување на односите помеѓу двете држави се случува во 1989 год., после демократските протестите на плоштадот Тиананмен. Протестите биле главно организирани од студентите кои одбивале да се повлечат од плоштадот се додека нивните барања за реформи не се исполнат. Исто така, односите помеѓу НР Кина и САД биле сериозно нарушени и во 1999 год., со НАТО интервенцијата во поранешна Југославија и бомбардирањето на кинеската амбасада. Таквиот настан предизвикал масовни анти-американски

протести ширум НР Кина. Најнасилни протести биле евидентирани во градот Ченгду каде што протестантите го запалиле американскиот конзулат.

Од економска гледна точка, подемот на НР Кина генерира голем спектар на аналитички премиси и предизвикува голем геополитички и геоекономски интерес, особено за САД, кој претставува еден од главните фактори во одржување и креирање на меѓународниот систем во периодот после Втората светска војна. Поконкретно, НР Кина се набљудува како еден од потенцијалните фактори кои можат да ја загрозат националната безбедност на САД. Ваквите анализи произлегуваат од геостратегиското значење на НР Кина и растот на националните способности, етаблирањето на НР Кина во меѓународната заедница како и уникатните историски и културни фактори кои можат да ги влошат односите помеѓу НР Кина и САД на подолг период.

Големата територија на НР Кина и нејзината географска, геополитичка и геостратегиска положба и дава своевидни предиспозиции за прераснување во евроазиска континентална сила која директно граничи со Североисточна Азија, Југоисточна Азија, Јужна Азија, Централна Азија и Русија. Ваквите состојби предизвикуваат потенцијален проблем за глобалните и регионалните интереси на САД. Влијанието на Пекинг врз Евроазија е зголемено особено во последните две децении како резултат на економскиот раст и проширувањето и вклучувањето во глобалните економски и политички токови. Бруто домашниот производ на НР Кина се зголемил за три пати во последните две децении од дваесеттиот век, што според одредени аналитичари со просечен раст од околу 8% до 9% годишно во текот на следните 20 години, БДП на НР Кина ќе го надмине оној на САД. Според други аналитичари, вака определената временска рамка е преоптимистичка со оглед на последните падови во стапката на раст, како и азиската финансиска криза и домашната кинеска банкарска криза. Како и да е, дури и пониските стапки на раст за НР Кина, доколку се одржливи на подолг временски период, се повисоки од оние на САД и другите држави од западната хемисфера. Тоа значи престигнувањето на БДП на САД нема да се елиминира, туку ќе се одложи за одреден временски период.[87]

---

[87] Michael D. S., Sara A. D., Peter W. G. (2000), Interpreting China's Grand Strategy, Past, Present and Future, str. 102-104.

### 3.5. Карактеристики на геополитичките односи помеѓу САД и НР Кина

Пред дваесет и пет години, времето кога НР Кина започнува да се отвара, голем беше јазот помеѓу Америка и НР Кина на културно, економско и политичко поле. Во претходните триесет години доаѓа до надминување на големите разлики помеѓу НР Кина и САД. Со взаемниот ангажман и соработката успеваат да постигнат успеси на кои може да се гордеат и двете влади. Не постои причина да не продолжи меѓусебната соработка помеѓу САД и НР Кина, во која кинеската држава ќе биде срдечно прифатена од глобалната заедница во која САД отсекогаш била доминантен играч. Денешната хегемонија на САД се остварува првенствено преку економски средства, технолошка надмоќ и културна зависност (*soft power*). Воена сила се применува само кога сите други средства се исцрпени или кога треба да се покаже одлучноста на одреден претседател и кога силата на САД не смее да се доведе под знак прашалник. Во периодот по завршувањето на Студената Војна, политиката на САД доживеа трансформација, која најдобро може да се следи преку надворешно политичките акции на одделни американски претседатели во тој период, кои беа вкупно три. Американската надворешна политика на Џорџ Буш Сениор ја обележаа падот на комунизмот во Источна Европа, воената интервенција против Ирак кој ја презема заедно со сојузниците за да го ослободи Кувајт и да ја осигура американската стратешка позиција на Блискиот Исток, распадот на СССР и формирањето на ЗНД, како и локалните војни и етнички судири (на пример на Балканот, каде што Џорџ Буш Сениор не сакаше воено да интервенира). Ширењето на влијанието на САД започна уште за време на Втората Светска војна, меѓутоа во периодот на Студената војна беше запрено на многу места, преку директното или индиректното дејствување на комунистичкиот блок. Денес пречките за проширување на влијанието на САД се многу послаби, бидејќи било која држава во светот е преслаба за да се спротистави на пресилното влијание. Освен тоа, влијанието на САД денес се проширува преку нови облици и средства. Економските и културните влијанија стануваат позначајни од воените и политичките, или им асистираат на воените и политичките фактори на начин на кој полесно се остварува влијанието без примена на политички притисок или воена сила. Понекогаш економските или културните фактори се доволни за да се оствари контрола над поедини држави

или региони, но понекогаш и не се. Случаи кога економските или културните фактори не се доволни за да се оствари контрола врз одредени држави или региони, се 130-те воени интервенции кои САД ги има превземено надвор од своите граници во текот на историјата.[88]

За САД се секако најважни и најпредизвикувачки односите со НР Кина, која од втора светска сила се стреми и најверојатно ќе биде идна велесила. Кинеската држава претставува држава со најголем број жители, економија и воена моќ во пораст. Таа е најголемиот американски конкурент кој може да ја загрози контролата врз азискиот простор. Останатите азиски земји не се доволно силни и се премногу разединети за да го загрозат САД или за да се обединат во обидите да се спротивстават на лидерството на САД. Најважната задача на САД е играњето на улогата на посредник во односите помеѓу азиските држави, чии односи сè уште се оптоварени со бројни несогласувања, нерешени проблеми, територијални спорови и сл. Исто така, САД треба да ја спречи ситуацијата во која една држава (скоро сигурно и единствено тоа може да биде само НР Кина) да воспостави доминација над поголемиот дел од азискиот простор. [89]

Односите помеѓу НР Кина и САД проаѓаат низ еден транзициски период во кој најверојатно ќе се искристализира каква ќе биде општата природа на тие односи во иднина, иако оваа претпоставка не може да се тврди со сигурност.[90] За време на мандатот на Клинтон, САД кон НР Кина и кон Источна Азија водеше политика на активно ангажирање, поврзувајќи ги економските и безбедносните интереси, развивајќи економска соработка преку гарантирање на безбедноста, во склад со геоекономијата која ја промовираше Клинтон во периодот по завршувањето на Студената Војна. НР Кина е еден од четирите најважни актери во светскиот поредок. Главната карактеристика на американската политика кон НР Кина е непостоењето на консензус околу

[88] Котовчевски, М. (2000) „Национална безбедност на РМ", трет дел, Скопје, Македонска цивилизација, стр. 63-64.

[89] САД во целост сфаќа што значи НР Кина на азискиот простор. НР Кина е држава во подем и идна велесила. На азискиот континент нема кој самостојно да се спротистави на нејзиното влијание. Особено интересно ќе биде да се следи развојот на идните руско-кинески односи, ако Русија процени дека таканареченото стратешко партнерство со САД нема да и донесе некоја поголема корист. Помеѓу другото, ниту првиот период на американско-руско партнерство не траеше долго. Но, во тоа време САД не ја гледаше потребата од таквото партнерство. Можеби и овојпат нема да може да ја согледа.

[90] При предвидувањето на настаните, никогаш не може да се тврди нешто со сигурност. Може само одредени работи да се оценат како повеќе или помалку веројатни, врз основа на досегашни случувања кои имаат одредена тенденција.

политиката, а и околу улогата и значењето на современа НР Кина. Најголемите несогласувања се појавуваат околу прашањата за човековите права и неприфаќањето на либералната демократија и западните вредности во НР Кина. Освен ова, постојат и несогласувања во поглед на Тајван, Тибет, пролиферацијата на оружје и сл. Сепак, во оваа политика е возможен одреден консензус околу три темелни прашања (економската соработка, мирот и безбедноста на азискиот простор), кој е постигнат благодарение на економските интереси. Со доаѓањето на Џорџ Буш Јуниор на позицијата претседател на САД, се случува еден пресврт во комплетната надворешна политика на САД, кој не ја исклучуваше и НР Кина. Сегашната американска администрација има многу порадикални ставови кон НР Кина за разлика од претходната.[91] Меѓутоа, со оглед на моменталните потполно различни приоритети на американската надворешна политика (борбата против тероризмот), на НР Кина не и се придава голема важност од страна на американската администрација. Освен тоа, во САД е направена проценка дека силата на НР Кина и нејзиното влијание во меѓународната заедница се многу помали отколку што се сметаше порано, па САД воглавно спроведува политика на игнорирање на НР Кина и на нејзините барања до меѓународната заедница. Ваквата политика е многу ризична. Најголема брана за кинескиот поглед на светскиот поредок претставува САД, кој скоро во целост успеа да го наметне своето гледиште на светот на најголемиот дел од глобалниот простор.

## 3.6. САД и пацифичката геополитика за контрола на „мирољубивиот подем“ на НР Кина

Според Бжежински, за САД централен предизвик во наредниот период, односно во наредните неколку децении ќе претставува сопствената ревитализација преку промовирање на т.н. поголем „Запад“ и правилно „сместување“ на глобалниот кинески подем.

Улогата на САД во Азија треба да биде во насока на регионално стабилизирање и преземање на улогата на помирувач, улога која во 19 век и раниот 20 век ја имала Велика Британија. САД можат да им помогнат на

[91] Поширoко во: Čehulić, L., (2001), „Posthladnoratovski odnosi SAD-a i Kine“, *Medunarodne studije*, vol.I, br. 2-3, str. 109-123.

азиските држави да ја избегнат борбата за регионална доминација преку посредување во конфликтите и неутрализирање на нерамнотежата помеѓу потенцијалните ривали.

Притоа, со особено внимание треба да се пристапува кон посебната историска и геополитичка улога на НР Кина во одржувањето на стабилност на Далечниот Исток. Насоченоста и посветеноста на регионалниот дијалог со НР Кина ќе овозможи намалување на можностите за конфронтирање, а исто така благопријатно ќе влијае на односите помеѓу НР Кина и Јапонија или НР Кина и Индија, па дури и во одредени моменти на односите помеѓу НР Кина и Русија кои се конфронтираат околу ресурсите и независниот статус на централно азиските држави.

Бжежински напоменува, дека САД мора да препознаат дека повеќе нема да можат да ја одржуваат стабилноста на Азија како не-азиска сила, барем не со директна примена на американската воена моќ. Ваквите ставови со постапките на Администрацијата на Обама во последниот период, како превентивно распоредување на воена сила, се потврдуваат. Оттука, како водечки принцип во надворешната политика на САД во Азија треба да биде во насока на придржување кон обврските кои се однесуваат на Јапонија и Јужна Кореја, со цел да не бидат вовлечени во војна помеѓу азиските сили на копното. За успешно менаџирање на кинескиот подем, САД ќе мора да се наслонат и на Русија.[92]

Ангажманот на Збигњев Бжежински околу нормализирањето на односите со НР Кина, датираат уште од тајната мисија во 1978 год.,. По налог на тогашниот претседател на САД, Џими Картер, Бжежински патува за Пекинг. Најновата иницијатива на Бжежински за хармонизирани односи со НР Кина, датира од 2009 год., со промовирањето на т.н. партнерство на САД и НР Кина, означено како G2.[93] Основните интенции на оваа иницијатива се контролирање на „мирољубивиот подем“ на НР Кина, за кој американците имаат поинакви видувања. Овис различни перцепции налагаат нивната надворешна политика да презема конретни геополитички чекори.

---

[92]Поширокo во: http://www.nytimes.com/2011/01/03/opinion/03brzezinski.html?_r=0

[93]Поширокo во: http://www.foreignaffairs.com/articles/64996/elizabeth-c-economy-and-adam-segal/the-g-2-mirage

Таквите конкретни чекори јасно се видливи во ангажманот на американската администрација, кои се во насока на „отворање" на НР Кина. Во ноември 2011 год., на самитот на лидерите на Азиско-пацифичкиот регион на Хаваи, државниот секретар на САД, г-ѓа Хилари Клинтон во еден свој говор напоменува дека отворањето на Азискиот пазар е од исклучително значење за САД. Во говорот се потенцира дека Соединетите американски држави, државите од Пацификот регион треба да бидат фокус на зголемените инвестиции.[94]

Ваквото стратегиско „отворање", односно заобиколување на НР Кина се спроведува преку три чекори. Прво, постигнување договор со осум Азиски држави за т.н. Транс-азиско партнерство. Второ, распоредување на 2500 американски војници во северна Австралија, и трето, посетата на Клинтон на Бурма.[95]

САД заедно со осум држави од регионот на Пацификот (Австралија, Брунеи, Чиле, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Сингапур и Виетнам) ги дефинираат контурите на нивното идно транс-пацифичко партнерство. Поконкретно, станува збор за договор за слободна трговија што треба да ја искористат 500 милиони потрошувачи од двете страни на Океанот. Во последен момент на овој договор се вклучува и Јапонија. Политичкото значење на овие активности се огледа во исклучувањето на НР Кина.

Неколку дена по склучувањето на Транс-пацифичкото партнерство, претседателот на САД, Барак Обама, најавува распоредување на 2500 американски војници во Дарвин, Северна Австралија. Исто така, била најавена и дополнителна соработка на двете армии. Слични активности САД, преземаат и со Сингапур и Виетнам. Посетата на државниот секретар на САД, Х. Клинтон во Манила, ја истакнува билатералната воена соработка помеѓу САД и Филипините.

Паралелно со претходните активности, кон крајот на ноември 2011 год., Обама ја најавува историската посета на Државниот секретар на САД на Мјанмар, поранешна Бурма. Оваа посета треба да биде прва после цели 52 години. Поранешната Бурма се наоѓа под власт на воена хунта, која во последниот период покажува знаци на отвореност, што за САД претставува знак

[94] Пошироко во: http://www.theguardian.com/world/2011/nov/11/hillary-clinton-asia-pacific-speech

[95] Пошироко во: http://temi.repubblica.it/limes-heartland/obama-and-china-21st-century-containment-in-three-moves/1888

за нивна помала зависност од НР Кина. Од неодамна, Мјанмар суспендирале проект за изградба на брана од страна на НР Кина.

Кинеската позиција станува уште покомплексна во поглед на опкруженоста со сојузниците на Вашингтон. Имено, Австралискиот премиер Јулија Жилард е со намера да ја укине забраната за продажба на ураниум на Индија. Исто така, Индија е со намера за одржување на заеднички воени вежби со Јапонија во 2012 год.,. Кинеските авторитети реагираа на овие стратегиски поместувања на начин што ги потврдија своите воени вежби на Пацификот и од страна се обидуваат да ги оживеат разговорите за договорот за слободна трговија помеѓу НР Кина, Јапонија и Јужна Кореја, како противтежа на Транс-пацифичкото партнерство.

Дополнителен проблем за САД претставува податокот што НР Кина претставува најголем економски партнер на Иран. Основата на ваквото партнерство произлегува од изобилието на енергетски ресурси на Иран и зголемените енергетски потреби на НР Кина. Како резултат на тоа, двете држави формираат комитет за нафта и природен гас, со основна цел проширување и забрзување на нивната сорботка на тоа поле. Само за илустрација, во мај 2011 год., НР Кина потпишува билатерален договор со Иран вреден 20 милијарди долари за зголемување на билатералната соработка со иранскиот индустриски и рударски сектор. Истовремено лидерите на двете држави ги промовирале своите планови за дуплирање на нивната годишна билатерална трговија од сегашните 30-40 милијарди долари на 100 милијарди долари до 2016 год.[96]

Генерално, и покрај јавно декларираните ставови за добри односи, кинеско-американските односи се базираат на голема взаемна недоверба. САД се сомневаат дека кинескиот подем ќе биде „мирољубив“ како што официјално се претставува од страна на кинеската држава. НР Кина од друга страна, чувствува потенцијална закана за нејзините национални интереси кои доаѓаат од страна на САД кога е во прашање Тајван, Тибет, човековите права, како и Јужното кинеско море. Двете држави повремено соработуваат на различни полиња, но последните три чекори на американската администрација не се

[96] Harrold, S., Nader A. (2012)., China and Iran: Economic, *Political and Military Relations*, p. 18.

изгледа го детерминираат новиот правец на американската стратегија за „задржување“ на НР Кина.[97]




Слика бр.12 - Транс-азиско партнерство

### 3.7. Како Америка гледа на глобалниот подем на НР Кина

Иако НР Кина, големо внимание посветува на економскиот развој и на оние фактори кои се потенцијална опасност за нејзиниот национален суверенитет и територијалниот интегритет, сепак таа, односот со САД, и понатаму го смета за своја најважна билатерална врска. НР Кина го има предвид фактот дека моќта на САД останува да биде предоминантна во целиот свет, како во економска така и во политичка и воена смисла. Нејзината доминација е особено забележителна во Азија, па поради тоа евентуален непријателски однос со САД би ги искомплицирал или можеби во целост би посметал на економскиот развој на НР Кина во остварувањето на нејзините приоритетни стратешки цели.

И покрај несогласувањата околу трговијата, помеѓу Тибет и Тајван, НР Кина сепак е сигурна во која насока ќе се движат нејзините односи со САД. Засега релаксираниот меѓусебен однос помеѓу НР Кина и САД се должи на растечката економија, но сепак НР Кина останува да биде претпазлива во

[97] Locatelli N., (2011) Obama and China: 21st Century containment in three moves HEARTLAND Euroasian Review of Geopolitics, http://temi.repubblica.it/limes-heartland/obama-and-china-21st-century-containment-in-three-moves/1888 (посетен на 17.04.2012 год.)

меѓусебните односи бидејќи е сомнителна околу тоа дека САД би ја поздравила доколку таа стане нејзин рамноправен ривал.

Сè поголемиот ангажман на НР Кина, во светски рамки, е нешто што е очекувано. Присуството на уште еден конструктивен актер, како што е НР Кина е добредојдено бидејќи на нејзе се гледа како на некој кој може да допринесе во решавањето на заедничките проблеми како што е ширењето на нуклеарното оружје, нарушувањето на животната средина, историските тензии во Азија и другите делови од светот.

Меѓутоа, подемот на НР Кина во голема мера носи и низа потенцијални предизвици за интересите на САД. НР Кина е добродојдена за земјите во развој и претставува алтернативен модел и извор на поддршка за овие земји, но не и за меѓународното управување и за другите стандарди. Новата форма за дијалог, во која НР Кина има централна улога, осмислена е така да биде контратежа на американските сојузи во Источна Азија. Тоа што политичката и воената моќ на НР Кина се во растечка фаза е причина која што ја комплицира надмоќта на САД во регионот, како и нејзината способност да ги исполнува своите обврски спрема сојузниците и останатите, како и спрема Тајван, а со тоа и на целокупната рамнотежа.

Растот на економската, политичката и воената моќ на НР Кина придонесува многу земји во светот, вклучувајќи и некои американски сојузници, да попуштат во своите критики на сметка на однесувањето на НР Кина, што во исто време ја прави НР Кина посамоуверена во заземањето на цврсти ставови во меѓународните работи. Тоа што НР Кина има сé поголеми меѓународен углед и самодоверба значи дека во иднина сé помалку ќе се воздржува отворено да го развива својот одбрамбен сектор и дека се повеќе ќе пркоси кога ќе се најде на мета на критика.

САД и НР Кина не сакаат јавно да признаат дека водат еден вид меѓусебен натпревар кој немора да заврши со победа. Таквата натпреварувачка атмосфера секако е добра и за остварувањето на сопствените активности и кај двете земји. Растот на влијанието на НР Кина за САД треба да биде призма низ која таа одново може да ја согледа/реафирмира својата политика и принципите во меѓународната сфера.

Конкуренцијата која што доаѓа од НР Кина би можела да ја отрезни САД да ја увиди желбата за партнерство на светот во развој, како и да го освежи

нејзиниот интерес за предизвиците и перспективите на овие земји. Како модел за американската политика, исто така, би можело да послужи кинеското сфаќање за моќта односно цврстата и меката моќ како важни фактори за целокупната моќ на една земја. Треба да се спомене дека новиот концепт на „паметна моќ“ кои го промовира САД е всушност ефективно спојување на цврстата и меката моќ.[98]

Во исто време, во вакво ново опкружување САД ќе мора да биде внимателен и во исто време да ги избегнува воздржаните ставови кога е во прашање одбраната на принципите и гледиштата кои одговараат на нејзините интереси (бидејќи се плаши да не се замери со најголемата нација во светот). САД не би требало да се срами јасно, гласно да укаже на разликите кои постојат помеѓу нејзе и НР Кина.

Исто така, сите земји од Источна Азија продолжуваат да даваат поддршка на сојузниот систем на САД и на нејзиното воено присуство, бидејќи на тоа гледаат како фактор за стабилизација и регионална безбедност. Секако, начинот на кој САД би постапувал спрема своите безбедносни врски со земјите од Источна Азија наспроти подемот на НР Кина, ќе има далекусежни последици за начинот на кој во иднина Вашингтон ќе треба да се снајде во овие две димензии. Денес американските источно азиски сојузници (Јапонија, Јужна Кореја, Австралија, Тајланд и Филипини) мораат да продолжат да се потпираат на САД кога се работи за безбедносните прашања, но кога се работи за економската безбедност тие се повеќе се врзуваат за НР Кина. Ваквата ситуација се повеќе ќе го компликува сојузничкото партнерство за темите кои се однесуваат на НР Кина. Соединетите Американски Држави ќе мораат да го прифатат ваквиот факт и истовремено да работат на тоа да допрат заедно со сојузниците да допрат до НР Кина и со нејзе да почнат да соработуваат по низа прашања од регионалната безбедност за чие решавање кинеското учество би било од пресудно значење. Тоа се енергетиката, ширењето на заразните болести, заштитата на животната средина и климатските промени. САД исто така би требало да ги прифати повиците од НР Кина, ако НР Кина воопшто им ги упати, да пружи свој допринос во форумите и иницијативите во кои Пекинг зазема централно значење.

[98] Center for Strategic and International Studies, *A Smarter, more Secure America*, Report of the CSIS Commission on Smart Power, Washington, 2007.

САД не би требало и понатаму да ги оспорува кинеските инсистирања на принципот на немешање. Вашингтон би требало да го преземе кормилото во соработката со НР Кина како би се пронашла надежна рамнотежа помеѓу почитувањето на суверенитетот и одговорното мешање. НР Кина и останатите земји во развој многу добро согледуваат дека тоа што се случува внатре во границите на оној другиот може да остави длабоки последици на тебе и твоите интереси, па со тоа луксузна е и самата идеја за националниот суверенитет.

Отворени се негодувањата на јавноста и при тоа истите дадоа свои резултати во однос на кинескиот став кон Пекинг. За да одбрани некои свои политики Пекинг не го застапува принципот на немешање. Тој отворено го осуди насилното гушење на мирните демонстрации во Бурма есента 2007 год., па дури и ја поддржува резолуцијата на ОН за ваквите збиднувања. Пекинг ја поддржува и резолуцијата на Советот за Безбедност на ОН со која се воведуваат санкции за Иран и Северна Кореја а притоа врши притисок врз Суданскиот лидер да ги прифати меѓународните сили на ОН во случајот со Дарфур. Ваквата политика на НР Кина е заради грижата околу својот меѓународен углед. Се додека меѓународната заедница внимателно и тивко ја охрабрува НР Кина, таа спознава дека внатрешните случувања на другите земји влијаат на нејзината безбедност и економија, а тоа и помага во надградувањето на сопствените ставови, кои е малку веројатно дека ќе ги промени како и својата пракса во јавноста да го задржи принципот на немешање во внатрешните работи на другите земји поради многубројната политичка, економска и стратешка корист која ја остварува со таквата политика.

За интересите на САД контрапродуктивно би било кога би го акцентирала обемот на заканата која доаѓа од НР Кина, бидејќи светот не сака нова Студена војна која ќе ги примора во годините потоа да бира помеѓу овие две големи сили. Соединетите Американски Држави спремни се со светските лидери да градат почит и благонаклонетост доколку тие чесно, поштено и трезвено би ги проценувале и би реагирале на растечкото влијание на НР Кина како во светските случувања така и во нејзините национални интереси. Резултатите од скоро направените анкети зборуваат дека предизвиците кои се јавуваат како природна последица на подемот на една голема сила како што е НР Кина стануваат се поочигледни во последните години. Ваквиот развој на настаните не се очекува да ја успори САД туку напротив треба сите да ги потсети

дека подемот на НР Кина нема да биде едноставен и процес без било какви компликации туку процес кој ќе се обликува под влијание на многу фактори.

Големи се критиките на НР Кина за сегашната политика на хегемонизам и моќ во САД што особено се рефлектира во кинеското соседство. САД во Азија и на Пацификот има стационирано 100.000 војници врз основа на својата теза дека азиско-пацифичкиот регион е нестабилен и оттука потребата тие да помогнат со воени сили. Јапонија со своите 55,4 милијарди долари е втората држава по воените трошоци. Значајно е да се споменат и посебните јапонско-американски односи, како и развојот на америчко-австралиската воена соработка. Кинеските аналитичари ги осудуваат толкувањата на САД кои потенцираат дека забрзаниот кинески развој и наводното јакнење на воените сили би придонеле НР Кина да стане Прва светска сила. Таквите толкувања во Пекинг се оценуваат како барање на нов непријател и претставување на НР Кина како идна закана, со цел да се задоволат американските потреби.[99]

Доколку се заземе неразумен и непријателски став спрема НР Кина, би дошло до потхранување на сомнежите кај кинескиот народ дека не се почитувани од страна на САД и дека таа има намера да го спречи нивниот подем во рангот на големите сили. Особено големата опасност во оваа смисла потекнува од самиот кинески народ кој е осетлив на навредите нанесени врз достоинството на НР Кина, за што сведочат нивните реакции на меѓународните протести ширум светот поради Тибет и преносот на Олимпискиот факел од почетокот на 2008 година. Кинеската влада е таа која ќе мора во наредните години да се справи со се посилните притисоци од своите жители, а притоа не треба да се занемари прашањето какво влијание тоа може да има врз идната меѓународна ориентација на НР Кина.

САД мора да остане будна и да ги прати ефектите од напредокот на НР Кина врз нејзините внатрешнополитички и меѓународни интерси, а истовремено Вашингтон да не ја обвинува НР Кина за сите настанати проблеми. Всушност, со тоа што ќе преземе одговорност за начинот на кој со својата политика придонесува, на пример, решавањето на проблемите поврзани со безбедноста на производите, со намалувањето на трговскиот дефицит и со решавањето на глобалните еколошки проблеми, САД на светот ќе му испрати

[99]Taishan, Z., New Development in Japan-US Military Relationships, International Strategic Studies, 1997., br. 4, str. 29-31.

таква порака која ќе ги увери во својата потчинетост и така ќе го поправи мислењето за себе кај останатите, а воедно и ќе го оправда влијанито на меката моќ. Најголемата предност на НР Кина всушност лежи во скептицизмот кај меѓународната заедница во однос на намерите на САД. Поради тоа, САД, најдобро може да го одржи својот углед и влијание доколку се позанимава со причините за ваквиот скептицизам, но сепак најдобриот лек за грижата околу растот на кинеското влијание во светот останува во рацете на самите Соединети Американски Држави.

Засега НР Кина сака да стекне поголемо влијание и поголема почит во светот, но не и поголема одговорност. Кинеското раководство чувствува дека добро ги следи сегашните трендови и покрај некои внатрешни предизвици. Истовремено е сконцентрирано да ги исполни своите најургентни потреби како на домашен така и на меѓународен терен. Моментално НР Кина е согласна околу водечката одговорност на САД околу одржувањето на безбедноста во Источна Азија и другите делови од светот, но сé додека се заштитени нејзините интереси (особено интересите поврзани со Тајван) и сé додека од нејзе се бара совет и алтернативни формати за водење на билатерални и мултилатерални консултации. Целта е да се ублажи навиката на државите во светот да се потпираат исклучиво на американските сојузи и на американскиот унилатерализам.

НР Кина со светот ќе ги искористи Олимписките игри во 2008 год., за да се претстави како важен и конструктивен играч на светската сцена. Тоа што светот испрати сочувството и материјалната помош за трагичниот земјотрес во покраината Сичуан во мај 2008 год., и даде прилика на НР Кина да покаже дека е отворена за светот и истовремено поврзана со него, како и да ја убеди меѓународната заедница во својата намера да придонесе во создавањето на мирен и „хармоничен" свет. Пекинг, има намера да ја разгледа стратегијата и целите за наредните 30 години, притоа повторувајќи ја лекцијата за успесите и грешките од претходните години, за да започне да го трасира патот за во иднина.

Во меѓувреме, додека работи на развојот на сопствената политика, НР Кина ќе продолжи да го следи развојот на меѓународните опкружувања и перспективи. Додека пак, САД и нејзините сојузници ќе мора да го применат ваквиот пример и тие самите да се приклучат во водењето на ваквата

политиката и независно чие влијание ќе биде поголемо на меѓународната сцена (и дали воопшто САД и НР Кина ќе соработуваат или ќе се натпреваруваат) во претстојниот период е важно проблемите да се решаваат на меѓународно ниво, по текот на меѓународните норми и правила а не со употреба на оружје.

Светот ќе остане скептичен и претпазлив спрема сите големи сили, вклучувајќи ја и НР Кина и САД. Меѓутоа, кога е во прашање почитувањето и угледот од останатите земји, САД е на многу повисокото скалило за разлика од НР Кина која е неодамнешен играч на светската сцена и истовремено земја со неизвесна иднина. САД не би требало премногу да го насочува вниманието околу подемот на НР Кина и предизвиците кои ги носи таквиот подем туку наместо тоа да се сконцентрира на силата и предноста на својата тврда и мека моќ, која низ сопствената надворешна политика ќе оствари најголем степен на успешна координација на овие два аспекта на моќ. На овој начин САД може, далеку поубедливо и поделотворно, да ги промовира своите принципи, да ги заштити своите национални интереси и да управува со меѓународната ситуација во која останува неизвесен моментот какво ќе биде конечното влијание на подемот на НР Кина како велесила. Доколку политиката се води на ваков начин, смирено и одлучно и без злоба, резултатот за сите би бил позитивен а НР Кина би била далеку повеќе продорна, повлијателна и горда.

### 3.8. Краток историски осврт на односите помеѓу Русија и НР Кина

Советскиот Сојуз имал силно влијание на Маова НР Кина. Со тек на време НР Кина станува периферен фронт на Студената војна, поради што Мао Цедунг постепено се ослободува од советската контрола и ја претвара НР Кина во самостоен актер на светското револуционерно движење. Пекинг, спротивно до директивите од својот советски поддржувач, во 1950 год., нуди помош на Северна Кореја. После смртта на Сталин во 1953 год., Мао одбива да ја прати линијата на десталинизацијата која ја дефинирал Хрушчов на Дваесеттиот конгрес на Комунистичката партија на СССР. Мао го обвинува Хрушчов за предавство на идеалите на светската револуција. Антагонизмите помеѓу НР Кина и СССР својата кулминација ја имаат во 1969 год., кога избувнува кинеско-советски вооружен конфликт околу островите на реката Амур, кои ги контролирал СССР, а НР Кина настојувала да ги поврати. Овие спорови околу

островите на реката Амур за малку не предизвикале нуклеарен напад на СССР кон НР Кина.

Со доаѓањето на Горбачов на власт во СССР се создаваат услови за подобрување на односите со НР Кина. На неговиот говор во Владивосток во 1986 год., потенцирано е дека Советскиот Сојуз, исто така, претставува азијска земја и дека Далечниот исток и регионот на Тихиот океан за СССР се од големо политичко и економско значење. Истовремено, Москва ја мотивира Монголија да биде повеќе кооперативна со Народна република НР Кина.[100] После тоа, во мај 1989 год., Горбачов обзнанува дека советско-кинеските односи се целосно нормализирани. Таквиот чин го означил почетокот на затоплување на односите со НР Кина и отпочнување на преговорите за разграничување. Оваа политика ја следеле и идните руски претседатели Борис Јелцин и Владимир Путин. Во септември 1994 год., при посетата на Цианг Цемин на Москва, потпишан е Договор за стратегиско партнерство. Договорот се однесувал на започнување на решавањето на граничните проблеми и генерално зајакнување на билатералните врски помеѓу Русија и НР Кина. Со тоа започнува интензивна економска соработка, односно Кинеската армија започнува да се модернизира со помош на руски борбени системи. На Кинеско-Рускиот самит во Пекинг, во 1996 год., претседателите на двете држави го потенцираат значењето за нивното зајакнато „стратегиско партнерство". Исто така, во 1999 год., биле потпишани преку 100 билатерални договори за економска соработка помеѓу руските и кинеските регионални авторитети. Како резултат на плодната соработка и поддршката на НР Кина, во 1998 год., Русија се приклучува на АПЕК (Азиско пацифичка економска соработка). Фактор кој ја зацврсти релацијата Русија-НР Кина претставуваа и НАТО нападот на поранешна Југославија без одобрение на ООН, како и активностите на Америка и американските сојузници на Средниот Исток. На самитот одржан во Москва во 2005 год., двете држави потпишуваат декларација насловена како „меѓународниот поредок во 21-от век". Со оваа декларација Русија и НР Кина се залагаат за создавање на полицентричен светски поредок.[101]

[100] Evangelista, M. „The New Soviet Approach to Security", World Policy Journal, Vol. 3, No. 4, p. 561-599.

[101] Paramonov. V, Strokov A., (July 2006) Russia and Central Asia: Current and Future Economic Relations, Conflict Studies Research Centre

Ваквата практична геополитика на Русија кон НР Кина, сепак се разликува од формалната геополитика. Како показател кој јасно укажува кои се всушност геополитичките интереси на Русија кон НР Кина ќе послужи интерпретацијата на геополитичката теорија за „Падот на НР Кина“ на Александар Дугин.

### 3.9. Карактеристики на геополитичките односи помеѓу Русија и НР Кина

Со распаѓањето на социјализмот во Европа исчезнува биполарниот модел на светскиот поредок, а започнува нова фаза во која се бара различна структура и нов модел за меѓународните односи. Во тие рамки, на кои почива и сегашниот нов поредок, во голема мера на еднострано лидерство, настануваат и првите видливи предизвици на таквиот поредок. Двете суперсили НР Кина и Русија ја осудуваат хегемонијата, унилатерализмот како и обидите да се диктираат насоките во меѓународните односи и иако под сосема различни услови, на новиот поредок гледаат како збир од вредности и односи кои сосема не ги задоволуваат нивните интереси. Имајќи го сето ова на ум, НР Кина во последните години развива интензивни односи со Русија, што сега се карактеризира како стратешко партнерство. Решенијата за граничните прашања, договорот за насочување на нуклеарните оружја, развивањето на значајна трговска соработка, како и интензивната воена соработка, создаваат пример на односи карактеристичен за две големи сили, кои истовремено имаат и заеднички гледишта во врска со прашањето за новиот светски поредок. Иако денес НР Кина по својата економска сила ја прејде Русија, сепак она во големите западни земји гледа корисен сојузник кој ја поврзува низ билатералните интереси а воедно и на пошироко меѓународно ниво. Во таквата, засега веројатно најдобра, фаза на билатерални односи НР Кина е заинтересирана за руско партнерство, како во потесните азиски релации така и на глобален план. Во плуралниот свет, кои кинеските аналитичари го означуваат како синоним за сегашното унилатерално американско водство, невозможно е самостојно изборување за сопственото место, па оттука партнерството со Русија во голема мера е потребно. Иако во НР Кина постојат различни мислења за Русија (од една страна постојат тврдења дека е слаба и уништена земја, додека од друга страна се истакнува дека за 20-30 години Русија, благодарение на своите

природни богатства, повторно ќе стане голема сила), кинеската политика не пропушта прилика да гради односи кои одговараат на двете страни.[102]

Руската страна ја поддржува НР Кина во нејзините настојувања да ги реши прашањата за Тајван, а од друга страна кинеската политика ја поддржува руската критика за ширењето на НАТО кон Исток. И Народна Република Кина и Русија се противници за влезот на САД во Централна Азија.

### 3.9.1 „Падот на НР Кина" според Александар Дугин

Според Александар Дугин, НР Кина отсекогаш имала двојна геополитика. Таа од една страна припаѓа на „римланд", „крајбрежна зона" на Тихиот Океан од неговата источна страна, а од друга страна никогаш не станала теласократија[103], односно отсекогаш се ориентирала кон континенталните архетипови. Од тие причини, вообичаено НР Кина се нарекува „Централна империја". Дугин, потенцира дека за НР Кина значително покорисни се контактите со Западот отколку со Русија, која нема можности да придонесува за тенолошкиот развој на НР Кина. Опасностите за Русија, геополитички анализирани, доаѓаат од енормниот демографски растеж на НР Кина и проблемот околу Казахстан и Сибир кои претставуваат т.н. „слободни територии" затоа што се речиси ненаселени. Тоа значи, НР Кина претставува опасност за Русија од две причини. Како геополички стожер за атлантизмот и сама по себе како земја со зголемена демографска густина во потрага по слободни ненаселени или слабо населени простори. Покрај тоа, НР Кина поседува затворена расно-културна самосвест и во одредени историски периоди никогаш не учествувала во изградбата на евро-азискиот континент.

Сите овие сознанија ја прават НР Кина потенцијален геополитички противник за Русија на Исток и на Југ. Оттука, насоките на делување на Русија треба да бидат насочени кон југ, за да се создаде што е можно поширока „погранична зона". Концептот за Евроазија во перспектива своето влијание, според Дугин, мора да го прошири до Индо Кина. Истовремено, се напоменува

102 Yimin, S., (1997) „Sino-Russia, Russia-US Relations and Interacting among the Three", International Studies., p. 10-11.

103 Теласократија претставува поморска моќ. Терминот претставува спротивност на телурократијата (копнената моќ). Преку двата термина се објаснува двојноста на географската (геополитичката) детерминираност на планетата.

дека таквото предвидување е скоро невозможно заради малата веројатност дека може да се постигне со взаемно корисно сојузништво. Целата своја теорија Дугин ја темели на процесот на геополитичко распарчување на НР Кина, односно провоцирање на територијална дезинтеграција, распарчување, политичко-административна прераспределба на државата. Акцентот е поставен на одвојување на севернокинеските подрачја од јужните. Геополитичката анализа ќе укаже на добри основи за ваквите ставови. Имено, Северозападот на НР Кина го завзема Ксинјанг, древна земја со долга историја на политичка автономија. Во оваа област живеат 17 милиони жители и областа е поделена на две целини. Во првата живеат Хан Кинези кои зборуваат кинески јазик и сочинуваат 40,6% од населението. Втората целина ја опфаќаат двасеттина муслимански народи, меѓу кои осум милиони Ујгури, кои претставуваат мнозинство помеѓу нив. Кинеското царство во 1795 год., ја анектира ујгурската покраина и ја нарекува Ксинјанг (нова граница на кинески). Помеѓу 1911 год., и 1944 год., Ксинјанг го контролирале Русија и Велика Британија. Во 1944 год., е прогласена Република Источен Туркестан, додека во 1949 год., Кинеската војска го окупирала регионот. Од 1949 год., Пекинг организирано спроведува масовно населување со Хан Кинези на тој регион. Застапеноста на Хан Кинезите во 1949 год., изнесувала само 6%, додека во 2002 год., тој процент се зголемил на 40,6%. Ваквиот прилив е особено забележителен во главниот град на регионот, Урумчи каде што застапеноста на Хан Кинезите во 1998 год., изнесувал 75%, додека во 2001 год., пораснал на 95%. Отпорот на Ујгурите полека прераснал во герилско војување, што предизвикало Пекинг да придвижи големи кампањи за репресија и чистење на герилците. Од 2001 год., Пекинг се обидува да докаже дека ујгурското сепаратистичко движење е поврзано со Ал Каеда.[104]

Јужно од Ксинјанг се наоѓаат Тибет, тампон зона помеѓу НР Кина и Индија. Нетрпеливоста помеѓу Тибет и НР Кина има своја историја која е испреплетена со бројни запоседнувања и ослободувања на Тибет. Имено, во 1903 год., од Индија доаѓа британска единица која имала мисија да отвори неколку тибетански градови за прекугранична трговија. Во 1908 год., британците ја напуштаат Ласа и веќе во 1910 год., НР Кина повторно воспоставува контрола над Тибет. Во 1912 год., тибетанците со помош на Британија ги протеруваат кинезите. НР Кина во 1929 год., ја признава

[104] Avijucki, V. (2009) Kontinentalne geopolitike. Beograd: CLIO. str. 171-172.

независноста на Далај-лама. Таквата состојба се одржува во текот на целата кинеска граѓанска војна, а во 1950 год., Мао Цедунг го прогласува Тибет како составен дел од комунистичка НР Кина. Наредната год., кинеската армија го окупира Тибет, а Далај-лама пребегнува во Индија. Во 1959 год., убиени се 10.000 бунтовници во Тибет, додека во 1966 год., како резултат на репресивната политика за предизвикување сиромаштија и глад кај тибетанците од глад умираат 70.000 луѓе.[105]

Според Дугин, Русија е активно геополитички заинтересирана за сепаратизмот на Тибет. Ваквите насоки се должат на процениките дека кинескиот геополитички продор на север кон Казахстан и Западен Сибир е невозможен без контрола на Ксинјанг и Тибет.

Источно од овие области се наоѓа Монголија која претставува стратегиски сојузник на Русија. Во овој регион Русија води проактивна политика во насока на спречување на јакнење на прокинеските фактори во монголската политика. Конфигурацијата на теренот, степски пространства и пустини извонредно ја заштитуваат територијата на Јужен Сибир од Кинеско продирање. Последна зона на интерес за Русија претставува Манџурија која се наоѓа на североисток од НР Кина. И на овој простор опстојувале древни држави со традиционална политичка независност. Свое геополитичко влијание за продор во НР Кина на овој простор пројавува Јапонија. Руските позиции се во насока на поддршка на Јапонија која би можела да претставува потенцијален геополитички сојузник на Евроазија.

Линијата Тибет-Ксинјанг-Монголија-Манџурија претставува зона на заштита на Русија. Влијанието и контролата на таа линија Русија настојува да ја оствари и одржи со помош на Индија и Јапонија како и со локалното население. Дугин нагласува дека Русија мора да ја потисне НР Кина кон југ и како геополитичка компензација да и понуди развој по оската север-југ во јужен правец кон Индо НР Кина, Филипини, Индонезија и Австралија.[106]

Најновите геополитички ангажмани на Русија се поистоветуваат со нејзината енергетската геополитика. Новиот гасовод од Сковородино до Дачинг всушност поминува низ далечниот кинески исток (Манџурија), додека Алтаи

---

[105] Lobsang Nyandak Z. (1961-2005) „Tibet and the tibetan people's struggle", 10 March Statements of His Holiness the Dalai Lama p. 6-13.

[106] Дугин, А. (2004) „Основи геополитике 1". Геополитчка будућност Русије. Зрењанин. стр. 102-103.

гасоводот кој е предложен од Руската академија на науки е понуден како алтернатива на комплицираната северна рута на тој гасовод. Алтаи гасоводот треба да стане оперативен најрано во 2015 год., односно најдоцна до 2016 год., завршува во Ксинјагн, и е првенствено наменет за снабдување со природен гас на Ујгурите. Гасоводот е проектиран да транспортира околу 30 милијарди метри кубни природен гас. Со ваквите чекори се зајакнува руската позиција на тие простори.[107]




Слика бр.13 - Влез на рускиот природен гас во НР Кина




Слика бр.14 - Линија на геополитичко распарчување на НР Кина според Александар Дугин

[107] Korzhubaev, A. and Eder, L. (2011) Oil industry of Russia. Burenie i neft, No. 4, (посетен 18.04.2012 год.)

### 3.9.2. Енергетска соработка

Друга карактеристика на руско-кинеската соработка беше енергетската соработка. Во однос на испораките на нафта од Русија контролорот на гасоводот Транснефт разви проект, кој датира од 1990-тите години, за поврзување на источните сибирски нафтени полиња во пристаништето Накходка во близина на Владивосток, на брегот на Пацификот. [108]

Во јули 2000 год., за време на посетата на претседателот на Русија, Владимир Путин при престојот во Кина, и при тоа ќе биде потпишан меморандум за започнување на физибилити студија за развој на Сибирскиот гас кој ќе минува од Русија односно руската област Иркутск, Кина, и ќе продолжи до Јужна Кореја, а заеднички придонес ќе дадат трите земји вклучени меѓусебно кои ќе придонесат за меѓусебен договор околу користење на гасот.[109]

Во ноември 2000 год., при посетата на, рускиот премиер Касјанов во Кина, се разговараше за изградба на два гасоводи кои ќе протекуваат од Русија до Кина: еден од западен Сибир до западните провинции во Кина; и другиот од Рускиот Иркутски регион до Кина кои понатаму ќе продолжи до Јужна Кореја.[110]

Меморандумот за разбирање беше потпишан кон крајот на 2000 год., од страна на Националната кинеска корпорација за нафта, руското Министерство за енергетика, руската гасоводна компанија и руската нафтена компанија Јукос, на физибилити студија за нафтоводот помеѓу Русија и Дагинг претходно наречен „Тачинг" во северо-источниот дел на Кина. Исто така, беше потпишан договор помеѓу Јукос и Обединетата кинеска нафтена корпорација за продажба на 300.000 тони нафта. Меѓутоа, откако сопственикот на Јукос Ходорковски беше уапсен во октомври 2003 год., овој проект на Јукос и Обединетата кинеска нафтена корпорација за продажба на 300.000 тони нафта беше запрен на штета на Кина. Пекинг не успеа да постигне позиција на рускиот енергетски пазар.

[108]Пошироко во: http://www.clingendael.nl/sites/default/files/20130327_rc_securityrelations.pdf

[109]Пошироко во: http://irkutskoil.com/section_29/section_31

[110] Пошироко во: http://articles.latimes.com/2001/sep/09/news/mn-43836

По иракката војна од 2003 год., беше склучен договор помеѓу Русија и Кина односно помеѓу Транснефт од Русија и CNCP[111] од Кина, меѓусебе потпишаа договор „принцип на заедничка изградба и експлатација на нафтовод"за гигантски нафтовод од Сибир до Кина, гарантирајќи продажба на руската сурова нафта. [112]Подоцна, во август 2005 год., за време на посетата на Пекинг, рускиот претседател Путин ги истакна билатералните економски врски, особено работата на руските енергетски компании во Кина, билатералните проекти со кои ќе се дистрибуираат овие продукти кон трети земји, како и испораката на руска нафта и гас во Кина.

Потоа, во ноември 2005 год., Русија и Кина се согласија двојно да се зголеми извозот на нафта во Кина и да се разгледа можноста за изградба на нафтовод од Русија кон Кина како и изградба на проект за пренесување на гасот од источен Сибир спрема Далечниот Исток.

Но, во почетокот на 2008 год., рускиот извоз на нафта во Кина се намали бидејќи Кина не сакаше да ги прифати цените кои ги диктираше Москва. Разликите помеѓу количествата на извозот и цените на нафтата, исто така ја спречија намерата за изградба на нафтовод од источен Сибир спрема Кина. Но исто така вредно е да се истакне дека високата цена која ја диктираше руската држава скриена позади компаниите кои беа задолжени за пазарот на рускиот гас, ја спречија планираната изградба на гасоводот Алтај кој требаше да протекува од Западен Сибир па се до регионот Ксинџијанг во северозападниот дел на Кина.[113]

Во октомври 2008 год., по долги преговори, Русија и Кина конечно се согласија нафтоводот во Кина да биде во функција, и заклучно од 2011 год., нафтоводот од Источен Сибир до Тихиот Океан (ESPO[114]) започна со работа, како што беше и предвидено.[115]

Во април 2009 год., двете страни ги договорија условите кои би претставувале меѓусебна соработка со што Русија би ја снабдувала Кина со

[111] Пошироко во: http://www.cnpc.com.cn/en/aboutcnpc/aboutcnpc_index.shtml

[112] Пошироко во: http://www.danas.org/archive/news/20081025/500/500.html?id=1335726

[113]Пошироко во: http://www.gazprom.com/about/production/projects/pipelines/altai/

[114]Пошироко во: http://www.ogj.com/articles/print/volume-108/issue-12/general-interest/russia-plans-to-start-extending-espo-crude-oil-pipeline-in-2011.html http://www.energetika-net.com/vijesti/energetsko-gospodarstvo/kini-ruska-nafta-u-iducih-20-godina-6240

[115]Пошироко во: http://www.energetika-net.com/vijesti/energetsko-gospodarstvo/kini-ruska-nafta-u-iducih-20-godina-6240

нафта за период од 20 години.[116] Во 2009 год., Кина го прошири кредитот на руската државна нафтена компанија Роснефт (Rosneft) (која е интегрирана нафтена компанија во мнозинска сопственост на Владата на Русија) и Транснефт (руски државен транспортен монопол, најголемата нафтоводна компанија за транспорт на нафта во светот; АД "Транснефт" работи со повеќе од 70 илјади километри на цевководи) и главен дистрибутер на руската нафтоводна мрежа.[117] Во 2012 год., Русија позајми 25 милијарди долари од Кина за изградба на нафтоводот од Сибир до Кина.

Во 2012 год., плановите за гасоводот во Кина останаа блокирани, заради Пекинг кој бараше пониски цени за снабдување со гас од Москва.[118]




Слика бр.15 - Неуспешниот проект на гасоводот Алтај од Западен Сибир до Ксинцијанг

## 3.9.3. Воена соработка

По падот на Советскиот Сојуз, Русија стана главен снабдувач на Кина за оружје и воена технологија. Во 1989 год., по задушувањето на востанието на

[116]Пошироко во: http://rt.com/business/rosneft-double-oil-supplies-china-237/

[117]Пошироко во: http://www.en.transneft.ru/about/

[118]Пошироко во: http://www.culturalsurvival.org/take-action/russiachina-pipeline-threatens-sacred-highlands/background-information-russiachina-stop

Тјенанмен во Пекинг, ниту Европа ниту САД не беа подготвени да продаваат повеќе оружје на Кина. Москва подоцна остана единствен извор за набавка на оружје за Пекинг, и на моменти тоа изнесуваше 50 проценти од рускиот извоз на оружје.[119]

Кинеско-руската воена соработка, главно се состои од продажба на оружје и технологија од Русија во Кина, но и изведување заеднички воени вежби со другите соседни земји кои се граничат со Русија и Кина. Сепак, ваквите заеднички воените вежби истакнуваат одредени кинески воени аналитичари дека се преземаат да се испрати силна порака до земјите кои го поддржуваат тероризмот, екстремизмот и сепаратизмот дека Русија и Кина ќе возвратат со сила доколку бидат загрозени нивните граници.[120]

Во 2012 год., руската компанија Рособоронекспорт (Rosoboronexport) и НР Кина склучуваат меѓусебен договор за набавка на мотори за военото воздухопловство, вооружување, дизајнирање и производство на воена технологија.[121] Со тоа 2012 год., Кина формално станува трет клиент по големина на фирмата Рособоронекспорт одма после Индија и Ирак.
Исто така саемот China Airshow во 2014 год., што се одржа во ноември во јужно кинеската провинција Гуангдонг беа претставниците од руската компанија Рособоронекспорт и при посетата беше направена демонстрација на борбениот авион Сухој СУ-35 кој беше поттик на кинеските сили да склучат договор за набавки на 24 авиони Сухој СУ-35 со вкупна цена од 2,1 милијарди долари, делови за мотори, воено вооружување во износ од 46 милијарди долари.
Покрај другото за време на меѓународниот саем China Airshow 2014 год., претставниците на Rostec, Ruselectronics, и кинеските холдинг-компании потпишаа повеќе договори од радио-електронската област, воздухопловството и вселенска технологија, индустријата, а со тоа покажувајќи динамичен развој и проширување на воената соработката помеѓу Русија и НР Кина.
Николај Волобуев, заменик-извршен директор на фирмата Rostec, ваквата меѓусебна соработка вели дека "Партнерството со кинеските корпорации значи взаемна помош во развој, производство и извоз на високо-технолошки

[119] Пошироко во: http://thediplomat.com/2010/04/why-china-snubs-russian-arms/2/

[120] Пошироко во: http://www.sldinfo.com/analyzing-peace-mission-2014-china-and-russia-exercise-with-the-central-asian-states/

[121]Пошироко во:http://rostec.ru/en/news/1118 (Посетен на 25.02.2015 год.)

индустриски производи, трговија и инвестиции кои отвораат нова доверба помеѓу двете држави.[122]

Воена соработка им одговараше во прилог на двете земји. За Русија, приходите од продажба на оружје беа средство да ги одржуваат своите воени индустрии, а со тоа и вработување на своите граѓани. За Кина, добивката беше првично во вооружувањето на своите вооружени сили, а подоцна и во добивањето на високо воена технологија, која исто така служи во економските цели, како поттик за кинеската цивилна технологија и како алатка за создавање на своја национална индустрија, која би била поддршка на кинеската армија, како и на кинескиот извоз. Обемот на воените набавки во Пекинг од Москва постојано се зголемуваше, најпрвин од борбени авиони, системи за воздушна одбрана, воени бродови и подморници.

Почетокот на 1998 год., Русија започна со продажба на високо-технолошки системи на оружје, авиони од типот Сухој-30, анти-бродски проектили, делови за нуклеарно оружје на НР Кина. Притоа, Москва ја поддржуваше својата воена индустрија, но и зајакнувањето на воената моќ на Кина во спротивставувањето на САД.

Во јануари 2000 год., рускиот заменик-премиер Клебанов изјави дека Кина е главен партнер на Русија за продажба на оружје, и заедно со Индија изнесуваше повеќе од 50 % од својот вкупен приход.

Во 2001 год., Русија ги продаде на Кина своите шематски планови за производство на нуклеарно оружје, нацрти за изработка на технологија на повеќебоева глава, шеми за производство на борбени авиони Су-27, и системи за навремено предупредување од авиони А-50 Бериевиот AWACS.

Во периодот од 1992-2005 година, Кина купила руско оружје за околу 15 милијарди долари, што претставува околу 40 % од вкупната продажба на Москва. Најдобрите години на Русија за извоз на оружје за Кина беа помеѓу 2001 и 2006 год., кога Пекинг купуваше руско оружје во просек по 2,7 милијарди долари годишно.[123] Во однос на технологијата, Русија во 1996 год., и одобри на Кина лиценци за производство на повеќе наменски борбени авиони Су-27.

---

[122]Пошироко во: http://rostec.ru/en/news/4515029

[123] Acquisition of Technology Relating to Weapons of Mass Destruction and Advanced Conventional Munitions, 1 January to 31 December 2005 http://www.counterwmd.gov/files/CDA%2011-14-2006.pdf (Посетен на 25.02.2015год.)

Во 2003 год., билатералната военотехнолошка соработка беше дополнително проширена со руската програма за зголемување на лиценцирани договори, обезбедувајќи на Кинезите пристап до високо-технолошките системи на оружје, нуклеарни подморници, стратешки бомбардери, пресретнувачи, носачи на авиони и крузери опремени со проектили, со што извозот на оружје од Русија кон Кина претставуваше важен фактор во соработката помеѓу двете земји. Но сепак, Русија беше свесна дека со продажбата на својата современа технологија Кина би можела еден ден да ја употреби во случај на влошување на меѓусебните односи. Русија, сепак, не сакаше да го запре ваквиот вид на соработка со НР Кина бидејќи сакаше да ја поврати веќе ослабена економија, а при тоа да обезбеди развој на своите најсовремените технолошки производи. Покрај тоа, постојат индикации дека Кина постојано стекнува знаење за наскоро да има своја сопствена солидна воена индустрија. Подоцна, во наредните години што следеа Кина почна да купува сè помалку и помалку оружје од Русија, што ја намали вредноста на билатералните односи. Извештаите кои почнаа да циркулираат во 2007 год., велеа дека Кина ја копира руската технологија за оружје за свој извоз, дека Пекинг се префрли од купување на готова опрема од Москва кон сопствено производство на оружје. Извозот на руското оружје во Кина драстично се намали во 2007 год., бидејќи големината на воената индустрија во Пекинг се приближи на онаа на Москва, и поради недоволното побарувања на оружје од Кина. Друга причина за намалувањето на продажбата на оружје е тоа дека Кина бара пософистицирана технологија од Русија која таа не е подготвена да ја понуди на пазарот. За копирањето на руската технологија, откако Кина ја совлада технологијата на борбениот авион ловец Су-27SK, што ги произведува во своја верзија, J-11B, а ги користи за продажба на трети земји, по што го заврши својот лиценциран договор со Москва. Пекинг дури започна и да извезува J-11B во Пакистан без дозвола од рускиот произведувач на авиони Сухој.[124] Кина беше желна да го стори истото и со борбениот авион за полетување од носачи на авиони Су-33-D, но сепак заврши со неуспех од кинеска страна. На крајот на 2012 год., по повод промената на власта во Пекинг, понатамошното зајакнување на кинеската народна ослободителна армија (PLA) и воено-индустрискиот комплекс на Кина

[124] Пошироко во: http://www.wsj.com/articles/SB10001424052748704679204575646472655698844 (Посетен на 10.04.2012 год.)

(MIC) беа наведени како приоритетни цели на новото раководство. Во тоа време, воено-индустрискиот комплекс на Пекинг не беше инфериорен во однос на оној на Русија. Тој беше способен за производство на високо-технолошки системи на оружје и со количество поголемо од сите други земји производители на оружје. На пример, четири видови на борбени авиони биле изградени во исто време, повеќе од 100 авиони годишно, како и еден брод корвета месечно се додаваат на кинеската морнарица. Со оглед на зголемениот квалитет и квантитет на производство на воено индустрискиот комплекс во Кина, а со тоа и зајакнување на кинеската народна ослободителна армија (PLA), веќе не тивко, туку и јавно, руските официјални лица изразија загриженост дека со зголемената кинеска економска, политичка, воена моќ, Пекинг, еден ден би можел да го употреби истото руско оружје против Москва.

Во 1999 год., со посетата на кинескиот генерал Гуо Боксионг, со рускиот министер за одбрана Сергеј Иванов, потпишаа меморандум за соработка на воен план, односно започнување на заеднички поморски вежби, а ќе има за цел меѓусебно јакење на билатералните односи помеѓу двете земји Кина и Русија. [125]

Во периодот од 18-25 август 2005 год., за прв пат во последните 40 години, руските и кинеските вооружени сили, и официјално под покровителство на SCO, направија голема заедничка вежба, наречена "Мировна мисија 2005".[126] Во овие воени игри учествуваа 10.000 воен персонал, морнарички бродови и авиони. Според рускиот министер за одбрана во тоа време, Сергеј Иванов, одлуката да се спроведат билатерални вежби беше донесена во Пекинг во декември 2004 год., Кина го презеде водството во предлагање на големината и типот на силите распоредени за време на вежбите додека бројот на руските сили се намали. Наводно, Кина, исто така, го превзела поголемиот дел од трошоците за маневрите. Кинескиот Генералштаб (CGS), исто така и рускиот Генералштаб, изјавија дека маневрите се во согласност со принципите на Обединетите нации (ОН) и не се насочени против трети земји. Официјални цели на вежбата беа борба против меѓународниот тероризам, сепаратизмот и екстремизмот, како и за подобрување на заедничката борбена подготвеност против новите закани. Друга цел на овие вежби е да се промовира

[125] Пошироко во: http://www.china.org.cn/english/international/100516.htm (Посетен на 10.04.2012 год.)

[126] Пошироко во: http://www.nids.go.jp/english/publication/briefing/pdf/2006/092.pdf (Посетен на 10.04.2012 год.)

извозот на оружје од Русија во Кина. Од воено-оперативна гледна точка, Русите, како и Кинезите стекнаа искуство од овие билатерални вежби. Пред официјалниот почеток на вежбите, руските и кинеските воздушни сили веќе беа обучувани заедно. Кинеските вооружени сили, како последица на зголемување на политичката и економската моќ на Кина се во фаза на раст, во големина, како и во амбиција, така што практикуваат команда и контрола на постапките, но исто така и оперативните аспекти, како што се изведување на воздушен напад, ги зајакнаа можностите на кинеските сили. Ако Русија, сепак, смета дека Кина може да се претвори во закана на долг рок, тогаш овие вежби беа, исто така, вредни за рускиот Генералштаб, со обезбедување на увид во тоа како кинеските вооружените сили управуваат и какви се нивните сегашни капацитети. Со тоа официјалните цели на вежбата имаа малку врска со декларираните цели на војната против тероризмот, туку беа ништо друго освен вежба за конвенционална војна, со ангажирање на сите родови, освен нуклеарни сили. Всушност, најверојатните цели на маневрите беа за да му стане јасно на Западниот свет дека Кина и Русија се сметаат себеси надлежни за контролата на азиско-пацифичкиот регион и да оспорат мешање на други земји во нивната сфера на влијание. На воените вежби, рускиот министер за одбрана Иванов изјави дека Русија и Кина иако сé уште без официјални планови би можеле да спроведат заеднички воени вежби на редовна основа.

Во август 2007 год., Шангајската организација за соработка, по главно составена со руски и кинески војници, повторно спроведе големи воени вежби во Кина и Русија, под наслов "Мировна мисија 2007".[127] Воените игри не беа само на територијата на Русија (во близина на градот Чербакул, во регионот на Урал) најпрвин започнаа во првите два дена па потоа да се префрлат на територијата во Кина, односно во северо-западниот град Урумки. Русија и Кина имаа различни мислења за некои аспекти од вежбите во 2007. Со оглед на односите на силите, Кина повеќе од еднаш за време на консултациите ја притискаше Русија да прифати поголем кинески контингент. Иако Русија се согласи на ова, таа не се согласи со кинеското барање за учество со тенкови и друга тешка опрема, со цел да се задржат операциите на линиите на планираното антитерористичко сценарио.

[127]Пошироко во: http://www.clingendael.nl/sites/default/files/20070900_cscp_paper_haas.pdf (Посетен на 10.04.2012 год)

Имаше одредена спротиставеност помеѓу Русија и Кина со можното вклучување и на другите земји членки во Организацијата на договорот за колективна безбедност (CSTO)[128]. Рускиот Генералштаб (CGS), генерал Јуриј Балујевски, сакаше овие вежби да бидат заеднички помеѓу земјите членки во Шангајската организација за соработка (SCO)[129] и земјите членки во Организацијата на договорот за колективна безбедност (CSTO), но неговиот кинески колега ова го одби. Како резултат на ова кинеско отфрлање, придонесот на земјите кои беа од CSTO во маневрите остана ограничен за разлика на земјите членки односно набљудувачи. Кина за разлика од Русија е заинтересирана за зајакнување на воената компонента, но без вклучување на земјите членки во CSTO. Ова веројатно, го објаснува и доцнењето на Меморандумот за разбирање помеѓу SCO и CSTO, пропагиран од страна на Русија, но внимателно и неодлучно разгледуван од страна на Кина. Дополнителна разлика беше во односот помеѓу Кина и другите земји учеснички во SCO кои учествуваа во веоените вежби за соло воена акција на Кина. На пример, сите учесници на воените игри освен Кина употребуваа муниција, оружје и опрема обезбедени од страна на Русија. Кина, користеше свои резерви на муниција и материјал. Беше нејасно зошто кинеските сили не беа подготвени или не сакаа да користат руски воени средства потребни за вежбите.

Вежбите на SCO "Мировна мисија" од 2005 и 2007 год., покажаа дека SCO има две водечки нации, кои јавно соработуваа интензивно, но зад завесите често беа вклучени во борбата за власт. Во прилог на горе спомenатата заеднички руско-кинески воени вежби, двете земји, исто така, спроведуваат еднострани воени игри, кои во сценаријата иако можеби не јавно другата страна ја сметаат како можен противник. Во јули 2005 год., руските воени сили ги спроведоа вежбите од командно место "Восток-2005" во регионот на Далечниот Исток.[130] Овие воени игри беа фокусирани за спротивставување на евентуална закана од страна на сепаратистички, радикални, религиозно-национални движења и меѓународни групации. Една од главните цели на вежбата беше координација на акција меѓу силите на руското Министерство за одбрана (МО) силите и трупите на другите органи за спроведување на законот,

---

[128] Пошироко во: http://www.odkb.gov.ru/start/index_aengl.htm (Посетен на 10.04.2012 год.)

[129] Пошироко во: http://www.sectsco.org/EN123/ (Посетен на 10.04.2012 год)

[130] Пошироко во: http://sputniknews.com/russia/20050718/40923667.html (Посетен на 10.04.2012 год.)

т.н. "моќни министерства", како и ФСБ (руската Федерална служба за безбедност)[131], Министерството за внатрешни работи[132] и Министерството за вонредни ситуации.[133] Со оглед на акцентот на акцијата од страна на моќните министерства, руските вооружени сили учествуваа со само 5.000 војници, каде што другите органи за спроведување на законот ангажираа 14.000 сили. Интересен е уште еден суштински аспект на вежбите, а тоа е соработката со слични безбедносни агенции во Кина, вклучувајќи ги и воените сили. Таквата билатералната соработка со Кина беше презентирана како нов концепт на безбедносната политика. Во 2006 год., кинеската т.н. црвена армија (PLA) одржа вежба во својата воена област Шенјанг, која вклучуваше 1,000 километри долг марш на своите војници.[134] Ова сценарио наликуваше на операции, слични на оние кои Кина би можела да ги спроведе ако ја освојува Русија, што ја подигна загриженоста во Москва со целата руската безбедносна елита за тоа како кинеската армија може да планира офанзива против Сибир[135].

Во август 2009 год., кинеските воени сили (PLA) ги спроведоа најголемите воени вежби наречени "Страйде-2009", кои вклучија распоредување на околу 50.000 војници на површина од повеќе илјадници милји за да ја тестира подвижноста на долги растојанија на својата кинеска армија (PLA).[136] Секоја од четирите воени команди со по една армиска дивизија учествуваше во серии на вежби со боева муниција во траење од два месеци. За разлика од претходните годишни вежби, кинеската воена дивизија и својата воздушна поддршка беа распоредени во непознати области со цивилен железнички и воздушен сообраќај, кои се далеку од базите одредени за вежбање. Една од главните цели на кинеската армија (PLA) беше да го подобри својот капацитет за дејство на големи растојанија. Овие големи воени вежби, како и желбата за зајакнување на капацитетот за дејство на големи растојанија на својата армија, несомнено предизвика загриженост во рускиот Генералштаб.

---

[131] Пошироко во: http://www.fsb.ru/ (Посетен на 10.04.2012 год)

[132] Пошироко во: https://en.mvd.ru/ (Посетен на 10.04.2012 год)

[133] Пошироко во: http://en.mchs.ru/ (Посетен на 10.04.2012 год)

[134] Пошироко во: http://www.britannica.com/EBchecked/topic/450626/Peoples-Liberation-Army (Посетен на 10.04.2012 год)

[135] Пошироко во: http://www.strategypage.com/militaryforums/69-29121.aspx#startofcomments (Посетен на 10.04.2012 год)

[136] Пошироко во: http://www.china-defense-mashup.com/stride-2009-pla-50000-troops-kick-off-largest-military-exercise.html (Посетен на 10.04.2012 год)

Во јуни и јули 2010 год., руските вооружени сили ја спроведоа воената вежба "Восток-2010".[137] Овие стратешки воени игри вклучија 20.000 војници односно, четири пати повеќе војници отколку во вежбите во Мисијата "Восток 2005". Исто така беа вклучени воени авиони и воени бродови од три воени единици од Пацифичката флота. Во прилог на подобрување на борбената подготвеност на војската, овие вежби, исто така, беа наменети како претставување на своите воени сили во кинеската јавност, и покрај тоа што не беше јавно кажано, значеше како предупредување до кинеските генерали. Употребата на борбени авиони со голем дострел од Европската Русија до Далечниот Исток, со артилериски напади координирани од беспилотни летала и лансирање на нуклеарни проектили беа посебно наменети да ги импресионираат кинезите но исто така да ја покажат својата сила. Покрај тоа, Русија сфати дека во случај на конфликт со Кина, своите вооружените сили би биле лесно совладани од големиот број на кинески војници. Воените вежби "Восток-2010" беа доказ на претпоставката дека доколку дојде до непосреден конвенционален пораз на руската армија, Кремљ ќе биде принуден да употреби нуклеарно оружје против кинеските вооружените сили. Исто така, рускиот генерал (CGS) Николаи Макаров призна дека вежбите беа насочени кон обезбедување на сигурност и заштита на националните интереси на државата на границите кон Далечниот Исток против непријателите. Воените игри со воздушни и копнени сили "Восток-2010" во близина на Хабаровск и Чита немаа никаква смисла освен како одговор на сила што би им се заканувала на територијалниот интегритет на Источен Сибир и на Далечниот Исток. Само кинеската армија има способност на удар толку длабоко во руска територија. Еден руски извор, дури и отиде толку далеку што тврдат дека "Восток-2010" има за цел да се даде до знаење на Кина до каде се границите на нивната експанзија на рускиот Далечен Исток. Воените игри биле, наводно, исто така, да се покаже дека т.н. "стратешко партнерство" во последните дваесет години помеѓу Москва и Пекинг и полека го изгуби своето значење во очите на Кремљ, бидејќи тоа само ја ослабнало економската и политичката положба на Русија во Далечниот Исток и во Источен Сибир. На вежбите, претседателот Медведев потврди дека ваквите видови на воени игри требаше да покажат дека Русите се способни за

[137] Пошироко во: http://sputniknews.com/analysis/20100707/159728960.html (Посетен на 10.04.2012 год)

решавање на проблеми во Азиско-Пацифичкиот регион, со примена на воени средства.

Односите на НР Кина и Русија во последните години се движат во различен правец. Руско-кинеските односи, како никогаш досега, не биле толку позитивни. Меѓусебниот интерес во секторот на енергетиката и наоружувањето прави да се надополуваат-Русија како добавувач, НР Кина како купувач. Исто така, овие две земји спорот околу границите го оставаат позади себе и се здружуваат да би го спречиле ширењето на американската моќ како и нејзиното мешање во нивните внатрешни работи. Русија настојува да биде главен извор од кој НР Кина ќе ја набавува воената технологија и опрема. Бидејќи и двете држави се постојани членки на Советот за безбедност на ОН, се имаат усогласено околу пристапите за решавањето на неколку клучни прашања по меѓународната безбедност. На тој начин го имаат блокирано воведувањето на санкции за Иран, Бурма и Зимбабве и се активни противници на разместувањето на американскиот анти-ракетен штит бидејќи сметаат дека со тоа САД создава нестабилност и покажува презир спрема нивните поединечни национални интереси.

Еден од облиците на партнерска соработка[138] на НР Кина и Русија е заедничкото (заедно со земјите од Централна Азија) создавање на Шангајската организација за соработка (SCO) и организирањето на мултилатерални воени вежби под покровителство на SCO. Шангајската организација за соработка (SCO) претставува меѓународен сојуз кој се состои од 6 земји-членки (Кина, Казахстан, Русија, Киргистан и Таџакистан) и 5 набљудувачи. Таа е основана на 26 април 1996 год., во Шангај, организацијата првично беше наречена (Shanghai Five) и нејзината задача беше демилитаризацијата на границата помеѓу Кина и поранешниот СССР. Во 2001 год., во организацијата се приклучува и Узбекистан, Монголија доби статус на набљудувач во 2004 год., Иран, Пакистан и Индија станаа набљудувачи во 2005 год., и истата год., беше потпишан и меморандумот за разбирање и со Заедницата на независни држави.

Во 2008 год., беа приклучени две земји (Шри Ланка и Белорусија), а во 2012 год., се приклучува и Турција во Организацијата, кои ќе учествуваат во неа

[138] Mitchell D. J. (2007). „China and Russia: The China Balance Sheet in 2007 and Beyond", The Center for Strategic and International Studies, Washington, p. 133

но како дијалог партнери односно државите ќе ги споделуваат целите и принципите на (SCO) и ќе остваруваат еднакви взаемни односи кои ќе придонесат на корисна соработка со Организацијата, во согланост со член 14 од Повелбата на (SCO) од 07.07.2002 год., Иако присуството на Шангајската организација за соработка постои во светот, сепак експертите сметаат дека сеуште не е доволно силна, што е спротивно на нејзината целосна ангажираност на претстојните форуми на кои се отвараат дискусии од областа на трговијата и безбедносните прашања, вклучувајќи и борбата против тероризмот и трговијата со дрога.

Ваквата организација составена од Кина, Русија, Казахстан, Киргистан, Таџикистан и Узбекистан беше пред сè формирана како градење на доверба и заеднички механизам не само за решавање на меѓуграничните спорови во 2005 год., дури јавно го повика Вашингтон да постави временска рамка за повлекување на своите воени бази во Централна Азија, и со тоа започна и постепено притискање за напуштање на американските сили од територијата на Азија. Како одминуваа годините на нивната меѓусебна поврзаност така и полето на соработка беше проширено и во воената соработка, размена на разузнавачки податоци и заеднички антитерористички вежби.

Исто така Шангајската организација за соработка го интензивира својот фокус кон Авганистан, играјќи главна улога во меѓународните напори кои би ги предводеле во блиска иднина. Воените експерти истакнуваат дека ваквата организација се појавува како моќен анти-американски бедем во Централна Азија, но има и спротивни мислења дека државите како што се Кина и Русија сепак ја спречуваат организацијата да стане силна и обединета се со цел да не се потврдат ваквите тврдења.

Централна Азија е една од повеќето региони богати со енергија во светот, државите кои се граничат со Каспиското море (Азербеџан, Иран, Казахстан, Туркменистан и Русија) имаат околу 21,4 % од докажаните резерви на нафта во светот и 45 % од докажаните резерви на природен гас во светот.[139] Кина вложува значајни политички и оперативни средства во ваквата иницијатива за да ја

[139] Поширoко во: http://www.caspianstudies.com/basicinfo/caspian%20history.htm

одржи Централна Азија како приоритетна област во нејзините стратешки планови.

Одредени аналитичари сметаат дека и покрај сето ова, од односите на НР Кина со Русија нема да произлезе создавање на некаков формален, оперативен сојуз со кои овие две земји би се спротиставиле на Соединетите Американски Држави ниту пак Шангајската организација за соработка (SCO) би станал воен блок со цел да се урамнотежи Северно атланскиот сојуз (НАТО). Додека пак некои руски аналитичари сметаат дека забрзаниот раст на НР Кина може да се одрази врз политичката и економската безбедност на Русија, а особено се претпазливи во поглед на растечкото влијание кое НР Кина го има во североисточниот регион на Русија. Додека пак ставот на рускиот народ за НР Кина останува прилично негативен. Овде треба да се разгледа малку подетално и кинескиот интерес за Далечно источниот регион на Русија.

Регионот на Далечниот Исток се протега на повеќе од 40 проценти од руска територија и поседува огромни количини на природни ресурси, вклучувајќи дијаманти, злато, јаглеводород, дрвена граѓа и рибарство. Кина се почувствувала привлечена кон Московскиот Далечен Исток откога царска Русија ги презела градовите како што се Хабаровск, Владивосток и други градови од Русија во 19-от век. Во 1858 год., 1860 год., и 1864 год., обично наведени од страна на Кинезите како "нееднакви договори", Кина „и предала" на Русија 1,5 милиони квадратни километри територија, која во денешно време се наоѓа регионот на Приморие и Трансбаикалската област, во јужниот дел на сегашниот рускиот Далечен Исток.[140] Не е изненадувачки, што големи области на Сибир и на Далечниот Исток се сè уште прикажани како кинеска територија во кинеските учебници и мапи. Географски, исто така, градот Владивосток е многу поблиску до Пекинг отколку до Москва. Русија има долга граница со НР Кина, должина околу 4.300 километри. Русија е ретко населена во регионот на Далечниот Исток, со само 8 % од населението на Русија во 2001 год., (помалку од 12 милиони луѓе), но во 2012 год., оваа бројка е намалена за половина на само околу 6 милиони луѓе, што е клучно прашање во Руските односи со Кина. И покрај инвестициите од страна на Кремљ, на пример, во медицинските

[140] H. de Marcel, (2013) *Russian-Chinese Security Relations*: China's Interest in Russia's Far East Region, The Hague: Netherland, str.25.

центри и субвенции за авиобилети, одливот на луѓе од Далечниот Исток продолжува. Меѓу 2002 год., и 2010 год., населението е намалено на 6,3 милиони, од вкупно 140 милиони руско население[141]. Во 2012 год., околу шест милиони Руси живееле во целата провинција Источен Сибир, додека повеќе од 90 милиони кинеско население беше населено во северните провинции на Кина а се граничат со Источен Сибир. Односот на население е 63,000 кинески државјани спрема еден руски државјанин. Само за споредба, дури и мал број на кинески мигранти кои би преминале на територијата на Русија во делот на провинцијата Источен Сибир, може да се случи да доминира кинеската етничката група на рускиот Далечен Исток тоа е, значењето на оваа област, поради демографските вакум на Русите. Всушност, Русија се повеќе се соочуваат со проблемот со илегалната имиграција од страна на кинеското население од северниот дел на Кина. Бројот на кинески имигранти варира многу, но од неколку неофицијални извори се спомнуваат бројки од 100.000 до 4 милиони кинески емигранти кои моментално престојуваат во Русија, иако ваквите тврдења руски политичари несакаат да ги прифатат.[142] Неофицијални руски извори тврдат дека 500.000 кинески емигранти незаконски ја преминале границата со Русија во 2005 год., па доколку ваквиот тренд продолжи, до 2050 год., Русија ќе се зголеми со околу 10 милиони кинеско население, со што ќе стане втора етничка група од вкупното руско население. Во јули 2000 год., рускиот претседател Владимир Путин упати загриженост во врска со вмешаноста на Кина во овој регион на ваквите нелегални преминувања на кинеско население на руска територија, во време кога руската економија бележеше позитивен раст, но соочен со недостигот од руска работна сила, Москва немаше друг избор, па мораше да ги прифати ваквите илегални работници, да ја населат провинцијата на Далечниот Исток.[143] Виктор Ишаjев, претседателски претставник на Путин и регионален гувернер на Далечниот Исток и Хабаровск во 1991-2009 година, во неколку наврати предупреди за "жолта закана", во која тој истакнува дека Кина ја разгледува можноста за анексија на делови на руска територија.

[141] Ibid. 25-26.

[142] Поширoко во: http://abcnews.go.com/International/story?id=82969 (Посетен на 12.04.2013 год.)

[143] Поширoко во: http://atimes.com/atimes/Central_Asia/EL09Ag01.html (Посетен на 12.04.2013 год.)

Во декември 2005 год., рускиот министер за внатрешни работи, Нургалиев, тврди дека нелегалната миграција меѓу другите аспекти претставува и закана по националната безбедност на Русија во провинцијата на Далечниот Исток. Иако Нургалиев не го споменува зборот "кинески" сепак неговите зачестени формални искази се контрадикторни за таквиот развој на настаните, тој најверојатно се однесува на континуираниот прилив на илегални кинески имигранти кои секојдневно се случуваат во овој регион.

Друга можна индикација дека Москва стравува од кинеско одземање на источниот регион на Русија кога Владимир Путин предупреди на социо економската изолација на провинцијата Далечниот Исток од останатиот дел на Русија во декември 2006 год., што ќе претставува сериозна закана за позицијата на Русија во азиско-пацифичкиот регионот и за нејзината национална безбедност. На одржаната седницата на Советот за безбедност на Русија, Путин призна дека претходните мерки не придонесоа до решавање на проблемите со провинцијата на Далечниот Исток, како што се намалувањето на населението, недостигот на транспортот и информациски мрежи, и спречување интеграција на регионот со останатиот дел на Русија.

Исто така, во 2008 год., претседателот Медведев ја истакна потребата да се подигне нивото на индустриското производство и приливот на работници на Далечниот Исток, поради сериозната закана за губење на својата територија.

Во август 2012 год., тогашниот Премиер Медведев повторно предупредува дека владата е спремна да ги заштити своите граѓани во провинцијата на Далечниот Исток од "прекумерна проширување" на луѓето од другата страна на границата.

Во октомври 2010 год., командантот на руската морнарица, истакнува дека Кина ја чувствува како закана, иако во овој случај тоа се однесуваше на територија на арктичкиот регион.

Во 2003 год., Регионалниот претставник на Путин истакнува дека надворешно-трговската размена во регионот на Далечниот Исток е ориентирана само 20% кон Русија, додека 80% оди кон азиско-пацифичките земји. Во регионот Биробиџан, на границата со Кина, руските власти, исто така,

наводно, користат федерални трансфери од буџетот за финансирање на кинески претпријатија. Кинески земјоделци во Биробиџан, кои беа спонзорирани од страна на руските власти, ги продаваат своите земјоделски производи во Кина. Исто така, според кинеската новинска агенција Ксинхуа, во јуни 2010 год., Кина закупила парцели на земјиште во регионите Биробиџан и Хабаровск на кинески земјоделци. Логиката на ова оди во два начина: помеѓу 50 и 70 милиони Кинези немаат соодветно земјоделско земјиште, а Русите не сакаат да работат во поранешните колективни фарми. Еден извор тврди дека Кина намерно ја промовира миграцијата на своите граѓани во руската провинција Далечниот Исток, која може да има последица со текот на годините на до 2025 год., би можело да се зборува за кинески Сибир. Друг извор тврди дека кинеските доселеници во Русија не се дојдени спонтано, но како една специфична форма на движење на работна сила која им служи на протокот на стоки а тоа е, прекуграничниот проток е стимулиран од самите кинеските власти. Исто така, кинеските претприемачи ја презедоа контролата на неколку компании со монопол во снабдувањето со храна, што доведува до заклучок дека рускиот Далечен Исток наскоро ќе стане економски зависен од Кина. Локалните кинески, наместо руските власти, прават калкулации околу иднината на покраината на Русија. Претседателот Медведев, исто така, отворено призна дека Далечниот Исток мора да се справи со огромни инфраструктурни проблеми, принудувајќи го Кремљ да соработува со кинеската провинција Хеилонгјнг во корист на руската провинција на Далечниот Исток. Дури и повеќе зачудувачки фактот дека, Кина има инвестирано три пати повеќе отколку во регионите на рускиот Амур и Биробиџан отколку што Москва има инвестирано. Москва со тоа постепено ја губи својата контрола на провинцијата на Далечниот Исток, не само поради поголемата учество на Кина во регионот, туку и поради фактот што руските власти манифестираа акти на сепаратизам со одржување на даночните приходи и поддршка на локалните кинескиот економски активности. Исто така не беше незамисливо дека напливот на кинески имигранти беше повеќе од случајност, но планираната политика беше насочена од Пекинг се со цел да го зголеми своето влијание постепено со текот на времето на овој руски регион. Причините за ваквата политика на населението беа можеби и да се создаде претекување простор за кинески државјани од густо населените региони во

Кина, но, исто така, да се здобијат со политички и економски основи во руската провинција на Далечениот Исток, која е богата со извори на енергија. Зголемувањето на свеста се зголеми и во Москва со потребата да се спречи ваквиот зафат на Кина. Ова сознание беше ставено во формални приоди на политиката, иако не беше отворено споменувано како цел да се спротистави на кинеското влијание.

Современата руска политика сака да развива добри односи со НР Кина, како што сака да ги развива и со сите свои соседи, врз принципот на еднаквост и почитување на сувереноста и територијалниот интегритет. Двете страни веќе пронаоѓаат заеднички економски (трговија, руски суровини за кинеските производи) и политички интереси (меѓусебна поддршка околу Тајван и Чеченија, принципот на територијалниот интегритет на двете држави, спротивставување на сепаратизмот и самоопределувањето на одредени малцинства во Русија и во НР Кина). Дали односот со НР Кина ќе има различен карактер од односот со останатите соседи ќе зависи од тоа дали НР Кина ќе побара од Русија да ја игра улогата на помал брат. Успехот на можното стратешко партнерство ќе зависи од тоа. НР Кина не би смеела да побара од Русија директно да и ја признае водечката улога, иако на НР Кина денес веќе и објективно и припаѓа улогата на постар брат во можното кинеско-руско партнерство. Тоа мора да биде вистинско партнерство, засновано на отвореност и со точна поделба на улогите на секоја држава во тоа партнерство. Русија би требала да биде гарант за безбедноста и дејствувањето кон Европа, а НР Кина да биде главниот експонент на дејствување на азискиот и пацифичкиот простор.

Односите на Русија и НР Кина се развиваат во согласност со руската намера за создавање на добри и пријателски односи со соседите. Со таквата намера доаѓа до решавање на спорните прашања околу границите, и двете страни настојуваат да ги попречат сите оние тврдења кои едни или други земји ги покажуваат како опасност или закана. Иако во Русија сеуште има стојалишта според кои во иднина НР Кина би можела да биде најголема опасност за руските интереси, сепак преовладува верувањето дека соработката со НР Кина е во интерес за Русија, и дека на тој начин може да се создаде позиција за некое ново место за Русија во центарот на светскиот поредок.

Брзиот развој на кинеското производство ги отвора шансите за развој на трговијата, која е особено значајна во пограничните делови на двете земји. Во исто време, Сибир и рускиот далечен исток поседуваат богати извори кои се потребни на кинеската индустрија. Преку АПЕК и билатералните односи НР Кина помага за развојот на тие делови од Русија, на тој начин ширејќи ги целокупните економски и трговски односи.

Наместо некогашните односи, втемелени на идентичната идеологија на марксизмот-ленинизмот, денешните руско-кинески односи се развиваат на прагматични интереси и потреби за двете земји. Тие ги сфаќаат вредностите на меѓусебните односи, како поради своите интереси така и поради меѓународните. И во едниот и во другиот случај соработката може да помогне за унапредување на нивните меѓународни улоги.

Руската политика истакнува дека взаемните односи со НР Кина сака да ги гради врз основа на еднаквост и почитување на суверените интереси, како и врз заложбата за поправеден и демократски свет. Мултиполарноста и за двете земји е темел за новите односи (после студената војна). Со новите услови ниедна земја не смее да биде водич и сите тенденции кои би воделе кон униполарност на светот се исто така недозволени. Кон ова НР Кина ја додава потребата на градење односи во новиот светски поредок втемелен на пет начела на мирољубива коегзистенција, како и барањето за замена на хегемонијата и силната политика со почитување на суверените права на сите држави без разлика на нивната големина, сила и позиција.

Заедничките погледи доаѓаат до израз во стојалиштата кои се однесуваат на решенијата околу регионалните конфликти, како и околу кризите. Во целата низа на политички, економски, територијални, национални, етички судири двете земји опасноста ја гледаат во својата сигурност. Тоа посебно доаѓа до израз кај Русија, која е соочена со бројни кризи на територијата на поранешниот СССР, а некои од нив можат многу лесно да преминат и на нејзината територија (Чеченија). На меѓународно ниво, руската и кинеската политика за решавање на кризите-од блискоисточните, потоа од оние во поранешна Југославија, Африка, или на подрачјето на Југоисточна Азија-секогаш бараат да се употребуваат мирољубиви средства, да се поттикнува дијалогот, преговорите и консултациите. Тие се против механизмите на

регионалните организации, а во случај на дејствување на UN посакуваат целосна контрола на операцијата бранејќи се од употреба на воена сила.

Руската страна ја поддржува НР Кина околу прашањата за Тајван, и исто така е одлучна против искористувањето на прашањата за човековите права како средство за притисок. Руската политика ги отфрла таквите обиди, тврдејќи дека тоа е мешање во внатрешните прашања.[144] НР Кина за возврат ги поддржува руските тези околу ширењето на НАТО, а за Чеченија смета дека се работи за руски интерен проблем. Таквите заеднички стојалишта се во склад со надворешната политика сакајќи да ја покажат можноста за сопственото дејствување. Лесно може да се претпостави дека руската политика, која и нема и некој преголем избор за партнер, ќе продолжи со спроведување на таквата политика, гледајќи во НР Кина стратешки партнер на кого таквата политика, исто така, му одговара.

[144] Enyan, S., A (1997) „Tentative Analysis of the Development of Sino-Russian Strategic Partnership and its Realistic Foundation", International Strategic Studies. No. 2. p. 28.

**Заклучок**

Генерално, можеме да заклучиме дека односите помеѓу трите највлијателни сили претставуваат интересен склоп на геополитичко и геоекономско надмудрување кое неретко низ историјата завршувало и со воени конфронтирања. Современиот геополитички пристап е далеку пософистициран и претежно базиран на геоекономските инструменти на геополитиката. Од тој аспект, правилното согледување на геополитичките тенденции на глобалната сцена, може во голема мерка да помогнат во позиционирањето на државите во било кој регионален геополитички контекст. Современите геополитички односи, кои го обликуваат новиот светски геополитички поредок, се резултат на делувањето на актерите на поредокот и процесите кои се случуваат во современиот поредок. Современите геополитички односи на азискиот континент и инволвираноста на Русија и САД, укажуваат дека геополитиката игра круцијална улога во дефинирањето на односите помеѓу триаголникот Русија-Кина-САД. Заедничко и за Русија и за САД, анализирајќи го историско-геополитичкиот контекст, претставува интенцијата за зближување и затоплување на односите со Кина. Во ситуацијата на САД, може да се детерминира голема недоверба кон големиот економски подем на Кина. Иако одредени кинески стратези таквиот подем го интрепертираат како мирољубив, сепак сомнежите на САД, исто така, произлегуваат од интензивната и плодна соработка на Кина со Русија. Оттука, главните геополитички ангажмани се насочени кон контролирање на кинескиот подем и создавање балансирани односи помеѓу азиските регионални сили. Исто така, се зголемува присуството американски воени сили превентивно распоредени на австралискиот континент за стекнување на подобра контрола на светската моќ.

И понатаму во иднина светскиот поредок ќе биде одредуван спрема дејствувањето на водечките светски моќни сили. Пред сè тоа го сочинува мирновременото и коегзистенцијалното функционирање на светскиот поредок, кој пред сè се состои од акомодација на интересите и обидите за нехегемонско и мултиполарно дејствување, кое нема да предизвика анти-хегемонски и анти-освојувачки реакции. Одговорноста за иднината на светскиот поредок, ќе ја понесат САД поради можноста за дејствување како единствена светска

суперсила. Но, освен САД, одговорност сносат и другите учесници велесили, регионални сили и останати држави кои имаат способност да ги заострат односите на глобално ниво поради своите специфични геостратешки позиции или поради своја геополитичка положба.

Споменатите заклучоци ќе ги елаборирам во следните точки:

1. Главен предуслов за настанувањето на новиот светски геополитички поредок беше рушењето и дезинтеграцијата на геополитичкиот поредок од периодот на Студената војна, која доведе до геополитичка транзиција. Геополитичката транзиција беше брза и доведе до настанување на новиот светски геополитички поредок, променувајќи ги односите на врвот на светската моќ;
2. Условите за развојот на новиот светски геополитички поредок се наоѓаат на политичкото, воено-безбедносното, економското, општественото и техничко-технолошкото поле;
3. Најважните актери на современиот геополитички поредок и понатаму се суверените држави. Значењето на државите како актери на светскиот геополитички поредок и понатаму е најголемо, меѓутоа значењето на останатите актери се зголемува под влијание на современите процеси;
4. Преку своето меѓусебно дејствување, актерите и процесите ги обликуваат современите геополитички и меѓународни односи;
5. Најголемите светски центри на моќ во новиот светски геополитички поредок се САД (најголем центар на моќ воопшто, воен, политички и економски џин), Кина (економска и политичка велесила), Русија (воена и политичка велесила, економски недоволно закрепната од Студената војна);
6. Меѓународната научна јавност испитува значајни геополитички промени кои би можеле да влијаат на идната глобална енергетска безбедност, енергетското снабдување и побарувачката. За западот од големо значење се Руско-Кинеските односи. Двете нуклеарно моќни сили би можеле да го загрозат глобалниот мир и безбедноста а со тоа да се начнат и западните безбедносни прашања;
7. САД е неприкосновено најголема светска сила, суперсила без конкуренција во историјата. Политиката на САД на сите полиња на

односи во светот, најсилно ќе го обликува светскиот поредок и глобалните геополитички односи. Американската политика има бројни и длабоки интереси во светот, па мора да применува различни средства за нивно остварување. Притоа таа формира бројни непријатели и незадоволни страни. Клучното прашање во американската надворешна политика ќе биде нејзиното базирање на униполаризмот или на мултиполаризмот;

8. Кина е светска велесила која е во нагорна линија, која се обидува да излезе на светската сцена колку што може повеќе. Истовремено е најсилна држава во својот регион и во цела Азија, што предизвикува загриженост кај соседите. Економскиот развој и политичката моќ на Кина стануваат сè посилни и влијаат на тоа да НР Кина денес веќе се издвојува како стожерна држава во геополитичките регион на Источна Азија па и пошироко во светот;
9. Русија денес е под големи притисоци од ЕУ поради воените случувања на Украинската територија и несогласувањата за гасоводот „Јужен тек“. Преку рускиот гас, Москва настојува да има клучна улога во Европа, односно да го реализира концептот на евроазијство. По сенак, своето место на геополитичката сцена и воедно спас за своето население го бара преку своите инвестициски вложувања како на своја територија така и во НР Кина. Со снабдувањето на енергенси преку својата територија кон НР Кина, Русија добива поголем респект во меѓусебните геополитички односи. Оттука, нејзиното партнерство со НР Кина оди во позитивна насока додека релацијата со САД засега не дава некои поголеми резултати.

Земајќи ги во предвид сите предности и опасности на политичко, економско, воено и културно наследство, НР Кина води политика на брз економски раст и подобрување на материјалните услови за живот заради остварување на политичка и социјална сигурност на кинеското општество. Остварувањето на ваквата цел е делумно и привремено, а конечниот резултат зависи најпрво од тоа колку вешто ќе продолжи да се движи кинеското лидерство помеѓу двете спротивности: затворениот политички систем и потребата за одржување на отворена економија. Доколку продолжи сегашниот економски развој и доколку

Кина продолжи со мирољубивиот однос кон надворешниот свет, влијанието на идеолошките и националните фактори постепено сѐ повеќе ќе ослабува, што ќе доведе до поместување на одлучувачкиот фактор кон најновите, либерални генерации на кинеските лидери. Постепената и мирната транзиција кон демократија, сигурно е желба на поголемиот број жители на НР Кина, но и на светот со кој е опкружена. Не треба да се заборави и тоа дека денешната НР Кина, заради сите промени кои и се случиле, е "еднопартиска држава која неколку пати има судири со своите соседи а од скоро своите тенкови ги сврте кон сопствениот народ". Сепак, најважниот напредок на кинеската држава и се случува благодарение на практиката и размислувањата на самите жители на Кина. Политичкото раководство на Кина, кое сѐ уште може да се гордее на својата речиси апсолутна контрола, постепено ја открива граѓанската одговорност особено на изборите на локално ниво. Долготраен е патот до граѓанско општество, кој е тукушто започнат, а првите резултати се веќе видливи и тоа на многу важна област за светската заедница, а тоа е подрачјето за заштитата на животната средина. Со завршувањето на Студената војна и распадот на Советскиот Сојуз завршува и времето на стратегискиот триаголник. Ова, сепак, не значи дека светот може да ги заобиколи кинеските стремежи и барања на меѓународната сцена. Со тоа што НР Кина станува сѐ посилна и поприсутна може да стане или дел од новиот мирољубив светски состав или пак со своето дејствување да го наруши неговото понатамошно јакнење, поради дејствија од воена природа како на пример во Тајванскиот теснец, на југот или истокот на Кинеското море и централна Азија, или поддржувајќи ги непријателските режими, продажбата на оружје и поттикнувањето на неговата пролиферација, неуспехот да се усогласат со светскиот трговски систем, или ставајќи го светот на работ на еколошка катастрофа. Решението на надворешно-политичката дилема на Кина зависи од внатрешно-политичките движења, но и од спремноста на останатите актери од меѓународната сцена да ја прифатат Народна Република Кина како свој партнер а не како нивни ривал.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Милески, Т. (2005) „Македонија Рубикова коцка на Балканот", Скопје, Филозофски факултет.
2. Милески, Т. (2000) „ Поимно определување на политичката географија и нејзиното место во светската академска практика", Скопје, Филозофски факултет.
3. Милески, Т., (2010) „Концепти на светски геополитички поредок", Скопје, Безбедносни Дијалози.
4. Милошевиќ, М. (2001) „Систем државне безбедности",Београд, Полициска академија.
5. Котовчевски, М. (2000) „Национална безбедност на РМ", трет дел, Скопје, Македонска цивилизација.
6. Котовчевски, М. (2004) „Борба против тероризмот", Скопје, Македонска цивилизација

7. Jelacić, A. (1929), „Istorija Rusije", Beograd, Srpska knjizevna zadruga,
8. Blinnikov, M. (2011) „A Geography of Russia and I its Neighbors", New York, London.

9. Brzezinski, Z., (1999) *Velika šahovska ploča*: američki primat i njegovi geostrateški imperativi, HUMS i Interland, Varaždin.
10. Cvrtila, V. (2000), Dekonstrukcija geopolitičkog poretka na primjeru pseudodržava, *Politička misao*, vol. XXXVII, br.2.
11. Čehulić, L. (2001.), *Clinton i novi svjetski poredak*, Politička kultura, Zagreb.
12. Pavi}, R. (1973) Osnove op}e i regionalne politi~ke geografije, geopolitike I geostrategije (I i II dio). Zagreb: Sveu~ili{te u Zagrebu.
13. Vukadinović, R. (1998.), Izazovi novom svjetskom poretku, *Politička misao*, vol. XXXV, br. 2.
14. Vukadinović, R. (2001) Amerika u novom svjetskom poretku, *Medunarodne studije*, vol. I, br. 2-3.
15. Vukadinović, R. (2001.), *Medunarodni odnosi od hladnog rata do globalnog poretka*, Agencija za komercijalnu djelatnost, Zagreb.
16. Jurišić, K. (1999.), Pola stoljeća Narodne Republike Kine, *Politička misao*, vol. XXXVI, br. 3.
17. Хардинг. Х.: *Обраћање Одбору за Спољне Послове Сената*, Вашингтон, 2008.
18. Карло, Ж. и Савона, П. (*2007) „Выводы: Геоэкономика как инструмент геополитики"*.
19. Дугин, А. (2004) „Основи геополитике 1". Геополитчка будућност Русије. Зрењанин: Екопрес.

20. Avijucki, V. (2009) Kontinentalne geopolitike. Beograd: CLIO.

21. Glassner, M. I. (1995). *„Flexible Districts, Flexible Regions?*, Cultural Limits to *Districts* in an Era of Globalization and Technological Paradigm Shifts", in Amin and Thrift.

22. Parker, G., (1998.). *Geopolitics: Past, Present and Future.*, London: Pinter.

23. Cohen, S. B. (1994.), Geopolitics in the New World Era: A New Perspective on an Old Discipline, u: Demko, G. (ur.), Wood, W. (ur.), *Reordering the World: Geopolitical Perspectives on the Twenty-first Century*, Westview Press, Boulder, Colorado.

24. Kissinger, H. (2001), *Does America Need a Foreign Policy?*, Simon & Schuster, New York, Toronto, Sydney.

25. Financial Times, *Lefarge Aims to Double Investment in China*, (2005)

26. Joshua E., Eric. H., E. H., Derek M. (2007), *China and the Developing World*, Beijing's Strategy for the Twenty-First Century

27. Čehulić, L. (2001) „Posthladno ratovski odnosi SAD-a i Kine", *Međunarodne studije*, vol.I, br. 2-3.

28. Michael D. S., Sara A. D., Peter W. G. (2000), Interpreting China's Grand Strategy, Past, Present and Future.

29. Harrold, S., Nader A. (2012)., China and Iran: Economic, *Political and Military Relations.*

30. Locatelli N., (2011) Obama and China: 21st Century containment in three moves HEARTLAND Euroasian Review of Geopolitics,

31. Center for Strategic and International Studies, *A Smarter, more Secure America*, Report of the CSIS Commission on Smart Power, Washington, 2007

32. Taishan, Z., New Development in Japan-US Military Relationships, International Strategic Studies, 1997., br. 4.

33. Yimin, S., Sino-Russia, Russia-US Relations and Interacting among the Three, International Studies,1997., br.9.

34. Evangelista, M. (1986) „The New Soviet Approach to Security" World Policy Journal, Vol. 3, No. 4

35. Paramonov. V. Strokov A., (July 2006) Russia and Central Asia: Current and Future Economic Relations, Conflict Studies Research Centre

36. Lobsang Nyandak Z Tibet and the tibetan people's struggle, 10 March Statements of His Holiness the Dalai Lama 1961-2005.

37. Korzhubaev, A. and Eder, L. (2011) Oil industry of Russia. Burenie i neft, No. 4, 2011.

38. Mitchell D. J.,( 2007). *China and Russia: The China Balance Sheet in 2007 and Beyond*,

39. H. de Marcel, (2013) *Russian-Chinese Security Relations*: China's Interest in Russia's Far East Region, The Hague: Netherland.

40. Enyan, S., A (1997) Tentative Analysis of the Development of Sino-Russian Strategic Partnership and its Realistic Foundation, International Strategic Studies. No. 2.,

41. http://www.clingendael.nl/sites/default/files/2017_rc_securityrelations.pdf
42. http://www.britannica.com/EBchecked/topic/27566/Anti-Ballistic-Missile-Treaty-ABM-Treaty
43. http://www.financialsense.com/contributors/chris-puplava/statistical-review-of-world-energy-2007-part-1
44. http://temi.repubblica.it/limes-heartland/obama-and-china-21st-century-containment-in-three-moves/1888
45. http://www.sbs.com.au/news/article/2014/06/16/comment-have-you-hugged-concrete-pillar-today
46. http://marketrealist.com/2013/11/flat-us-oil-consumption-benefit-product-tankers/
47. http://irkutskoil.com/section_29/section_31
48. http://articles.latimes.com/2001/sep/09/news/mn-43836
49. http://www.cnpc.com.cn/en/aboutcnpc/aboutcnpc_index.shtml
50. http://www.danas.org/archive/news/20081025/500/500.html?id=1335726
51. http://www.gazprom.com/about/production/projects/pipelines/altai/
52. http://www.ogj.com/articles/print/volume-108/issue-12/general-interest/russia-plans-to-start-extending-espo-crude-oil-pipeline-in-2011
53. http://www.energetika-net.com/vijesti/energetsko-gospodarstvo/kini-ruska-nafta-u-iducih-20-godina-6240
54. http://rt.com/business/rosneft-double-oil-supplies-china-237/
55. http://www.en.transneft.ru/about/
56. http://www.culturalsurvival.org/take-action/russiachina-pipeline-threatens-sacred-highlands/background-information-russiachina-stop
57. http://thediplomat.com/2010/04/why-china-snubs-russian-arms/2/
58. http://www.sldinfo.com/analyzing-peace-mission-2014-china-and-russia-exercise-with-the-central-asian-states/
59. http://rostec.ru/en/news/1118
60. http://www.counterwmd.gov/files/CDA%2011-14-2006.pdf
61. http://www.wsj.com/articles/SB10001424052748704679204464726556988
62. http://www.china.org.cn/english/international/100516.htm
63. http://www.nids.go.jp/english/publication/briefing/pdf/2006/092.pdf
64. http://www.clingendael.nl/sites/default/files/270900_cscp_paper_haas.pdf
65. http://www.odkb.gov.ru/start/index_aengl.htm
66. http://www.sectsco.org/EN123/

67. http://sputniknews.com/russia/20050718/40923667.html

68. http://www.fsb.ru/

69. https://en.mvd.ru/

70. http://en.mchs.ru/

71. http://www.britannica.com/EBchecked/topic/450626/Peoples-Liberation-Army

72. http://www.strategypage.com/militaryforums/69-29121.aspx#startofcomments

73. http://www.china-defense-mashup.com/stride-2009-pla-50000-troops-kick-off-largest-military-exercise.html

74. http://sputniknews.com/analysis/20100707/159728960.html

75. http://www.caspianstudies.com/basicinfo/caspian%20history.htm

76. http://abcnews.go.com/International/story?id=82969

77. http://atimes.com/atimes/Central_Asia/EL09Ag01.html

78. http://americanhistory.si.edu/press/releases/virginia-historical-society-takes-innovative-look-jamestown%E2%80%99s-400th

79. http://www.ushistory.org/declaration/related/congress.htm

80. http://www.ushistory.org/us/10e.asp

81. http://www.britannica.com/EBchecked/topic/616563/United-States/77750/Secession-and-the-politics-of-the-Civil-War-1860-65

82. http://skolarbete.nu/skolarbeten/franska-amerikanska-revolutionen/

83. http://www.nationmaster.com/country-info/stats/People/Population-in-2015

84. http://www.eia.gov/electricity/data/browser/

85. http://world.bymap.org/LandArea.html

86. http://www.sbperiskop.net/drustvo/world/americki-holokaust-krvavi-trag-cia-e-od-njenog-osnutka-do-danas

87. http://www.eia.gov/dnav/pet/pet_move_impcus_a2_nus_epc0_im0_bl_a.htm

88. http://www.znanje.org/;/i26/06iv11/06iv1118/istorija.html

89. http://www.culturalchina.com/chinaWH/features/chinaoverview/HistoryofChina.html

90. http://www.chinaknowledge.de/History/Song/song.html

91. http://www.chinaknowledge.de/History/PRC/prc.html

92. http://www.worldometers.info/world-population/china-population/

93. http://oilprice.com/Energy/Energy-General/Why-Oil-and-Gas-in-the-South-China-Sea-Wont-Be-Developed.html

94. http://www.chinability.com/Reserves.htm

95. http://openbudget.karelia.ru/budnord/english/fo_main.htm

96. http://www.imf.org/external/pubs/ft/weo/2009/02/weodata/index.aspx

97. http://gpf-europe.com/context/maps/?id=9838

98. http://blogs.r.ftdata.co.uk/ftdata/files/2012/12/China-GDP-forecast.jpg

99. http://www.eia.gov/countries/cab.cfm?fips=ch

100. http://bittooth.blogspot.com/2012/09/ogpss-chinas-coal-industry.html

101. http://www.nytimes.com/2011/01/03/opinion/03brzezinski.html?_r=0

100. http://www.foreignaffairs.com/articles/64996/elizabeth-c-economy-and-adam-segal/the-g-2-mirage

101 http://www.theguardian.com/world/2011/nov/11/hillary-clinton-asia-pacific-speech

102 http://temi.repubblica.it/limes-heartland/obama-and-china-21st-century-containment-in-three-moves/1888

103 http://www.china-mike.com/facts-about-china/chinese-government-corruption-military/

104 http://www.iaea.org/about/memberstates

105 http://fas.org/nuke/control/npt/